# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 12** **18 јануари 2021, понеделник** **година LXXVII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 173. | **Уредба** за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2021 година ............................... | **2** |
| 174. | **Одлука** за давање на согласност на Годишната програма со финансиски план за 2021 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ...................................... | **16** |
| 175. | **Одлука** за давање согласност на Инвестиционата програма за 2021 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево ........................ | **16** |
| 176. | **Одлука** за давање согласност на Финансискиот план на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2021 година...................... | **16** |
| 177. | **Одлука** за давање на согласност на Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2021 година ............................ | **17** |
| 178. | **Одлука** за давање на согласност на Годишната програма за работата на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2021 година............ | **17** |
| 179. | **Програма** за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2021 година......... | **17** |
| 180. | **Програма** за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2021 година ....... | **19** |
| 181. | **Програма** за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2021 година ......................................... | **20** |
| 182. | **Програма** за фитосанитарна политика во 2021 година ............................ | **22** |
| 183. | **Програма** за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи................................................ | **33** |
| 184. | **Програма** за изградба и реконструкција на средни училишта за 2021 година ......................................... | **38** |
| 185. | **Програма** за основни геолошки истражувања за 2021 година.................. | **38** |
| 186. | **Програма** за заштита на потрошувачите за периодот 2021–2022 година ...................................................... | **38** |
| 187. | **Програма** за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2021 година....... | **44** |
| 188. | **Програма** за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година ... | **50** |

Стр.

189. **Програма** за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2021 година ...................................................... **59**
190. **Програма** за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2021 година.................................................. **61**
191. **Програма** за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2021 година ......................................... **61**
192. **Годишна програма** за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2021 година ..................................... **67**
193. **Програма** за заштита на природата за 2021 година ..................................... **67**
194. **Програма** за управување со водите за 2021 година ..................................... **70**
195. **Програма** колекторски систем Охрид и Струга за 2021 година .............. **73**
196. **Програма** за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2021година ............................. **74**
197. **Програма** за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година.... **75**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**173.**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2021 ГОДИНА

Член 1

**Предмет на уредување**

Со оваа уредба се пропишуваат поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2021 година.

Член 2

**Поблиски критериуми по површина земјоделско земјиште, единица земјоделски производ и грло добиток, висина на директни плаќања**

(1) Поблиските критериуми по површина земјоделско земјиште, единица земјоделски производ и грло добиток, како и висината на директните плаќања во зависност од видот на културата, класата и квалитетот на земјоделскиот производ и видот на добитокот, се утврдуваат по области согласно подмерките утврдени согласно деловите II и III од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година.

(2) Поблиските критериуми во растителното производство од дел II од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година по површина земјоделско земјиште, единица земјоделски производ и висината на директните плаќања во зависност од видот на културата се следни:

| Број на подмерка | Име на подмерката | Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања |
|---|---|---|
| 1.1. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури освен за тутунот | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои во производната 2020/2021 година имаат засеани и ожнеани површини со следните култури: пченица, јачмен, пченка, `рж, овес, ориз, тритикале, хељда, сирак, просо, хмељ, лен, леќа, кикирики, соја, сончоглед, маслодајна репка, добиточна репка, афион, шеќерна репка, памук, анасон, фацелија, граор, еспарзета, добиточен грашок и наут (слануток), за засеана или одржувана површина со луцерка.<br><br>-Минимум засеана површина збирно за сите култури е 0,5 ха во производната 2020/2021 година;<br><br>-Висината на директните плаќања за пченица, јачмен, пченка, `рж, овес, тритикале, хељда, сирак, просо, хмељ, лен, леќа, кикирики, соја, сончоглед, маслодајна репка, добиточна репка, шеќерна репка, памук, анасон, фацелија, граор, еспарзета, добиточен грашок, наут (слануток) и за засеана или одржувана површина со луцерка изнесува 12.000 денари по хектар, односно 14.400 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 5 хектари до максимум 50 хектари со задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хектар;<br>-Висината на директните плаќања за ориз изнесува 25.000 денари по хектар, односно 30.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 5 хектари до максимум 50 хектари со задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хектар;<br>-Висината на директните плаќања за афион изнесува 16.000 денари по хектар, односно 19.200 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 5 хектари до максимум 50 хектари со задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хектар;<br>-Табелата за минимално употребената количина на семе по хектар е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на оваа уредба;<br>-Висината на директните плаќања за сите наведени култури согласно алинеја 1 од оваа подмерка изнесува 6.000 денари по хектар, освен за сончоглед и афион каде изнесува 8.000 денари по хектар и за ориз изнесува 18.000 денари по хектар без задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал;<br><br>-Висината на поддршката од алинеите 3, 4, 5 и 7 од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,5 ха до 50 ха 100%, од 50 ха до 100 ха 60%, и над 100 ха 30% збирно за сите култури. |
| 1.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со големина од 5 до 50 хектари | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои во производната 2020/2021 година имаат засеани со сертифициран материјал и ожнеани површини со поледелски култури со пријавена површина од 5 до 50 ха збирно за следните култури: јачмен, пченица, рж, овес и сончоглед, а се корисници од подмерка 1.1. на оваа уредба;<br><br>Оствареното производство да е продадено во преработувачки капацитети вклучително и произведените жита за потребите на сопствениот преработувачки капацитет, а запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи;<br><br>-Висината на поддршката е условена со остварени просечни приноси над: 4.000 кг/ха за пченица, 3.000 кг/ха за јачмен, 3.000 кг/ха за `рж, 3.000 кг./ха за овес и 1.500 кг./ха за сончоглед;<br><br>-Висината на директните плаќања за засеана површина со сертифиран семенски материјал од јачмен, пченица, рж, овес и сончоглед изнесува 5.760 денари по хектар. |

| | | |
|---|---|---|
| 1.3. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со сончоглед | - Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат засеани и ожнеани површини со сончоглед и се корисници од подмерка 1.1. на оваа уредба;<br>-Висината на директните плаќања за засеани површини со сертифициран семенски материјал од сончоглед изнесува 3.000 денари по хектар. |
| 1.4. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарско производство и цвеќе на отворено и во пластеници | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засеани и ожнеани површини со следниве градинарски култури: домати, пипер, лубеница, диња, тиква, грав, боранија, грашок, компир, краставици, корнишони, зелка, кељ, кромид, лук, праз, тиквички, зелена салата, брокула, спанаќ, карфиол, модар патлиџан, морков, целер, цвекло, пашканат, аспарагус, ротквици, цвеќе и засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија и за одржување на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија.<br>-Минимум 0,2 ха засеана површина збирно за сите култури;<br>-Висината на директните плаќања за домат, краставица пипер, компир, цвеќе, корнишони, зелка, кељ, кромид, лук, праз, зелена салата, брокула, карфиол, модар патлиџан, морков, целер, цвекло, тиквички, пашканат, изнесува 30.000 денари по хектар, односно 36.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектари до максимум 5 хектари, а за лубеница, диња, тиква изнесува 6.000 денари по хектар, односно 6.600 денари по хектар за земјоделски стопанства со површина од минимум 1,5  хектар до максимум 5 хектари;<br>-Висината на директните плаќања за грав, спанаќ, боранија, грашок, аспарагус, ротквици и засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија и за одржување на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија изнесува 10.000 денари по хектар, односно 12.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектари до максимум 5 хектари;<br>-Висината на поддршката од алинеја 4 од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,2 ха до 10 ха 100%, од 10 ха до 50 ха 60%, од 50 ха до 100 ха 30% и над 100 ха 10% збирно за сите градинарски култури;<br>-Листата на засеани култивирани  лековити, ароматични и зачински растенија кои се предмет на директни плаќања за алинеја 3 од оваа подмерка е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на оваа уредба.<br>-Листата на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија кои се предмет на директни плаќања за алинеја 3 од оваа подмерка е дадена во Прилог 3 кој е составен дел на оваа уредба. |
| 1.5. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.4. за производство под контролирани услови на домати, пиперки и краставици | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства производители на домати, пиперки и краставици во затворени простории под контролирани услови и се корисници од подмерка 1.4. на оваа уредба;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 99.000 денари по хектар за производство во контролирани услови и производството да е продадено на домашен пазар или остварен извоз во период од 1 јануари до 15 мај 2021 година во следните минимални количини:<br>-за оранжерии кои се загреваат: домати 50.000 килограми по хектар, пиперки 30.000 килограми по хектар, и краставици 80.000 килограми по хектар и<br>-за пластеници кои се загреваат: домати 20.000 килограми по хектар, пиперки 15.000 килограми по хектар и краставици 32.000 килограми по хектар. |
| 1.6. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.4. за градинарски култури предадени во преработувачки капацитети | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засадени површини со градинарски култури и се корисници од подмерка 1.4. на оваа уредба, оствареното производство да е предадено во преработувачки капацитети за зеленчук директно или преку еден регистриран откупувач во период од 26 декември 2020 година до 25 декември 2021 година, вклучително и произведените градинарски култури за потребите на сопствениот преработувачки капацитет,  запишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 3 денари по килограм за сите градинарски култури. |

| | | |
|---|---|---|
| 1.7. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки овошни насади | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат минимум 0,2 ха површина со постоечки овошни насади за секој овошен вид посебно и се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства;<br>-Прифатлив минимален број на овошки по хектар за секој овошен вид одделно е даден во Табела за минимален број на овошки - садници по хектар за постоечки производни овошни насади по овошни видови во Прилог 4 кој е составен дел на оваа уредба;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 41.000 денари по хектар, односно 50.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектар до максимум 5 хектари за јаболко;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 36.000 денари по хектар, односно 42.600 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектар до максимум 5 хектари за: слива и праска;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 33.000 денари по хектар, односно 39.600 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектар до максимум 5 хектари за: круша, вишна, кајсија, цреша, јагода на отворено, малина, капина и боровинка;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 25.000 денари по хектар, односно 30.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка до минимум 1 хектар и максимум 5 хектари за: дуња, мушмула, актинија, маслинка, калинка, јапонско јаболко, смоква, аронија, шип, рибизла, гоџи бери, бадем и лешник;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 15.000 денари по хектар, односно 18.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектар до максимум 5 хектари за: ореви и питоми костени;<br>-Висината на директните плаќања од алинеите 3, 4, 5, 6 и 7 од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа за секој вид одделно: од 0,2 ха до 5 ха 100%, од 5,1 ха до 30 ха 60%, и над 30 ха 30%. |
| 1.8. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.7. за овошни култури предадени во преработувачки капацитет | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засадени површини со следните овошни видови: вишна, малина, капина, аронија, гоџи бери, кајсија, јагода и киви и се корисници од подмерка 1.7. на оваа уредба, оствареното производство на овошје да е предадено во преработувачки капацитети за овошје директно или преку еден регистриран откупувач во период од 26 декември 2020 година до 25 декември 2021 година, вклучително и произведените овошни култури за потребите на сопствениот преработувачки капацитет, запишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 3 денари по килограм. |
| 1.9. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат површини под лозови насади и се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства;<br>-Минималната површина под лозови насади е 0,2 ха, а минималниот потребен број на садници е 1.389 садници по хектар, за лозови насади подигнати до пролет 2020 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 40.000 денари по хектар односно 48.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектар до максимум 10 хектари;<br>-Висината на поддршката од алинеја 3 од оваа мерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,2 ха до 10 ха 100%, од 10 ха до 30 ха 60%и над 30 ха 30% збирно за сите сорти. |

| | | |
|---|---|---|
| 1.10. | Директни плаќања за произведен и продаден необработен тутун од реколта 2020 година | -Корисници на оваа подмерка се физички и правни лица кои своето производство на тутун од реколта 2020 година го продале во регистрирано откупно претпријатие согласно Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи (*);<br>-Висината на директните плаќања изнесува 80 денари по килограм за I класа, 70 денари по килограм за II класа, 60 денари по килограм за III класа, IV класа, I класа и II класа од ориенталските дополнителни тутуни од типовите Прилеп, Јака, Џебел и Басмак. |
| 1.11. | Директни плаќања за производство на домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација за житни, индустриски, фуражни и градинарски култури | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал кои имаат произведен семенски материјал во 2021 година согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и имаат добиено конечни сертификати.<br><br>-Произведен во 2021 година, продаден, како и потрошен за сопствени потреби согласно издадениот конечен сертификат за семенскиот материјал;<br><br>-Минимална прифатлива сертифицирана количина за житни култури (пченица, јачмен и тритикале) е 2,5 тони по хектар пријавена површина;<br><br>-Минимална прифатлива сертифицирана количина за сточен грашок е 1 тони по хектар пријавена површина;<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува 20.000 денари по хектар за прва генерација (Ц1) и 15.000 денари по хектар за втора генерација (Ц2) освен за тутун каде што висината на директните плаќања изнесува 60.000 денари по хектар. |
| 1.12. | Директни плаќања за производство на домашен лозов и овошен саден материјал | -Корисници на оваа подмерка се правни лица запишани во Регистарот на снабдувачи за саден материјал кои имаат произведен лозов и/или овошен саден материјал во 2021 година согласно Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и имаат добиено сертификат за конечно сертифициран саден материјал;<br>-Произведени, продадени, како и потрошени за сопствени потреби домашни лозови и/или овошни садници најдоцна до 30 април 2022 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 30 денари по лозов и 35 денари по овошен садник од категоријата САС (стандарден) саден материјал за произведени и продадени садници, вклучително и садници кои се употребени за сопствени потреби;<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува 35 денари по лозов и 40 денари по овошен садник од повисока категорија на сертифициран саден материјал за произведени и продадени садници, вклучително и садници кои се употребени за сопствени потреби. |
| 1.13. | Директни плаќања за производство на сертифициран посадочен материјал за градинарски производи и цветни култури | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства запишани во Регистарот на снабдувачи на саден материјал со минималниот произведен капацитет од 50.000 млади растенија годишно со сертификат за конечено сертифицирање, материјал за размножување и саден материјал-расад од градинарски растенија и цветни култури и кои имаат произведен и продаден посадочен материјал за градинарски производи и цветни култури на домашен пазар во 2021 година, вклучително и посадочен материјал кој е употребен за сопствени потреби;<br><br>-Цветните култури кои се предмет на директни плаќања за оваа подмерка е дадена во Листа на цветни култури во Прилог 5 на оваа уредба;<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува 2 денари по продадено младо растение, вклучително и посадочен материјал кој е употребен за сопствени потреби. |
| 1.14. | Директни плаќања за производство на млади растенија од цвеќе во инвитро услови | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства запишани во Регистар на снабдувачи на саден материјал кои имаат произведено и продадено младо растение од родот Орхидеи вид Phalaenopsis во инвитро услови во период од 1 јануари до 15 мај 2021 година;<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува 10 денари по продадено младо растение кое е произведено во инвитро услови со микроразмножување и користење на хранливи агарски подлоги кои имаат желатинска структура во соодветни санитарни услови;<br><br>-Максимален број на млади растенија е 615.000 по корисник. |

| | | |
|---|---|---|
| 1.15. | Директни плаќања за производство на предосновен и основен семенски материјал за житни култури | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал и кои имаат произведен и продаден предосновен и основен семенски материјал за житни култури во 2021 година согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија;<br><br>-Висината на директните плаќања за произведен и продаден семенски материјал, вклучително и употребениот за сопствени потреби предосновен семенски материјал изнесува 20 денари по килограм, а за основен семенски материјал изнесува 10 денари по килограм. |
| 1.16. | Директни плаќања за мали земјоделски стопанства дефинирани според историски плаќања за претходните три години | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои се корисници по Програмите за финансиска поддршка во земјоделството за 2018, 2019 и 2020 година и истите не се корисници на останатите подмерки од член 2 ставови (2) и (3) од оваа уредба;<br><br>-Висината на директните плаќања се утврдува како просек од висината на одобрените финансиски средства за директни плаќања по Програмите за финансиска поддршка во земјоделството за 2018, 2019 и 2020 година и тоа за:<br>-за одобрен просек од 0 до 10.000 денари, висината на финансиска поддршка изнесува 10.000 денари,<br>- за одобрен просек од 10.001 до 20.000 денари, висината на финансиска поддршка изнесува 20.000 денари,<br>- за одобрен просек од 20.001 до 30.000 денари, висината на финансиска поддршка изнесува 30.000 денари,<br>- за одобрен просек од 30.001 до 40.000 денари, висината на финансиска поддршка изнесува 40.000 денари. |

(3) Поблиските критериуми во сточарското производство од дел III од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година по грло добиток и висината на директните плаќања во зависност од видот на добитокот се следни:

| Број на подмерка | Име на подмерката | Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања |
|---|---|---|
| 2.1. | Директни плаќања за обележани грла говеда | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда, ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.10.2021 година;<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува 2.800 денари по грло, односно 3.100 денари по грло за земјоделски стопанства со пријавен број на грла за финансиска поддршка од минимум 10 до максимум 50 грла. Бројот на обележани грла се пресметува скалесто и тоа: од 1 грло до 100 грла 100%, од 101 грла до 150 грла 70%, од 151 грла до 300 грла 40% и над 301 грла 20%. |
| 2.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.1. за основни стада за производство на говедско месо | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда и се корисници од подмерка 2.1 на оваа уредба, имаат минимум 30 грла говеда обележани и евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на говеда, и воедно не се корисници на директните плаќања од подмерка 2.3. на оваа уредба;<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.500 денари и се исплаќа за женско грло говедо кое е на возраст од 12 до 24 месеци на 31.10.2021 година. |
| 2.3. | Директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства – производители на кравјо, овчо и козјо млеко регистрирани како одгледувачи на говеда, овци и кози во Регистарот на одгледувалишта на одредени видови животни (говеда, овци и кози) и сопственото производство и го имаат предадено на регистриран откупувач на сурово млеко за период од октомври 2020 година до септември 2021 година, запишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи;<br><br>-Корисници на оваа подмерка се и земјоделските стопанства – производители на кравјо, овчо и козјо млеко регистрирани како одгледувачи на говеда, овци и кози во Регистарот на одгледувалишта на одредени видови животни (говеда, овци и кози) за произведеното млеко за период од октомври 2020 година до септември 2021 година, за потребите на сопствениот преработувачки капацитет запишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи;<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува 3,5 денари по литар произведено и предадено кравјо млеко на преработувачки капацитети запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи и 4,5 денари по литар произведено и предадено овчо и козјо млеко на преработувачки капацитети запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи. |
| 2.4. | Директни плаќања за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале говеда во преработувачки капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло, за период од мај 2020 година до април 2021 година;<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.500 денари по продадено или заклано грло говедо. |
| 2.5. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.4 за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале говеда во преработувачки капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло и се корисници од подмерка 2.4. на оваа уредба, грлата говеда да не се помлади од осум месеци и да не се постари од 18 месеци на денот на колење и да се од следните раси: сименталско, оберинталско, монтафонско, хереформ, шароле, ангус, белгиско сино, лимузин, буша и мелези;<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува 4.000 денари по продадено или заклано грло говедо. |
| 2.6. | Директни плаќања за добиено теле по пат на В/О | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на регистрирани говеда и се корисници од подмерка 2.1 од оваа уредба кои имаат оплодена крава/јуница по пат на В/О и добиено и регистрирано теле во период мај 2020 – април 2021 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.200 денари по добиено и регистрирано теле;<br><br>-Висината на директните плаќања за добиено и регистрирано женско теле по пат на примена на полово преддефинирано семе (sex semen) изнесува 2.500 денари. |

| | | |
|---|---|---|
| 2.7. | Директни плаќања за обележани грла овци од сите категории | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства одгледувачи на овци кои поседуваат минимум 30 грла овци од сите категории евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на овци и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.10.2021 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.200 денари по грло, односно 1.300 денари по грло за земјоделски стопанства со пријавен број на грла за финансиска поддршка од минимум 101 до максимум 500 грла за сите категории и возрасти. |
| 2.8. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.7 за задржано женско јагне | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на овци и се корисници од подмерка 2.7. на оваа уредба;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.000 денари по грло и се исплаќа за женско јагне кое на 31.10.2021 година е на возраст од шест до 18 месеци. |
| 2.9. | Директни плаќања за обележани грла кози | -Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства одгледувачи на кози кои поседуваат најмалку 10 грла кози од сите категории евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на кози и истите ќе ги чуваат до 31.10.2021 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.200 денари по грло, односно 1.300 денари по грло за земјоделски стопанства со пријавен број на грла за финансиска поддршка од минимум 50 до максимум 150 грла за сите категории и возрасти. |
| 2.10. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.9 за задржано женско јаре | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на кози и се корисници од подмерка 2.9 на оваа уредба;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.000 денари по грло и се исплаќа за женско јаре кое на 31.10.2021 година е на возраст од шест до 18 месеци. |
| 2.11. | Директни плаќања за женски приплодни грла-маторици | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат женски приплодни грла-маторици и поседуваат минимум две грла маторици и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.10.2021 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.000 денари по грло-маторица, односно 1.100 денари по грло-маторица за земјоделски стопанства со пријавен број на грла-маторици за финансиска поддршка од минимум шест до максимум 50 грла-маторици. |
| 2.12. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.11 за уматичено грло-маторица | Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на маторици и се корисници од подмерка 2.11 на оваа уредба;<br>-Земјоделските стопанства да се членови или се признатa организација на одгледувачи на свињи, а приплодното грло маторица на денот на поднесување на барањето за финансиска поддршка да е заведено во матична книга;<br>-Земјоделското стопанство да е со минимални капацитети од 50 грла;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 20% по уматичено грло од утврдената висина на поддршка во поддмерка 2.11. од оваа уредба; |
| 2.13. | Директни плаќања за одгледани и заклани гоеници во регистрирани кланични капацитети | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале најмалку пет гоеници во период од мај 2020 година до април 2021 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло;<br>- Висината на директните плаќања за гоеници со тежина од 90 до 130 килограми по грло изнесува 950 денари по грло. Бројот на грла се пресметува скалесто и тоа: од 5-5.000 грла 100%, од 5.001 до 15.000 грла 80%и над 15.001 грла 40%.<br>-Висината на директните плаќања за гоеници со минимална тежина од 131 килограми по грло изнесува 1.950 денари по грло. Бројот на грла се пресметува скалесто и тоа: од 5-5.000 грла 100%, од 5.001 до 15.000 грла 80% и над 15.001 грла 40%. |
| 2.14. | Директни плаќања за одгледани и заклани бројлери во регистрирани кланични капацитети | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат одгледани и продадени или заклани бројлери во период од 01 октомври 2020 година до 30 септември 2021 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 40 денари по пиле. |
| 2.15. | Директни плаќања за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат одгледани и продадени или заклани амортизирани несилки во период од 01 октомври 2020 година до 30 септември 2021 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 80 денари по несилка. |

| | | |
|---|---|---|
| 2.16. | Директни плаќања за произведени еднодневни бројлерски пилиња и еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои произвеле за сопствени потреби или продале еднодневни бројлерски пилиња и еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди во период од 01 октомври 2020 година до 30 септември 2021 година;<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува 6 денари по пиле за сопствени потреби.<br>-Висината на директните плаќања изнесува 10 денари за продадено пиле. |
| 2.17. | Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои поседуваат минимум 35 регистрирани презимени пчелни семејства;<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува 600 денари по пчелно семејство, односно 800 за оние земјоделски стопанства со пријавен број на пчелни семејства за финансиска подршка од минимум 50 до максимум 100 пчелни семејства.<br><br>-Задолжително одржување на бројот на пријавените презимени пчелни семејства е до 31.10.2021 година. |
| 2.18. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.17. за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства запишани во Регистерот на одгледувалишта на пчели и се одобрени институции (одгледувалишта на пчелни матици);<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува 1.000 денари по пчелно семејство кое е во контрола и е вклучено во селекција за производство на пчелни матици. |
| 2.19. | Дополнителни директни плаќања за зголемен пријавен број на грла во основно стадо и пчелни семејства од бројот за кој е исплатена финансиска поддршка од претходната календарска година за подмерките 2.1., 2.7., 2.9., 2.11. и 2.17. | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат пријавено зголемен број на грла во основното стадо, и пчелни семејства од претходната година, запишани се во Регистарот на одгледувалишта на животни и Регистарот на одгледувалишта на пчели и се корисници од подмерките 2.1., 2.7., 2.9., 2.11. и 2.17. на оваа уредба;<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува од 30% од утврдената во основните подмерки 2.1., 2.7., 2.9., 2.11. и 2.17. и се однесува на зголемениот број. |

(4) Поблиските критериуми за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство од дел II став (1) код на мерки 211, 214 и 215 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година, како и висината на директните плаќања се следни:

1) За директни плаќања за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство:

- Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои вршат земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство и се корисници од подмерките 1.1., 1.2., 1.3., 1.4., 1.6., 1.7., 1.8. и 1.9 од ставот (2) од овој член и подмерките 2.1., 2.4., 2.6., 2.7., 2.9., 2.11., 2.13., 2.14., 2.16. и 2.17. од ставот (3) од овој член,

Висината на директни плаќања за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство е 15% од директни плаќања утврдени во оваа уредба и се доделува на следниот начин:

а) директни плаќања по површина обработено земјоделско земјиште кај сите пријавени парцели кои се наоѓаат на надморска висина поголема од 700 метри согласно Системот за идентификација на земјишни парцели за подмерките 1.1., 1.2., 1.3, 1.4, 1.7. и 1.9 од ставот (2) од овој член,

б) директни плаќања по единица земјоделски производ од растително потекло кој е произведен на земјоделско земјиште кај сите пријавени парцели кои се наоѓаат на надморска висина поголема од 700 метри согласно Системот за идентификација на земјишни парцели за подмерките 1.6. и 1.8. од ставот (2) на овој член и точката 4) од овој став,

в) директни плаќања по грло добиток и пчелно семејство за регистрирани одгледувалишта во населени места со надморска висина поголема од 700 метри или со број на жители помал од 100 за подмерките 2.1., 2.4., 2.6., 2.7., 2.9., 2.11., 2.13., 2.14., 2.16. и 2.17. од ставот (3) од овој член;

2) За дополнителни директни плаќања за подмерките од ставовите (2) и (3) на овој член сертифицирани како растително и сточарско органско производство и производство во преод:

- Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои имаат сертифицирано растително и сточарско органско производство и производство во преод согласно Законот за органско земјоделско производство,

- Висината на директните плаќања се зголемува за 30% во однос на директните плаќања предвидени во подмерките 1.3., 1.11., 1.12., 1.13. и 1.15. од ставот (2) на овој член,

- Висината на директните плаќања се зголемува за 50% во однос на директните плаќања предвидени во подмерка 1.1. алинеи 3, 4, 5 и 7 од ставот (2) на овој член и висината на директните плаќања се пресметува скалесто и тоа: од 0,5 ха до 50 ха 100%, од 50 ха до 100 ха 60% и над 100 ха 30% збирно за сите култури и во подмерките 2.1., 2.4., 2.7., 2.9., 2.11., 2.13., 2.14., 2.15. и 2.17. од ставот (3) на овој член,

- Висината на директните плаќања се зголемува за 70% во однос на директните плаќања предвидени во подмерките 1.7., 1.8. и 1.9. од ставот (2) на овој член за овоштарското и лозарското производство висината на директните плаќања се пресметува скалесто и тоа: од 0,1 ха до 10 ха 100%, од 10,1 ха до 40 ха 60%, од 40,1 ха до 60 ха 30% и над 60 ха 10%,

- Висината на директните плаќања се зголемува за 100% во однос на директните плаќања предвидени во подмерките 1.4., 1.5. и 1.6. од ставот (2) на овој член. Во подмерката 1.4. алинеја 4 висината на директните плаќања се пресметува скалесто и тоа: од 0,2 ха до 10 ха 100%, од 10 ха до 50 ха 60%, од 50 ха до 100 ха 30% и над 100 ха 10% збирно за сите градинарски култури,

3) За директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред:

- Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои имаат површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред,

- Оваа мерка се однесува за површини на кои се одгледуваат тревни смеси кои служат за зелено ѓубрење или пак површините не се користат за земјоделско производство (се оставаат за угар во плодоред), со исклучок на површините на кои угарот се применува повеќе од една година на иста површина,

- Висината на директните плаќања изнесува 3.500 денари по хектар,

4) За директни плаќања за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло):

- Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат произведено преработки од примарни земјоделски органски производи или производи во преод од домашно потекло или пак имаат извршено доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло и истите ги имаат продадено,

- Висината на директните плаќања изнесува 10% од вредноста на произведените и продадени производи со максимален износ до 150.000,00 денари по оператор,

5) За директни плаќања за трговија или извоз на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло:

- Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои вршат трговија или извоз на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло,

- Висината на директните плаќања изнесува 5% од вредноста на продадени/извезени производи со максимален износ до 150.000 денари по оператор,

6) За посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација:

- Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи од областа на органското земјоделско производство кои имаат добиено сертификат од овластено тело во 2021 година,

- Висината на директните плаќања изнесува 50% од трошоците за добиен сертификат издаден од овластено тело во 2021 година,

7) За посебни директни плаќања за анализа на својства на почва и производ кај земјоделски стопанства кои имаат извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и други материи на почва и во органски производи во 2021 година:

- Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и други материи на почва и во органски производи во 2021 година,

- Висината на директните плаќања изнесува 70% од трошоците за анализа без данок на додадена вредност, но не повеќе од 9.000 денари по земјоделско стопанство,

8) Директни плаќања за грла говеда од автохтона раса Буша:

- Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства сопственици на минимум пет грла говеда од расата Буша, кои ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и да се инвентаризирани и карактеризирани од страна на овластена институција за спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2018 до 2024 година и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2021 година,

- Висината на директните плаќања изнесува 2.000 денари по грло,

9) Директни плаќања за грла овци од автохтона раса Праменка (Овчеполка и Шарпланинска):

- Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства сопственици на минимум 50 грла овци од расата Праменка (Овчеполка и Шарпланинска), кои ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на овци и да се инвентаризирани и карактеризирани од страна на овластена институција за спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2018 до 2024 година и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2021 година,

- Висината на директните плаќања изнесува 550 денари по грло,

10) Директни плаќања за грла кози од автохтона раса Балканска коза:

- Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства сопственици на минимум 50 грла кози од расата Балканска коза кои ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на кози и да се инвентаризирани и карактеризирани од страна на овластена институција за спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2018 до 2024 година и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2021 година,

- Висината на директните плаќања изнесува 550 денари по грло,

11) Директни плаќања за одгледување на стопанско корисно автохтоно овчарско куче шарпланинец и очарско куче караман:

- Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои одгледуваат овци и кози, кои поседуваат најмалку 50 грла овци и/или кози евидентирани во Регистарот на овци и кози, и се сопственици на педигрирани кучиња од расата шарпланинец и караман на кои е извршена идентификација со микрочип на денот на поднесување на барањето,

- Максимален број е седум пријавени кучиња по земјоделско стопанство,

- Висината на директните плаќања изнесува 3.000 денари по куче и се исплаќа за куче од расата шарпланинец и караман кое е на возраст над шест месеци на 30.09.2021 година,

12) Директни плаќања за грла говеда од раса Бивол:

- Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда од раса Бивол, ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2021 година.

- Висината на директните плаќања изнесува 9.000 денари по грло,

13) Директни плаќања за грла овци од автохтона раса Праменка (Каракачанска):

- Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства сопственици на минимум 10 грла овци од расата Праменка (Каракачанска), ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на овци и да се инвентаризирани и карактеризирани од страна на овластена институција за спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2018 до 2024 година и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2021 година,

- Висината на директните плаќања изнесува 5.000 денари по грло.

(5) Утврдениот минимум површина земјоделско земјиште и број на минимум грла добиток вклучително и минимум пчелни семејства во оваа уредба се намалува за 50% и тоа:

- за земјоделски стопанства кај кои сите пријавени парцели се наоѓаат на надморска висина поголема од 700 метри согласно Системот за идентификација на земјишни парцели и се применува за подмерки 1.1., 1.4., 1.7. и 1.9., од ставот (2) од овој член,

- за земјоделски стопанства кај кои сите пријавени одгледувалишта се регистрирани во населени места со надморска висина поголема од 700 метри или со број на жители помал од 100 и се применуваат за подмерки 2.7. и 2.9. од ставот (3) од овој член, со исклучок на подмерка 2.13. од ставот (3) од овој член за која утврдениот минимум е 2 грла и подмерка 2.17. од ставот (3) од овој член за која утврдениот минимум е 15 пчелни семејства.

(6) Корисници на директни плаќања се земјоделски стопанства кои ги исполнуваат барањата согласно Правилникот за листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина.

(7) Во случај на несообразност со задолжителните барања или условите и посебните минимални услови за вкрстена сообразност од членот 49 на Законот за земјоделство и рурален развој, намалувањата или исклучувањата на корисниците од директните плаќања ќе се врши согласно член 57 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(8) Корисниците на подмерката 1.16. ќе бидат исклучени од исполнување на условите и барањата согласно Правилникот за листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина.

Член 3
**Начин на директни плаќања**

(1) Директните плаќања во земјоделството за 2021 година ќе се извршуваат според поднесени барања за финансиска поддршка и рокови за поднесување на барањата со исклучок на подмерката 1.10. од членот 2 став (2) од оваа уредба и подмерката 2.3. од членот 2 став (3) од оваа уредба.

(2) Реализацијата на подмерката 1.10. од членот 2 став (2) од оваа уредба ќе се врши според податоци за откупени количини необработен тутун од реколта 2020 година, внесени во Електронскиот систем за евиденција на тутун (ИСЕТ) од страна на правни лица регистрирани во Регистарот на откупувачи на тутун.

(3) Реализацијата на подмерката 2.3. од членот 2 став (3) од оваа уредба ќе се врши според податоци за откупени количини кравјо, овчо и козјо млеко за период од октомври 2020 година до септември 2021 година кои до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе ги доставуваат регистрираните откупувачите на сурово млеко.

(4) Административните проверки и контроли потребни за реализација на директните плаќања се вршат врз основа на податоци евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

(5) Спроведување на мерките за директни плаќања по површина се врши врз основа на барања кои треба да содржат податоци за површината на катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства. Максималната дозволена површина на катастарските парцели за кои се поднесува барање дополнително е ограничена со површината евидентирана во Системот за идентификација на земјишните парцели со утврдена употреба на земјоделско земјиште на земјоделското стопанство. Административните проверки се вршат врз основа на податоците за површината на катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства со состојба на 15 март 2021 година и со податоците за површините евидентирани во Системот за идентификација на земјишните парцели со состојба на 15 март 2021 година. При контролата на самото место утврдувањето на големината на површината на декларираната култура се врши на целокупната парцела евидентирана во Системот за идентификација на земјишните парцели (СИЗП) и за сите СИЗП парцели, кои како подлога целосно или делумно ги имаат катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства и кои се наведени во барањето.

(6) Спроведување на подмерките на директните плаќања во поглед на утврдување на бројната состојба на говеда, овци, кози, женски приплодни грла-маторици и презимени пчелни семејства се вршат врз основа на податоци од Регистарот за идентификација и регистрација на домашни животни на денот на поднесување на барањето, а утврдување на бројна состојба на маторици врз основа на потврди издадени од регистрирани ветеринарни друштва.

(7) Спроведување на подмерката 2.12. од членот 2 став (3) на оваа уредба, во поглед на утврдување на бројната состојба на уматичени грла – маторици се врши врз основа на податоци од матичната книга на признатата организација на одгледувачи на свињи запишана во Регистарот на признати организации на одгледувачи на добиток, потврдени од признатата организација на одгледувачи на свињи.

(8) Спроведување на подмерката 2.18. од членот 2 став (3) на оваа уредба се врши врз основа на податоци од Регистарот на одгледувалишта на пчели во Агенцијата за храна и ветеринарство, Регистарот на одобрени институции–одгледувалишта на пчелни матици во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(9) Кога барателот ги нема намирено финансиските обврски кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје по основ на користење на пасишта во државна сопственост и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес и Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип по основ на неплатен воден надоместок ќе се овозможи меѓусебно пребивање на ненамирените финансиски обврски со одобрениот износ на финансиска поддршка, по претходна согласност на барателот со поднесена изјава заверена на нотар дека е согласен ненамирените обврски да се пребијат со одобрената финансиска поддршка.

(10) Изјавата од ставот (9) на овој член барателот е должен да ја достави до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во рок од 20 дена од денот на доставување на известувањето за ненамирени финансиски обврски од ставот (9) на овој член од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(11) Во случај кога барателот нема да достави согласност во рокот од ставот (10) од овој член, на истиот не му се исплаќа одобрениот износ на финансиска поддршка.

(12) Доколку одобрениот износ на финансиска поддршка на корисникот не е доволен за подмирување на сите обврски на корисникот утврдени во ставот (10) од овој член, подмирувањето на обврските се врши по следниот редослед:

1. неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште,

2.склучени договори за користење на средства од компензациони фондови од странска помош за кои е надлежно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,

3. обврски по однос на неплатен воден надомест и

4. неплатен надоместок за користење на државни пасишта.

(13) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2021 година за следните основи:

- неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште и

- склучени договори за користење на средства од компензациони фондови од странска помош за кои е надлежно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(14) Подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес и Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип доставуваат до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2021 година по основ за неплатен воден надоместок.

(15) Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2021 година за неплатен надоместок за користење на државни пасишта.

(16) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес и Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип податоците од ставовите (13), (14) и (15) на овој член ги доставуваат до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој по електронски пат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

(17) Ажурирањето на внесените податоци врз основа на извршена уплата и/или технички грешки при пријавувањето на податоците за ненамирени финансиски обврски ќе го вршат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес и Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип.

(18) Податоците од ставовите (14), (15) и (16) од овој член кои ги доставуваат: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес и Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејсности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој треба да ги содржат видот на обврската, висината на обврската (главен долг и камата), основот од кој произлегува обврската, податоци за должникот (име и презиме/назив, ЕМБГ/ЕМБС), податоци за сметка на субјектот на која треба да се изврши исплатата на обврската и истите треба да бидат целосни, комплетни и валидни за да се сметаат за основ за вршење на пребивање.

(19) Спроведувањето на директните плаќања од членот 2 став (4) точките 8), 9) и 10 на оваа уредба, во поглед на утврдување на бројната состојба на говеда, овци и кози се вршат врз основа на податоци добиени од овластена институција за спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2018 до 2024 година.

(20) Спроведување на директните плаќања од членот 2 став (4) точка 11) на оваа уредба се врши врз основа на податоци од педигрето издадено од Кинолошки сојуз на Република Македонија.

(21) Спроведување на директните плаќања од членот 2 став (4) точка 12) на оваа уредба се врши врз основа на податоци добиени од Регистарот на одгледувалишта на животни.

(22) Спроведувањето на директните плаќања од членот 2 став (4) точка 13) на оваа уредба се врши врз основа на податоци добиени од овластена институција за спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2018 до 2024 година.

(23) Вкупниот максимален износ на директни плаќања по корисник пресметан во зависност од големината на површината на земјоделско земјиште, единицата земјоделски производ и бројот на грла добиток од подмерките од оваа уредба не може да биде поголем од 18.450.000 денари по корисник.

(24) Спроведувањето на мерката 8 „Помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација“ од дел IX од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година ќе се врши врз основа на податоци за големина на земјоделска површина по вид на земјоделски производ пријавени во барањата за финансиска поддршка во земјоделството во 2020 година, за директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури освен тутунот, директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарско производство и цвеќе на отворено и во пластеници, директни плаќања по обработлива површина за одржување на постоечки овошни насади и директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади, при што висината на помошта за:

- пченица, јачмен, пченка,`рж, овес, ориз, тритикале, хељда, сирак и просо изнесува 1.250 денари по хектар;

- хмељ, лен, леќа, кикирики, соја, сончоглед, маслодајна репка, добиточна репка, афион, шеќерна репка, памук, граор, еспарзета, добиточен грашок и наут (слануток) и луцерка изнесува 1.875 денари по хектар;

- домати, пипер, лубеница, диња, тиква, грав, боранија, грашок, компир, краставици, корнишони, зелка, кељ, кромид, лук, праз, тиквички, зелена салата, брокула, спанаќ, карфиол, модар патлиџан, морков, целер, цвекло, пашканат, аспарагус, ротквици, цвеќе, култивирани лековити, ароматични и зачински растенија како и за лозови насади изнесува 3.750 денари по хектар;

- јаболко, круша, слива, праска, вишна, кајсија, цреша, јагода на отворено, малина, капина и боровинка изнесува 4.666 денари по хектар;

- дуња, мушмула, актинија, маслинка, калинка, јапонско јаболко, смоква, аронија, шип, рибизла, гоџи бери, бадем и лешник изнесува 3.333 денари по хектар и

- ореви и питоми костени изнесува 2.333 денари по хектар.

Доколку пресметаната висина на помош по земјоделско стопанство кое е со површина од 0,1 до 1 хектар е помала од 500 денари висината на помошта ќе се исплати во износ од 500 денари по земјоделско стопанство.

Член 4
**Рокови за поднесување на барања**

Крајните рокови за поднесување на барањата од член 3 на оваа уредба по одделни подмерки од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година се следните:

1. До 31 мај 2021 година за подмерките 1.1., 1.3., 1.4., 1.5., 1.7., 1.9., 1.11., 1.12., 1.13., 1.14, 1.15. и 1.16. од членот 2 став (2) од оваа уредба, подмерките 2.1., 2.2., 2.4., 2.5., 2.6., 2.7., 2.8., 2.9., 2.10., 2.11., 2.12., 2.13., 2.17., 2.18., 2.19. од членот 2 став (3) од оваа уредба и точките 1), 2), 3), 8), 9), 10), 11), 12) и 13) од членот 2 став (4) од оваа уредба.
2. До 31 октомври 2021 година за подмерката 1.2. од членот 2 став (2) од оваа уредба.
3. До 25 декември 2021 година за подмерките 1.6. и 1.8. од членот 2 став (2) од оваа уредба и точките 4), 5), 6) и 7) од членот 2 став (4) од оваа уредба.
4. За подмерките 2.14., 2.15. и 2.16. од членот 2 став (3) од оваа уредба крајниот рок за поднесување на барања е според следните периоди:
- до 15 март 2021 година во период од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година,
- до 15 јуни 2021 година во период од 1 јануари 2021 година до 31 април 2021 година,
- до 5 ноември 2021 година во период од 1 мај 2021 година до 30 септември 2021 година.

Член 5

Правните лица кои се занимаваат со откуп, преработка и трговија на примарни земјоделски производи и услуги за колење, потребните податоци за реализирање на директните плаќања согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година, на барање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги доставуваат во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12492/1-20
16 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

Прилог 1

Табела за минимално употребената количина на семе по хектар

| Вид | Минимална употребена количина на семе во кг./ха |
|---|---|
| Пченица | 150 |
| Јачмен | 150 |
| Тритикале | 180 |
| Рж | 180 |
| Овес | 120 |
| Ориз | 170 |
| Пченка | 15 |
| Сирак | 10 |
| Сончоглед | 4,5 |
| Просо | 8 |
| Хељда | 40 |
| Соја | 80 |
| Леќа | 80 |
| Наут | 80 |
| Добиточен грашок | 150 |
| Граор | 100 |
| Еспарзета | 30 |
| Луцерка | 20 |

Прилог 2

Листа на засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија

1. Valeriana officinalis – мачкина трева (валеријана)
2. Inula helenium L. – оман (голем корен, волско око)
3. Ocimum basilicum L – босилек
4. Trigonella foenumgraecum L – грчко семе (пискавица, сминдух)
5. Angelica archangelica L. - ангелика
6. Digitalis lanata Ehrh. – волнест напрсток (бесник)
7. Chamomilla recutita L. /Matricaria chamomilla - камилица
8. Centaurea cyanus L. – синчец
9. Silybum marianum L. – (сикавица, дива артичока, бадељ)
10. Petroselinum crispum Mill. - магдонос
11. Calendula officialis L. - невен
12. Achilea millefolium L. – ајдучка трева
13. Echinacea purpurea ( angustiflia ) – сончев шешир
14. Plangato lanceolata L. – теснолистен тегавец
15. Hissopus officinalis L. - изоп
16. Arnica montana - арника
17. Urtica dioica L. - коприва
18. Gentiana lutea L. - линцура
19. Verbascum phlomolides и Verbascum densiflorum – лопен
20. Malva silvestris L. – црн слез (див слез, голем слез)
21. Althaea officinalis L.– бел слез
22. Saturea hortensis (montana) L.– чубрица
23. Anetum graveolens L. - копар
24. Artemisia dracunculus– естрагон,
25. Coriandrum sativum L. – кориандер
26. Sinapsis alba L. – бел синап
27. Artemisia absinthium L. – пелин (бел пелин, питом пелин)
28.Cuminum cyminum L. - кумин
29. Carum carvi L -ким
30. Laurus nobilis L.- ловор
31. Stevia Rebaudiana L. - стевија

Прилог 3

Листа на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија

1. Lavandula angustifolia L. - лаванда
2. Melissa officinalis L. – маточина (пчелина трева, лимон трева)
3. Mentha piperitae L - нане
4. Salvia officinalis L. - жалфија
5. Hipericum perforatum L. - кантарион
6. Majorana hortensis (Origanum majorana ) L. – мајоран
7. Thymus vilgaris L. - тимјан
8. Thymus serpyllum L.-мајчина душичка
9.Rosmarinus officinalis L.-рузмарин
10. Origanum vulgare - оригано
11. Helichrusum italicum - смиље
12. Galeopsistetrahit L. – конопица
13. Trifolium repens L. – бела детелина
14. Sideritis scardika – планински чај
15. Sideritis raeseri – планински чај

Прилог 4

Табела за минимален број на овошки - садници по хектар за постоечки производни овошни насади по овошни видови

| Ред. број | Овошен вид | Прифатливиот број на садници по хектар е над |
|---|---|---|
| 1. | јаболка | 400 |
| 2. | круши | 330 |
| 3. | дуњи | 500 |
| 4. | мушмула | 550 |
| 5. | слива | 330 |
| 6. | праски | 330 |
| 7. | кајсија | 400 |
| 8. | цреши | 240 |
| 9. | вишна | 500 |
| 10. | орев | 70 |
| 11. | бадем | 330 |
| 12. | лешник | 270 |
| 13. | питом костен | 200 |
| 14. | актинидија (киви) | 550 |
| 15. | маслинка | 330 |
| 16. | калинка | 620 |
| 17. | јапонско јаболко | 330 |
| 18. | смоква | 500 |
| 19. | аронија | 1400 |
| 20. | боровинка | 2200 |
| 21. | шип | 1660 |
| 22. | рибизла | 3330 |
| 23. | малина | 8000 |
| 24. | капина | 1250 |
| 25. | јагода | 31000 |
| 26. | гоџи бери | 2500 |

Прилог 5

Листа на цветни култури

Едногодишни цветни култури:

1. Celosia cristata L. – петлова кикиришка, кикереска, петлов гребен, целозија,
2. Amaranthus caudatus L. – украсен штир, амарантус,
3. Ageratum mexicanum Sims. – агератум,
4. Aster chinensis L. – летна ѕвезда, летен астер,
5. Calendula officinalis L. – невен,
6. Cosmos bipinnatus Cav. – космос,
7. Tagetes sp. L. – џунџуле, тагетес,
8. Zinnia elegans Jacq. – арнаутче, тодорче, бандера, цинија,
9. Impatiens balsamina L. – водениче,
10. Begonia semperflorens Link et Otto. – бонбонче, бегонија,
11. Alyssum maritimum Lam. - медарче, алисум, лобуларија,
12. Matthiola incana R.Br. – шебој,
13. Lobelia erinus L. – лобелија,
14 Dianthus chinensis L. – летен каранфил,
15. Euphorbia marginata Purch. – млечика, алпски снег,
16. Salvia splendens Ker.-Gawl. – жалфија, салвија,
17. Mirabilis jalapa L. – ноќна убавица, вампирче,
18. Eschscholzia californica Cham. – ешолција,
19. Portulaca grandiflora Hook. – пркос, калдрмче,
20. Pelargonium sp. L'Herit – сардела,
21. Delphinium ajacis L. – мамуза, ралица,
22. Antirrhinum majus L. – чавкина уста, зјајка,
23. Petunia hybrida Hort. – петунија,
24. Verbena hybrida Hort. – вербена.

Двогодишни цветни култури:

1. Bellis perennis L. – паричка, бела рада,
2. Myosotis alpestris F.W.Schmidt – незаборавок, споменок,
3. Cheiranthus cheiri L. – миризлив шебој,
4. Campanula medium L. – ѕвонче,
5. Dianthus barbatus L. – топ каранфил, турски каранфил,
6. Silene pendula L. – силене, плускавец,
7. Alcea rosea L. – градинарска ружа,
8. Digitalis purpurea L. – напрсток, дигиталис,
9. Viola tricolor Hort. non L. – темјанушка, љубичица.

Повеќегодишни цветни култури:

1. Achillea sp. L. – ајдучка трева,
2. Aster sp. L. – ѕвезда, астер,
3. Chrysanthemum sp. L. – хризантема,
4. Gaillardia sp. Fougen. – воловско око, гаилардија,
5. Rudbeckia sp. L. – рудбекија,
6. Santolina sp. L. – сантолина,
7. Iberis sp. L. – иберис,
8. Campanula sp. L. – ѕвонче,
9. Dianthus sp. L. – каранфил,
10. Sedum sp. L. – седум, жедник,
11. Lupinus sp. L. – волчко, лупинус,
12. Iris sp. L. – перуника, ирис,
13. Hemerocallis sp. L. - дневен љиљан, дневен крин,
14. Hosta sp. Tratt. (syn. Funkia L.) - хоста, функија,
15. Jucca sp.L. – јука,
16. Kniphofia sp. Moench. (syn. Tritoma sp. Ker.) – книфофија, тритома,
17. Phlox sp. L. – бисерче, флокс,
18. Primula sp. L. – јаглика, петопрст,
19. Anemone sp. L. – анемона,
20. Aquilegia sp.L. – кандилце, аквилегија,
21. Delphinium sp. L. – мамуза, делфиниум,
22. Paeonia sp. L. – божур, арапче,
23. Astilbe sp. Buch. Ham. – астилбе,
24. Bergenia sp. Unch. – бергенија,
25. Heuchera sp. L. - корално ѕвонче,
26. Veronica sp. L. – велигденче, вероника,
27. Viola sp. L. - темјанушка, љубичица.

Лукови цветни култури:

1. Galanthus nivalis L. – кокиче,
2. Narcissus sp. L. – штркоцвеќе, нарцис,
3. Freesia sp. Klatt. – фрезија,
4. Gladiolus sp. L. – гладиола,
5. Iris sp. L. – перуника, ирис,
6. Colchicum sp. L. - есенска качунка, мразовец,
7. Fritillaria imperialis L. - царски турбан, фритиларија,
8. Hyacinthus sp. L. – зумбул,
9. Lilium sp. L. – крин, љиљан, лилиум,
10. Tulipa sp. L. – лале.

За заштитени простори

Листно декоративни:

1. Agave americana L. F. Agavaceae - агава,
2. Cordyline sp. Comm. F. Agavaceae - кордилине,
3. Dracaena sp. L. F. Agavaceae – драцена, змаевец,
4. Sansevieria sp. Thunb. F. Agavaceae – сансевиерија,
5. Alocasia macrorhiza L. F. Araceae – слоново уво,
6. Dieffenbachia picta Schott. F. Araceae – дифенбахија,
7. Monstera sp. Adans. F. Araceae – монстера,
8. Philodendron sp. Schott. F. Araceae – филодендрон,
9. Scindapsus sp. Schott. F. Araceae – сциндапсус,

10. Fatsia (Aralia) japonica Decne et Planch F. Araliaceae – аралија,
11. Schefflera sp. J.R. et Forst F. Araliaceae – шефлера, чадор дрво,
12. Araucaria sp. Juss. F. Araucariaceae – собна елка, араукарија,
13. Tradescantia sp. L. F. Commelinnaceae – традесканција, телефонче,
14. Aucuba japonica Thunb. F. Cornaceae – аукуба,
15. Cyperus alternifolius L. F. Cyperaceae – водена палма,
16. Codiaeum (Croton) Rumph. F. Euphorbiaceae – кротон,
17. Aloe arborescens Mill. F. Liliaceae – алое,
18. Asparagus sp. L. F. Liliaceae – аспарагус, шпаргла,
19. Aspidistra sp. Ker. F. Liliaceae – аспидистра,
20. Chlorophytum sp. Ker-Gawl F. Liliaceae – хлорофитум,
21. Ficus sp. L. F. Moraceae – фикус,
22. Peperomia sp. Ruiz et Pav. F. Piperaceae – пеперомија,
23. Pilea cadieri F. Urticaceae – пилеја.

Цветно декоративни:
1. Clivia miniata F. Amaryllidaceae – кливија,
2. Hippeastrum (Amaryllis) F. Amaryllidaceae – хипеаструм, амарилис,
3. Hoya carnosa F. Asclepiadaceae – хоја, восочен цвет,
4. Cineraria (Senecio) hybrida F. Asteraceae – цинерарија, сенецио,
5. Цветно декоративни бегонии F. Begoniaceae – бегонија,
6. Kalanchoe F. Crassulariaceae – каланхе,
7. Azalea (Rhododendron) indica F. Ericaceae – азалеја,
8. Euphorbia pulcherrima F. Euphorbiaceae - божиќно дрвце, божиќна ѕвезда, мексикански црвен лист,
9. Gloxinia (Sinningia) hybrida F. Gesneriaceae – глоксинија, синингија,
10. Saintpaulia ionantha F. Gesneriaceae - африканска љубичица,
11. Cyclamen persicum F. Primulaceae - циклама, персиска љубичица, алпска љубичица,
12. Primula sp. F. Primulaceae - јаглика, петопрст, примула,
13. Hydrangea hortensis F. Saxifragaceae – хортензија,
14. Calceolaria hybrida F. Scrophulariaceae - калцеоларија, папучка.

Режен цвет:
1. Alstroemeria L. F. Amaryllidaceae – алстремерија,
2. Anthurium Schott. F. Araceae – антуриум,
3.Calla L. F. Araceae – кала,
4. Chrysanthemum L. F. Asteraceae – хризантема,
5. Gerbera Caff. corr. Spreng. – гербер,
6. Dianthus L. F. Caryophyllaceae – каранфил,
7. Strelitzia Banks. F. Musaceae – стрелиција, рајска птица,
8. Rosa L. F. Rosaceae – трендафил, роза,.

---

**174.**

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија” бр.14/07, 103/08, 130/08 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА СО ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2021 ГОДИНА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната програма со Финансиски план за 2021 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.02-1460/3 од 30.12.2020 година, донесена од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на седницата одржана на 30.12.2020 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 40-132/1 | Претседател на Владата |
| 16 јануари 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**175.**

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИНВЕСТИЦИОНАТА ПРОГРАМА ЗА 2021 ГОДИНА НА ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“ КИЧЕВО

1. Со оваа одлука се дава согласност на Инвестиционата програма за 2021 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, бр. 02-1832/1-2/2-1 од 7.12.2020 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 7.12.2020 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11946/1-20 | Претседател на Владата |
| 16 јануари 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**176.**

Врз основа на член 26, став (4) од Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/01, 49/03, 109/05, 88/08, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15, 27/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Финансискиот план на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2021 година, број 0201-3/45 од 21.12.2020 година, донесен од Управниот одбор на Централен регистар на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21.12.2020 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-12614/1-20 | Претседател на Владата |
| 16 јануари 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**177.**

Врз основа на член 8 став (2) од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2021 година бр.01-231/2 од 23.12.2020 година, усвоен од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-12620/1-20 | Претседател на Владата |
| 16 јануари 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**178.**

Врз основа на член 8 став (2) од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната програма за работата на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2021 година, со бр.01-223/1 од 23.12.2020 година, усвоена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-12621/1-20 | Претседател на Владата |
| 16 јануари 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**179.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО, КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО 2021 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа програма се уредува намената на средствата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните препријатија (во понатамошниот текст: МСП) во вкупен износ од 20.800.000,00 (дваесет милиони и осумстотини илјади) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, раздел 10001, програма 4, потпрограма 40 – Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: АППРСМ), ставки 425 и 464.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа програма ќе се користат за следните намени:

**1. Поддршка за самовработување (претприемништво)**

Изработка на 1339 одржливи бизнис планови со советодавна поддршка од советници регистрирани во Каталогот на советници при АППРСМ, со цел поддршка за невработените да започнат сопствен бизнис. Поддршката се реализира согласно Оперативниот план 2021 година на Министерството за труд и социјална политика (МТСП), а преку Ваучерскиот систем на советување на АППРСМ. Реализацијата на оваа активност ќе се одвива преку организациите за деловна поддршка. Програмската активност ќе се реализира од ставките 425 и 464.

Постапката за доделување на средства од оваа ставка ќе се изврши согласно Прирачникот за процедури на Ваучерскиот систем на советување и преку објавување на јавни повици за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото, објавени на веб страната на АППРСМ – www.apprm.gov.mk и www.konkurentnost.mk и/или во печатените медиуми, како и повик до потенцијалните претприемачи за аплицирање на оваа програмска активност.

При поддршката на невработените лица, особено внимание ќе се обрне на зголемено учество на жените во оваа програмска активност при што најмалку 1.500.000,00 денари од предвидените ќе се наменат за поддршка на жени претприемачи. 15.000.000,00 денари

**2. Ваучерски систем на советување**

Имплементација на ваучерски систем за советување за советодавни услуги кај 40 клиенти со цел давање поддршка на зајакнувањето на конкурентноста на постоечките мали и средни претпријатија и основање на нови претпријатија, ширење на ваучерскиот систем за советување како инструмент за подобрување на работењето на секторот на МСП и оддржување на веб страната за консултанти.

Реализацијата на оваа активност ќе се одвива преку организациите за деловна поддршка.

Постапката за доделување на средства од оваа ставка ќе се изврши согласно Прирачникот за процедури на Ваучерскиот систем на советување и преку објавување на јавни повици за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото, објавени на веб страната на АППРСМ – www.apprm.gov.mk и www.konkurentnost.mk и/или во печатените медиуми, како и повик до потенцијалните претприемачи и активните мали и средни претпријатија за аплицирање на оваа програмска активност.

При поддршката на потенцијалните претприемачи и активните мали и средни претпријатија, особено внимание ќе се обрне на зголемено учество на жените во

оваа програмска активност, при што најмалку 150.000,00 денари од предвидените ќе се наменат за поддршка на жени претприемачи. 1.500.000,00 денари

**3. Воспоставување на систем на стандардизирани менторски услуги**

Во рамките на регионалниот проект "Воспоставување и промоција на стандардизирани менторски услуги за мали и средни претпријатија во Западен Балкан" фаза 2, поддржан од Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA), во текот на 2021 година ќе бидат обучени дополнителни нови ментори, кои заедно со веќе обучените ментори, ќе извршат менторирање на активни мали и средни претпријатија, во согласност со Методологијата за стандардизирани менторски услуги наменети за МСП. Методологијата е дел од проектот и е утврдена од страна на Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA) и се објавува сукцесивно во согласност со динамиката на активностите на проектот на веб страната на АППРСМ – www.apprm.gov.mk.

Постапката за доделување на средства од оваа ставка ќе се изврши преку објавување на јавни повици за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото, објавени на веб страната на АППРСМ – www.apprm.gov.mk и www.konkurentnost.mk и/или во печатените медиуми, како и повик до ново- основаните МСП и МСП регистрирани повеќе од три години за аплицирање на оваа програмска активност.

При поддршката на активните мали и средни претпријатија, особено внимание ќе се обрне на зголемено учество на жените во оваа програмска активност, при што најмалку 220.000,00 денари од предвидените ќе се наменат за поддршка на жени претприемачи.

2.200.000,00 денари

**4. Кофинансирање на регионалниот проект „Алијанса на знаење во еко-иновативно претприемништво за потик на конкурентноста на МСП"**

Проектот "Алијанса на знаење во еко-иновативно претприемништво за потик на конкурентноста на МСП", во кој АППРСМ учествува како проектен партнер се реализира во рамките на Транснационалната програма за соработка ИНТЕРЕГ, "Балканско – медитеранска програма 2014-2020". Во текот на 2021 година ќе се реализираат завршните активности предвидени во рамките на проектот. 50.000,00 денари

**5. Инфо пулт - проект во соработка со регионалните центри**

Поддршка на деловните центри во активностите поврзани со понатамошно функционирање на мрежа на центри и имплементација на програми за помош, информирање и советување на мали и средни претпријатија, со цел давање на информативна, промотивна, советодавна и логистичка поддршка на 400 МСП и потенцијалните претприемачи кои сакаат да се самовработат, како и дистрибуција на релевантни и корисни информации за МСП и потенцијалните претприемачи.

Постапката за доделување на средства од оваа ставка ќе се изврши преку објавување на јавен повик за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото објавен на веб страната на АППРСМ – www.apprm.gov.mk и www.konkurentnost.mk и/или во печатените медиуми. 400.000,00 денари

**6. Претприемачко образование**

Реализирање на четири работилници за промоција на претприемништвото и подигање на свеста за претприемништвото кај младите луѓе, (со вкупен опфат на 100 учесници – ученици и студенти) како и развој на претприемачкиот дух и култура потребни за отворање на сопствен бизнис. 200.000,00 денари

**7. Организирање на обуки за подготовка на бизнис план**

Организирање на осум обуки (со вкупен опфат од 200 учесници - ученици и студенти) на различни теми за подготовка на бизнис план, наменети за студенти и ученици од средните училишта. При организирањето на обуките ќе се води сметка за регионалната застапеност. 250.000,00 денари

**8. Организирање на обука за наставници/професори кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис**

Организирање на четири еднодневни обуки за најмалку 100 професори од средните училишта и од факултетите кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис, со цел зголемување на нивните капацитети за најновите претприемачки трендови, проширување на нивните знаења и здобивање со нови вештини поврзани со претприемачкото учење.

250.000,00 денари

**9. Организирање на обуки за локални консултанти**

Организирање на три обуки (со вкупен опфат од 75 учесници – локални консултанти) за здобивање на дополнителни знаења и вештини со кои ќе им се помогне на претпријатијата во зајакнувањето на нивната конкурентност на домашниот и странскиот пазар, согласно досегашните анализи за потребите од обуки кај малите и средните претпријатија изработени во регионов и во Република Северна Македонија. 200.000,00 денари

**10. Организирање на обуки за зголемување на конкурентноста на малите и средните претпријатија**

Организирање на четири обуки за малите и средните претпријатија (со вкупен опфат од 100 учесници – мали и средни претпријатија), со цел подигање на конкурентноста, зголемување на инвестициите за воведување на иновации и истражувачки активности, зајакнување на интернационализацијата, како и зголемување на капацитетите на вработените. 200.000,00 денари

**11. Промоција на социјалното претприемништво**

Организирање на две обуки за мали и средни претпријатија (со вкупен опфат на 40 учесници-мали и средни претпријатија) за моделите на социјални претпријатија во Република Северна Македонија, со цел подигање на свеста и промоција на концептот за социјалното претприемништво кај малите и средните претпријатија. 150.000,00 денари

**12. Поддршка за женско претприемништво**

Организирање на две обуки за жени претприемачи (со вкупен опфат на 40 учесници – жени претприемачи) за веќе постоечки претпријатија раководени од страна на жени претприемачи и жени потенцијални претприемачи. Целта на овие обуки е да се обезбеди широка информираност на жените претприемачи за инструментите за финансиска поддршка на женско претприемништво, согласно Акцискиот план за имплементација на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Македонија 2019-2023 година. 150.000,00 денари

**13. Кофинансирање на национален натпревар на средношколци на Џуниор Ачивмент Македонија**

Кофинансирање на национален натпревар на средношколци од земјава, кој ќе се одржи последна недела од месец мај 2021, во организација на Џуниор Ачивмент Македонија, во рамките на "Програмата за претприемничко образование-ученичка компанија", и цере-

монија за прогласување на победници, со учество и поддршка на претставници од бизнис секторот, невладини организации, донатори и АППРСМ.

50.000,00 денари

**14. Подготовка на годишен извештај - Опсерваторија за МСП**

Подготовка на годишен извештај за состојбата кај малите и средните претпријатија и трендовите на овој сектор во 2020 година. Извештајот опфаќа споредба на бројот на малите и средните претпријатија, нивното учество во бруто домашниот производ, во извозот, итн.

200.000,00 денари

Член 3

Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија до 31 јануари 2022 година, да достави извештај до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели за реализација на оваа програма, во кои ќе бидат опфатени постигнатите резултати како и образложението за евентуални отстапувања од планираните активности.

Член 4

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 40-40/1 Претседател на Владата
16 јануари 2021 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**180.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПРОМОЦИЈА НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ДОМАЌИНСТВАТА ЗА 2021 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година- потпрограма 32 – Развој на енергетиката, ставка 464 – Разни трансфери, наменети за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2021 година.

II

Средствата од дел I на оваа програма во вкупен износ од 52.000.000, 00 денари ќе се користат за следните мерки:

1. надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата до 30 %, но не повеќе од 10.000 денари по домаќинство за 2021 година, во вкупен износ од 6.000.000 денари;

2. надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата до 70 %, но не повеќе од 15.000 денари по домаќинство за 2021 година, во вкупен износ од 2.000.000 денари за лица со ниски примања;

3. надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата до 50 %, но не повеќе од 20.000 денари по домаќинство за 2021 година, во вкупен износ од 19.000.000 денари;

4. надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата до 70 %, но не повеќе од 25.000 денари по домаќинство за 2021 година, во вкупен износ од 3.000.000 денари за категоријата на лица со ниски примања;

5. надоместување на дел од трошоците за купување и вградување на печки на пелети во домаќинствата до 50 %, но не повеќе од 20.000 денари по домаќинство за 2021 година, во вкупен износ од 11.000.000 денари;

6. надоместување на дел од трошоците за купување печки на пелети во домаќинствата до 70 %, но не повеќе од 25.000 денари по домаќинство за 2021 година, во вкупен износ од 3.000.000 денари за категоријата на лица со ниски примања;

7. надоместување на дел од трошоците за купување и инсталирање на фотонапонски панели за производство на електрична енергија до 4 kW за сопствена потрошувачка за домаќинствата, на градба на која има право на сопственост или користење, до 30%, но не повеќе од 62.000 денари по домаќинство за 2021 година, во вкупен износ од 8.000.000 денари.

Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија наменети за Програмата, ги распоредува Министерството за економија.

III

Корисници на оваа програма во категоријата на лица со ниски примања се:

а) лицата со ниски примања кои се вработени или едниот брачен другар да е вработен и нивните месечни примања во семејството да не го надминуваат нето приходот од 30.000,00 денари;

б) лицата со ниски примања кои се пензионери или едниот брачен другар да е пензионер и нивните месечни примања во семејството да не го надминуваат нето приходот од 20.000,00 денари;

в) ранливи потрошувачи како што се дефинирани во Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2021 година.

IV

Надоместокот на дел од средствата од дел II од оваа програма ќе го остварат лицата кои досега не користеле средства од Буџетот на Република Северна Македонија за наведните мерки во дел II од оваа програма.

Барањето за искористување на правото на надоместок на дел од трошоците се доставува на пополнет образец за барање кој може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на

Министерството: www.economy.gov.mk.

Со барањето за искористување на правото на надоместок на дел од трошоците се доставува и потребната документација со која се докажува и исполнетоста на условите за надоместување на дел од трошоците од дел II од оваа програма.

Едно лице, односно едно домаќинство може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок за една од мерките наведни во дел II од оваа програма.

Доделувањето на надоместокот ќе се врши во согласност со целите на политиката за рамномерен регионален развој утврдени во Законот за рамномерен регионален развој и со примена на принципот „прв дојден прв услужен'' во рамките на секој плански регион.

V

Постапката за реализација на мерките од дел II од оваа програма ќе се одвива на следниот начин:

а) Министерството за економија ќе распише четири јавни огласи на интернет страницата на Министерството www.economy.gov.mk во времетраење од 30 дена. Министерството за економија може да го продолжи времетраењето на јавниот оглас во случај на недоволен број поднесени барања за точките од дел II од оваа програма.

б) За спроведување на активностите за реализација на мерките од дел II од оваа програма министерот за економија ќе формира четири комисии од три члена и нивни заменици.

в) Комисиите ќе имаат за цел да ја утврдат исполнетоста на условите за надоместување на дел од трошоците од мерките од дел II од оваа програма и на министерот за економија ќе му предложат донесување на решенија за исплата на утврдениот надоместок.

г) Комисиите ќе ги разгледаат пристигнатите барања поднесени заклучно со последниот ден наведен во јавните огласи, заедно со потребната документација, и ќе го утврди точниот број на пристигнати уредни и комплетни барања, според принципот „прв дојден, прв услужен”.

Министерството за економија го задржува правото да изврши посета во домаќинствата кои ќе поднесат барање.

Лицата кои имаат поднесено барање, а немаат уредна и комплетна документација не може да остварат надомест.

Исплатата на средствата за надоместување на дел од трошоците за мерките од дел II од оваа програма ќе се врши врз основа на донесено решение од министерот за економија, се до искористување на предвидените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за оваа намена.

Министерството за економија за секоја од мерките од дел II од оваа програма ќе објави листи на баратели кои го остваруваат правото на надомест на својата веб страница.

VI

Министерството за економија до 31.1.2022 година, да достави извештај до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели за реализација на оваа програма, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати, како и образложението за евентуални отстапувања од планираните активности.

VII

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 40-172/1 | Претседател на Владата |
| 16 јануари 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**181.**

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20) и член 9 став 2 од Законот за таксата за привремен престој „Службен весник на Република Македонија” бр. 19/96, 26/02, 51/03, 88/08, 17/11, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА**

I

Со оваа програма ќе се реализираат активности за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2021 година.

Средствата за реализација на оваа програма се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 307/20), раздел 10001 – Министерство за економија, во Подпрограма 14 – Развој на туризмот во Република Северна Македонија, на категорите 42 – стоки и услуги, 46 – субвенции и трансфери и 48- Капитални расходи, планирани се во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година финансиски средства во износ од 31.000.000,00 денари.

II

Средствата од делот I од оваа програма ќе се користат за следните активности:

**1. Меѓународна и билатерална соработка во туризмот**

Зголемена и интензивирана соработка во доменот на меѓународната комуникација со големите и значајни туристички организации и институции кои придонесуваат за развој на туризмот како Светската туристичка организација, Европската патничка комисија, Централно европската иницијатива и др., учество на саеми, како и билатералните соработки во областа на туризмот (потпишување на договори, регионални конференции, средби и др.), како и плаќање на членарина за Светската туристичка организација.

Оваа активност ќе се реализира континуирано во текот на цела 2021 година. 3.000.000,00 денари

**2. Дигитален маркетинг за туристичкиот потенцијал во Република Северна Македонија**

Оваа активност предвидува електронска промоција на Република Северна Македонија во светски социјални медиуми како што се google, facebook, twitter и други.

За реализација на активноста Министерството за економија ќе спроведе јавна набавка на која право на учество ќе имаат сите правни лица, регистрирани за вршење на оваа дејност и ќе ги исполнуваат условите што ќе се предвидат со јавната набавка.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец мај 2021 година.
11.500.000,00 денари

**3. Поддршка на Активен туризам**

Светски тренд се активности кои се поврзани со активниот туризам и екстремни, односно адреналински спортови.

Преку објавување на јавен повик Министерството за економија ќе субвенционира трошоци за опрема и алатки кои ќе помогнат во подобрување на овој вид на туризам.

Министерството за економија ќе надомести 50% од прикажаните трошоци за оваа намена, но не повеќе од 150.000,00 денари за една апликација.

Право на учество ќе имаат Здруженија регистрирани за развој на ваков вид на туризам.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец септември 2021 година.
3.500.000,00 денари

**4. Субвенции за туристички цели на селски домаќинства**

Со цел поттикнување на развој на туризмот во руралните средини се предвидува финансиска поддршка при градење или адаптација на селски домаќинства кои ќе даваат угостителски услуги во согласност со Правилникот за начинот и поблиските критериуми за добивање на ознаката во селските домаќинства во руралните средини.

Финансиската поддршка во износ од 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 200.000,00 денари, ќе биде наменета за набавка на опрема и инвентар, реконструкција како и за уредување на просторот на селски домаќинства. Критериуми кои треба да ги исполнат домаќинствата се: објектот да е уреден и опремен согласно традицијата на крајот во кој се наоѓа, да подготвува и послужува топли и ладни јадења, пијалаци и напивки вообичаени за крајот во кој се наоѓа селското домаќинство, да нуди услуги за сместување (најмногу до 5 соби), надворешниот изглед на куќата да биде без оштетување и знаци на дотраеност, а околината да биде уредена. Ваквите семејни домаќинства ќе добијат ознака на која има „сончоглед", како потврда дека станува збор за селско домаќинство во рурална средина кое врши угостителска дејност.

Со поддршка на селските домаќинства се обезбедува самовработување за лица во рурални средини и зголемување на автентична туристичка понуда, со можност за промоција на локалните вредности.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец февруари до месец октомври 2021 година.

5.000.000,00 денари

**5. Промоција на еколошки зони (еко-туризам)**

Со цел промоција на еко-туризмот како потенцијал на Република Северна Македонија и одбележување на места со потенцијал за развој на ваков вид на туризам, Министерството за економија ќе изготви Студија за еко-туризам и план за промоција на потенцијалите за развој на еко туризмот.

За реализација на активноста Министерството за економија ќе спроведе јавна набавка за подготовка на Студија за еко-туризам и план за промоција на потенцијалите за развој на еко туризмот на која право на учество ќе имаат сите правни лица, регистрирани за вршење на оваа дејност и ќе ги исполнуваат условите што ќе се предвидат со јавната набавка.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец мај 2021 година.

1.500.000,00 денари

**6. Кампања за безбедно патување**

Пред почнување на туристичките сезони во соработка со приватниот сектор, невладините организации, здруженијата за туризам и факултетите за туризам, Министерството за економија ќе подготви кампања за безбедно патување како и одбележување на туристички центри со сертификати за безбеден туризам. Во рамките на активноста е предвидено и дистрибуција на промотивен материјал безбедно патување.

На сите гранични премини е предвидено делење на флаери, како и медиумска кампања за туристите кои патуваат низ државата.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец февруари до месец октомври 2021 година.

1.000.000,00 денари

**7. Надградба на системот за мобилна апликација "Visit Macedonia"**

Светски тренд е луѓето при посета на одредени дестинации да имаат можност за симнување на мобилна (IOS, Android, Windows) апликација за туристичките потенцијали на земјата, како и можноста за резервација на: хотел, ресторан, културен настан, како и проверка на понудите за посета на одредени места во самиот регион.

Сите категоризирани, угостителски објекти како и туристичките центри ќе можат бесплатно да се рекламираат во самата апликација.

Истите ќе можат да хостираат информации и промоции кои ќе им користат на туристите при резервација.

Министерството за економија подготви мобилна апликација која треба да се надгради и одржува стручно со цел истата да се користи што повеќе од страна на туристите.

За реализација на активноста Министерството за економија ќе спроведе јавна набавка на кој право на учество ќе имаат сите правни лица, регистрирани за вршење на оваа дејност и ќе ги исполнуваат условите што ќе се предвидат со јавната набавка.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец мај 2021 година.

500.000,00 денари

**8. Одбележување на Светскиот ден на туризмот со доделување на признанија за најуспешните од областа на туризмот**

По повод 27 Септември – Светскиот ден на туризмот се организира настан, каде што се доделуваат признанија за најуспешните во категоријата: хотели, туристички агенции, ресторани, уредени плажи и манифестации.

За реализација на активноста Министерството за економија ќе спроведе јавен повик на кој право на учество ќе имаат сите заинтересирани субјекти кои вршат дејност туризам или угостителство.

Оваа активност ќе се реализира во месец септември 2021 година. 500.000,00 денари

**9. Субвенции за дигитализација на туристичко/угостителскиот сектор**

Со оваа активност ќе се субвенционираат разни софтверски решенија наменети за туристичко/угостителскиот сектор кои ќе придонесат за дигитализација на

туристичката понуда и подобрување на дигиталната промоција на туристичко/угостителскиот сектор во Република Северна Македонија.

Министерството за економија ќе надомести 60% од прикажаните трошоци за оваа намена но не повеќе од 300.000,00 денари за една апликација.

За реализација на активноста Министерството за економија ќе спроведе јавен повик на кој право на учество ќе имаат здруженија регистрирани за развој на ваков вид на туризам.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец февруари до месец мај 2021 година.

4.500.000,00 денари

ВКУПНО: 31.000.000,00 денари

III

ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

| Активност | Временски период | Начин на реализација |
|---|---|---|
| Точка 1 | Тековно цела година | Исплата на членарина за СТО |
| Точка 2 | март - мај | Со објавување на јавна набавка |
| Точка 3 | март - септември | Со објавување на јавен повик |
| Точка 4 | февруари-октомври | Со објавување на јавен повик |
| Точка 5 | март - мај | Со објавување на јавна набавка |
| Точка 6 | февруари - октомври | Во соработка со стопанските комори и факултетите за туризам |
| Точка 7 | март - мај | Со објавување на јавна набавка |
| Точка 8 | септември | Со објавување на јавен повик |
| Точка 9 | февруари - мај | Со објавување на јавен повик |

IV

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија.

V

Министерството за економија, заклучно со 31.3.2022 година до Владата ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати и финансиски показатели како и образложението за евентуалните отстапувања од планираните активности.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 40-483/1
16 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**182.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), член 9-б од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15, 39/16 и 83/18), и член 61 од Законот за фитофармација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ВО 2021 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува висината на средствата, намената и начинот на нивното користење за функционирање на фитосанитарната политика во 2021 година.

II

Средствата за реализација на оваа програма се утврдуваат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година во износ од 22.000.000,00 денари и тоа од следниве извори:

| | |
|---|---|
| 1. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал, Потпрограма 51 - Заштита на растенија, ставка 46 - Субвенции и трансфери, подставка 464 - Разни трансфери, сметка 637 | 4.600.000,00 |
| 2. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал, Потпрограма 51 - Заштита на растенија, ставка 46 - Субвенции и траснфери, подставка 464 - Разни трансфери, сметка 631 | 17.400.000,00 |

III

Средствата во вкупен износ од 4.600.000,00 денари утврдени во дел II точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| 1. Фитосанитарен мониторинг за 2021 година | 1.380.200,00 |

| | |
|---|---|
| 2. Мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на фитофармацевтските производи и резидуи од фитофармацевтските производи во производи од примарно земјоделско производство за 2021 година | 699.241,40 |
| 3. Проширување на Фитосанитарниот информациски систем | 2.000.000,00 |
| 4. Активности поврзани со издавање и проширување на системот на пасоши на растенија кај останатите земјоделски и шумски видови растенија | 520.558,60 |
| вкупно | 4.600.000,00 |

IV

Средствата во вкупен износ од 17.400.000,00 денари утврдени во дел II точка 2 од оваа програма ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| Активности кои произлегуваат од законската регулатива од областа на фитосанитарната политика (Законот за здравјето на растенијата, Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата и Законот за фитофармација (*)), зајакнување на институционалниот капацитет на надлежните служби вклучени во фитосанитарниот систем, спроведување на Решенијата за јавните овластувања за вршење на задачите врз основа на јавен конкурс од областа на здравје на растенијата согласно член 67 став (3) од Законот за здравјето на растенијата, следење, прогноза и дијагноза на економски штетни организми на земјоделски и шумски растенија, спроведување на фитосанитарни мерки во случај на појава и сузбивање на карантински и економски штетни организми на земјоделски и шумски растителни видови, подготвување на насоки, упатства, брошури итн. за здравје на растенијата и одржлива употреба на фитофармацевтските производи, одржување на Фитосанитарниот информациски систем, спроведување на активности за одобрување и оценување на фитофармацевтските производи, пренесување на искуства и применливи техники од најновите научни достигнувања во областа на фитосанитарната политика, спроведување на активности за одобрување и оценување на фитофармацевтските производи, финансирање на стручни комисии за регистрација на фитофармацевтски производи, спроведување на активности за работа на стручните совети за здравјето на растенијата, фитофармацевтски производи, педологијата, физиологијата на растенијата и агрохемијата, верификација на соодветни прашања од областа на фитофармацевтски производи и финализација на Националниот акциски план за одржлива употреба на фитофармацевтските производи и неподмирени обврски од 2020 година од Програмата за фитосанитарна политика во 2020 година. | 17.400.000,00 |
| вкупно | 17.400.000,00 |

V

Средствата во вкупен износ од 1.380.200,00 денари утврдени во дел III точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| 1. Фитосанитарен мониторинг за семенски и меркантилен компир | 294.200,00 |
| 2. Фитосанитарен мониторинг за овошни видови и винова лоза | 743.550,00 |
| 3.1 Фитосанитарен мониторинг за градинарски култури, поледелски култури, украсни и шумски растенија | 242.250,00 |
| 3.2 Фитосанитарен инспекциски мониторинг во расадници (на семенски и саден материјал) | 75.400,00 |
| 4. Фитосанитарен мониторинг за тутун | 24.800,00 |
| вкупно | 1.380.200,00 |

VI

Средствата во вкупен износ од 294.200,00 денари утврдени во дел V точка 1 од оваа програма за фитосанитарен мониторинг за семенски и меркантилен компир ќе се користат за:

| семенски и меркантилен компир | | | | |
|---|---|---|---|---|
| штетен организам | растенија домаќини | број на примероци за анализа | единечна цена (денари) | вкупни трошоци (денари) |
| *Ralstonia solanacearum & Clavibacter michiganensis ssp.sepedonicus* | *Solanum tuberosum L.* (кртоли, цели растенија, почва и вода) | 180 | 850,00 | 153.000,00 |
| *Synchytrium endobioticum* | *Solanum tuberosum L.* (кртоли) | 60 | 500,00 | 30.000,00 |
| *Globodera spp (Globodera pallida & Globodera rostochiensis)* | *Solanum tuberosum L.* (кртоли, цели растенија и почва) | 90 | 490,00 | 44.100,00 |
| *Scrobipalpopsis (Tecia) solanivora & Phthorimaea operculella* | *Solanum tuberosum L.* | 40 | 370,00 | 14.800,00 |
| *Epitrix cucumeris, E. papa sp. n., E. subcrinita, E. tuberis* | *Solanum tuberosum L.* | 40 | 370,00 | 14.800,00 |
| *Meloidogyne spp (Meloidogyne chitwoodi, Meloidogyne fallax* | *Solanum tuberosum L.* (кртоли, почва) | 20 | 490,00 | 9.800,00 |
| *Potato spindle tuber viroid* | *Solanum tuberosum* L. | 10 | 2.770,00 | 27.700,00 |
| **вкупно** | | | | **294.200,00** |

VII

Средствата во вкупен износ од 743.550,00 денари утврдени во дел V точка 2 од оваа програма за фитосанитарен мониторинг за овошни видови и винова лоза ќе се користат за:

| **овошни видови и винова лоза** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **штетен организам** | **растенија домаќини** | **број на примероци за анализа** | **единечна цена (денари)** | **вкупни трошоци (денари)** |
| *Xylella fastidiosa (*пирсова болест на виновата лоза) | *Vitis, Prunus, Olea europea* | 70 | 850,00 | 59.500,00 |
| *Xylophilus ampelinus* | *Vitis* L. | 40 | 850,00 | 34.000,00 |
| *Tomato ringspot virus* | *Rubus* spp., *Prunus* spp. *Vitis* L. | 40 | 850,00 | 34.000,00 |
| *Tobacco ringspot virus* | *Malus, Rubus spp., Vitis L.* | 40 | 850,00 | 34.000,00 |
| *Слободно живеачки нематоди (Xiphinema spp., Cherry rasp leaf virus, Grapevine fanleaf; + 7xQP, Longidorus spp.)* | почва (матични растенија, расадници) | 15 | 490,00 | 7.350,00 |
| *Xiphinema americanum* Cobb *sensu lato,* X. *californicum* | почва (матични растенија, расадници) | 60 | 490,00 | 29.400,00 |
| *Grapevine flavescence dorée* | *Vitis* L. | 45 | 2.200,00 | 99.000,00 |
| *Scaphoideus titanus (vector GFD)* | *Vitis* L. | 30 | 370,00 | 11.100,00 |
| *Erwinia amylovora* | *Malus* Mill., *Pyrus* L., Cydonia Mill., Amelanchier Med., *Chaenomeles* Lindl., *Cotoneaster* Ehrh., *Crataegus* L., *Eriobotrya* Lindl., *Mespilus* L., *Photinia davidiana* (Dcne.) *Cardot, Pyracantha* Roem. и *Sorbus* L. | 30 | 850,00 | 25.500,00 |
| *Aromia bungii* | *Prunus* L. | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| *Monilinia fructicola* | *Prunus* L. | 40 | 2.770,00 | 110.800,00 |
| Ca. *Phytoplasma mali (Apple proliferation)* | *Malus* Mill. | 20 | 2.200,00 | 44.000,00 |
| Ca. *Phytoplasma pyri (Pear decline)* | *Pyrus* L. | 10 | 2.200,00 | 22.000,00 |
| Ca. *Phytoplasma prunorum (Apricot chlorotic leafroll, ESFY)* | *Prunus* L. | 10 | 2.200,00 | 22.000,00 |
| *Xanthomonas arboricola pv.pruni* | *Prunus* L. | 10 | 2.770,00 | 27.700,00 |
| *Pseudomonas syringae pv.persicae* | *Prunus persica* (L.) Batsch | 20 | 1.080,00 | 21.600,00 |
| *Plum pox potyvirus* | *Prunus* L. | 100 | 850,00 | 85,000,00 |
| *Grapholita inopinata & Grapholita (Cydia) molesta* | *Cydonia* Mill., *Malus* Mill., *Prunus* L., *Pyrus* L. | 80 | 370,00 | 29.600,00 |
| *Grapholita packardi* | *Prunus avium* L. | 40 | 370,00 | 14.800,00 |
| *Ceratitis capitata* | P*runus persica, Citrus reticulata, Citrus sinensis, Mangifera indica* | 30 | 370,00 | 11.100,00 |
| *Acidovorax citrulli* | C*itrullus lanatus, Cucumis melo* | 5 | 2.770,00 | 13.850,00 |
| *Alternaria mali* | *Malus domestica* | 5 | 1.080,00 | 5.400,00 |
| **вкупно** | | | | **743.550,00** |

VIII

Средствата во вкупен износ од 242.250,00 денари утврдени во дел V точка 3.1 од оваа програма за фитосанитарен мониторинг за градинарски култури, поледелски култури, украсни и шумски растенија ќе се користат за:

| **градинарски култури, поледелски култури, украсни и шумски растенија** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **штетен организам** | **растенија домаќини** | **број на примероци за анализа** | **единечна цена (денари)** | **вкупни трошоци (денари)** |
| *Ditylenchus dipsaci* | *Medicago sati*va (семе), *Allium*, луковици *(Camassia* Lindl., *Chionodoxa* Boiss., *Crocus flavus* Weston, *Galanthus* L., *Hyacinthus*) | 10 | 490,00 | 4.900,00 |
| *Ditylenchus destructor* | *Solanum tuberosum*, луковици | 10 | 490,00 | 4.900,00 |
| *Clavibacter michignensis ssp. michiganensis* | *Solanum lycopersicum* L. (семе и расад) | 25 | 850,00 | 21.250,00 |
| *Xanthomonas campestris pv.vesicatoria* | *Solanum lycopersicum* L., *Capsicum* spp., | 20 | 850,00 | 17.000,00 |
| *Anthonomus eugenii* | *Capsicum* L. | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| *Tomato yellow leaf curl begomovirus (*вектор*: Bemisia tabaci)* | *Solanum lycopersicum* L. (растенија за садење, освен семе) | 40 | 850,00 | 34.000,00 |
| *Chrysanthemum stem necrotic tospovirus* | *Dendranthema* (DC.) Des Moul., *Solanum lycopersicum* L., | 5 | 850,00 | 4.250,00 |
| *Xanthomonas campestris pv. phaseoli* | *Phaseolus* L. | 15 | 850,00 | 12.750,00 |
| *Liriomyza sativae, Amauromyza maculosa* | зељести растенија | 40 | 370,00 | 14.800,00 |
| *Liriomyza huidobrensis, Liriomyza trifolii* | зељести растенија | 40 | 370,00 | 14.800,00 |
| *Bemisia tabaci* вектор *на Tomato yellow leaf curl virus & QP: Melon yellowing-associated virus, Squash vein yellowing virus, Tomato mild mottle virus, Cowpea mild mottle virus, Lettuce infectious yellows virus* и останите вируси) | растенија за садење, други од латентни растенија, растенија од култура на тки во, семиња, луковици, кртоли, изданци и ризоми | 60 | 370,00 | 22.200,00 |
| *Tuta absoluta* | *Solanum lycopersicum* L. | 30 | 370,00 | 11.100,00 |
| *Thrips palmi* | зељести растенија, плодови од *Solanum melongena L.*, режано цвеќе од Orchidaceae | 20 | 370,00 | 7.400,00 |
| *Spodoptera frugiperda* | *Capsicum* L., *Solanum melongena* L., *Zea* mays *(Solanum aethiopicum L.*, *Solanum macrocarpon* L., ) | 10 | 370,00 | 3.700,00 |
| *Spodoptera eridania, Spodoptera litura* | *Dendranthema* (DC.) Des Moul., *Dianthus* L., *Pelargonium* | 10 | 370,00 | 3.700,00 |
| *Spodoptera littoralis* | *Dendranthema* (DC.) Des Moul., *Dianthus* L., *Pelargonium* | 10 | 370,00 | 3.700,00 |
| *Helicoverpa armigera* | *Dendranthema* (DC.) Des Moul., *Dianthus* L., *Pelargonium, Solanaceae* | 25 | 370,00 | 9.250,00 |
| *Popillia japonica* | *Vitis, Malus, Prunus, Rubus, Juglans, Acer, Aesculus, Betula, Castanea, Glycine, Platanus, Populus, Rosa, Salix, Tilia, Ulmus* | 5 | 370,00 | 1.850,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Agrilus anxius* | *(растенија, дрво) Betula spp.* | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| *Agrilus planipennis* | *(растенија, дрво) Fraxinus L., Juglans ailantifolia Carr., Juglans mandshurica Maxim., Ulmus davidiana Planch., Pterocarya rhoifolia* | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| *Anoplophora chinensis* | (растенија, дрво) *Acer spp., Aesculus hippocastanum, Alnus spp., Betula spp., Carpinus spp., Citrus spp., Cornus spp., Corylus spp., Cotoneaster spp., Crataegus spp., Fagus spp., Lagerstroemia spp., Malus spp., Platanus spp., Populus spp., Prunus laurocerasus, Pyrus spp., Rosa spp., Salix spp. и Ulmus spp.*; | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| *Anoplophora glabripennis* | (растенија, дрво) *Acer spp., Aesculus spp., Alnus spp., Betula spp., Carpinus spp., Cercidiphyllum spp., Corylus spp., Fagus spp., Fraxinus spp., Koelreuteria spp., Platanus spp., Populus spp., Salix spp., Tilia spp. и Ulmus spp.* | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| *Phytophthora ramorum* | (растенија, дрво) Acer spp., Aesculus spp., Calluna vulgaris, Camellia, Castanea, Fagus sylvatica, Fraxinus excelsior , Hamamelis virginiana, Heteromeles arbutifolia, Kalmia latifolia, Laurus nobilis, Lonicera hispidula, Photinia x fraseri, Pieris spp., Pseudotsuga menziesii, Quercus spp., Rhododendron spp. , Sequoia sempervirens, Syringa vulgaris, Vaccinium ovatum, Viburnum spp. | 5 | 2.770,00 | 13.850,00 |
| *Bursaphelenchus xylophilus (*борова нематода*)* и неговите вектори тврдокрилци кои припаѓаат на родот *Monochamus* | (растенија, дрво) *Abies Mill., Cedrus Trew, Larix Mill., Picea A. Dietr., Pinus L., Pseudotsuga Carr. и Tsuga Carr.;* | 5 | 490,00 | 2.450,00 |
| *Thaumatotibia leucotreta* -цитрусов свиткувач | *плодови од Capsicum (L.), Prunus persica (L.) Batsch, Citrus L., освен Citrus limon & Citrus aurantiifolia, и Punica granatum* | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| *Frankliniella occidentalis* калифорниски трипс(Impatiens necrotic spot tospovirus, вирус на некртична дамка на ипатиенс,<br>Tomato spotted wilt tospovirus вирус на бронзена некроза на домат ) | *Begonia x hiemalis Fotsch, Capsicum annuum L., Chrysanthemum L., Gerbera L., Impatiens L. New Guinea Hybrids, Pelargonium L.* | 20 | 370,00 | 7.400,00 |
| *Xanthomonas arboricola pv. corylina* | Corylus avellana | 5 | 850,00 | 4.250,00 |
| *Diabrotica virgifera virgifera* | Zea mays | 20 | 370,00 | 7.400,00 |
| *Erwinia stewartii (Pantoea stewartii)* | Zea mays | 5 | 850,00 | 4.250,00 |
| **вкупно** | | | | **242.250,00** |

IX

Средствата во вкупен износ од 75.400,00 денари утврдени во дел V точка 3.2 од оваа програма за фитосанитарен мониторинг во расадници (на семенски и саден материјал) ќе се користат за:

| **во расадници (на семенски и саден материјал)** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **штетен организам** | **растенија домаќини** | **број на примероци за анализа** | **единечна цена (денари)** | **вкупни трошоци (денари)** |
| *Quadraspidiotus perniciosus* | *Juglans L., Prunus L., Ribes L.* | 20 | 370,00 | 7.400,00 |
| *Pepino mosaic potexvirus* | *Solanum lycopersicum L.* | 40 | 850,00 | 34.000,00 |
| *Frankliniella occidentalis* калифорниски трипс(Impatiens necrotic spot tospovirus, вирус на некртична дамка на инатиенс, Tomato spotted wilt tospovirus вирус на бронзена некроза на домат ) | *Begonia x hiemalis Fotsch, Capsicum annuum L., Chrysanthemum L., Gerbera L., Impatiens L. New Guinea Hybrids, Pelargonium L.* | 20 | 370,00 | 7.400,00 |
| *Tomato brown rugose fruit virus* | Растенија за садење од *Solanum lycopersicum L. и Capsicum spp.* | 5 | 850,00 | 4.250,00 |
| *Rose Rosette Virus* | *Растенија, освен семе од Rosa spp. Од Канада, Индија и САД (вектор Phyllocoptes fructiphilus* | 5 | 850,00 | 4.250,00 |
| *Fusarium circinatum* | *Растенија за садење и семе од Pinus L. и Pseudotsuga menziesii* | 5 | 2.770,00 | 13.850,00 |
| *Pseudomonas syringae pv. actinidae* | *Растенија за садење и жив полен од Actinidia* | 5 | 850,00 | 4.250,00 |
| **вкупно** | | | | **75.400,00** |

X

Средствата во вкупен износ од 24.800,00 денари утврдени во дел V точка 4 од оваа програма за фитосанитарен мониторинг за тутун ќе се користат за:

| **тутун** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **штетен организам** | **растенија домаќини** | **број на примероци за анализа** | **единечна цена (денари)** | **вкупни трошоци (денари)** |
| *Peronospora tabacina* | *Nicotiana tabacum* L. | 20 | 500,00 | 10.000,00 |
| *Ephestia ellutela* | *Nicotiana tabacum* L. | 20 | 370,00 | 7.400,00 |
| *Lasioderme sericome* | *Nicotiana tabacum* L. | 20 | 370,00 | 7.400,00 |
| **вкупно** | | | | **24.800,00** |

XI

Средствата во вкупен износ од 699.241,40 денари од дел III точка 2 од оваа програма ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| 1. Мониторинг на производство и преработка на фитофармацевтски производи | 13.290,40 |
| 2. Мониторинг во складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на фитофармацевтските производи, а со цел утврдување на неправилности (испитување на сообразноста на декларираната количина на активна компонента во соодветниот фитофармацевтски производ) | 33.226,00 |
| 3. Мониторинг на употреба на фитофармацевтски производи и резидуи од фитофармацевтски производи во производи од примарно земјоделско производство од растително потекло со цел да се утврди употребата на фитофармацевтските производи на правилен начин (проверка на присуство на резидуи од фитофармацевтски производи кои се користени за заштита на примарните земјоделски производи од растително потекло) | 652.725,00 |
| вкупно | 699.241,40 |

XII

Средствата во вкупен износ од 13.290,40 денари утврдени во дел XI точка 1 од оваа програма за мониторинг на производство и преработка на фитофармацевтски производи ќе се користат согласно следниот план:

| **активна супстанца** | **вкупен број на мостри** | **временски период за реализација на активноста** | **количество на мостра од секој производ кој ќе се земе** |
|---|---|---|---|
| **фитофармацевтски производи** | 2 | континуирано | во оригинална амблажа |
| **вкупно** | **2** | | |

XIII

Средствата во вкупен износ од 33.226,00 денари утврдени во дел XI точка 2 од оваа програма за мониторинг во складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на фитофармацевтските производи, а со цел утврдување на неправилности ќе се користат согласно следниот план:

| **ред. бр** | **активна супстанца** | **вкупен број на мостри** | **вкупни трошоци (денари)** |
|---|---|---|---|
| 1 | Captan | 5 | 6.645,20 |
| 2 | Cymoxanil | 5 | 6.645,20 |
| 3 | Difenoconazole | 5 | 6.645,20 |
| 4 | Pendimethalin | 5 | 6.645,20 |
| 5 | Imidacloprid | 5 | 6.645,20 |
| **вкупно** | | **25** | **33.226,00** |

XIV

Средствата во вкупен износ од 652.725,00 денари утврдени во дел XI точка 3 од оваа програма за мониторинг на употреба на фитофармацевтски производи и резидуи од фитофармацевтски производи во производи од примарно земјоделско производство од растително потекло со цел да се утврди употребата на фитофармацевтските производи на правилен начин ќе се користат согласно следниот план:

| **растение или растителен производ** | **вкупен број на мостри** | **временски период за реализација на активноста** | **количина на примерок** | **единечна цена (денари)** | **вкупни трошоци (денари)** |
|---|---|---|---|---|---|
| **зеленчук** | | | | | |
| **домати** | 20 | март - ноември | најмалку 10 единици (плодови)не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 96.700,00 |
| **пиперки** | 20 | март - ноември | најмалку 10 единици (плодови)не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 96.700,00 |
| **краставици** | 15 | март - ноември | најмалку 5 единици (плодови)не помалку од 2 кг | 4.835,00 | 72.525,00 |
| **зелена салата** | 8 | февруари - ноември | најмалку 10 единици (плодови)не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 38.680,00 |
| **зелка** | 5 | февруари –ноември | најмалку 5 единици (плодови)не помалку од 2 кг | 4.835,00 | 24.175,00 |
| **лубеница/диња** | 2 | јули - септември | најмалку 5 единици (плодови) | 4.835,00 | 9.670,00 |
| **млад кромид** | 3 | јуни - јули | најмалку 10 единици (плодови)не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 14.505,00 |

| овошје | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **грозје** | 20 | јули- октомври | најмалку 5 единици (гроздови)не помалку од 2 кг | 4.835,00 | 96.700,00 |
| **јаболка** | 19 | септември-октомври | најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 91.865,00 |
| **праска** | 10 | јуни-септември | најмалку 10 единици (плодови)не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 48.350,00 |
| **цреша/вишна** | 10 | мај - јули | 1кг | 4.835,00 | 48.350,00 |
| **сливи** | 3 | август - септември | најмалку 10 единици (плодови)не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 14.505,00 |
| **вкупно** | **135** | | | **652.725,00** | |

XV

Средствата од дел IV на оваа програма во износ од 17.400.000,00 денари ќе се користат за:

| **намена** | **денари** |
|---|---|
| 1. Во рамките на оваа намена превидено е следново:<br>- активности кои произлегуваат од законската регулатива од областа на фитосанитарната политика (Законот за здравјето на растенијата, Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата и Законот за фитофармација (*));<br>- зајакнување на институционалниот капацитет на надлежните служби вклучени во фитосанитарниот систем;<br>- спроведување на Решенијата за јавните овластувања за вршење на задачите врз основа на јавен конкурс од областа на здравје на растенијата согласно член 67 став (3) од Законот за здравјето на растенијата;<br>- следење, прогноза и дијагноза на економски штетни организми на земјоделски и шумски растенија;<br>- спроведување на фитосанитарни мерки во случај на појава и сузбивање на карантински и економски штетни организми на земјоделски и шумски растителни видови;<br>- подготвување на насоки, упатства, брошури итн. за здравје на растенијата и одржлива употреба на фитофармацевтските производи;<br>- одржување на Фитосанитарниот информациски систем;<br>- спроведување на активности за одобрување и оценување на фитофармацевтските производи;<br>- пренесување на искуства и применливи техники од најновите научни достигнувања во областа на фитосанитарната политика. | 14.000.000,00 |
| 2. Спроведување на активности за одобрување и оценување на фитофарматцевски производи, финансирање на стручни комисии за регистрација на фитофармацевтски производи, спроведување на активности за работа на стручните совети за здравјето на растенијата, фитофарматцевските производи, педологијата, физиологијата на растенијата и агрохемијата, и верификација на соодветни прашања од областа на фитофармацевтски производи и финализација на Националниот акциски план за одржлива употреба на фитофармацевтските производи | 2.400.000,00 |
| 3. Неподмирени обврски од 2020 година од Програмата за фитосанитарна политика во 2020 година. | 1.000.000,00 |
| **вкупно** | 17.400.000,00 |

XVI

Реализацијата на фитосанитарниот мониторинг од деловите VI, VII, VIII, IX и X од оваа програма се врши со спроведување на здравствени прегледи согласно плановите за следење и мониторинг на карантинските штетни организми.

Реализацијата на мониторингот од деловите XI, XII, XIII, XIV и XV од оваа програма се врши со земање на мостри кај производителот при самото производство и преработка на фитофармацевтски производи непосредно пред полнењето на производот со цел утврдување на неправилности, земање на мостри при увоз и во објектите каде што се врши пласирање на пазар на големо и мало на фитофарматцевски средства и земање на примероци на отворено поле или заштитени простори.

XVII

Средствата од оваа програма ќе се исплатат врз основа на решение од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

XVIII

За спроведување на оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа.

XIX

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 40-566/1 | Претседател на Владата |
| 16 јануари 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**183.**

Врз основа на член 28 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.307/20) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПОДДРШКА НА ДОМАШЕН ТУРИЗАМ ЗА РАБОТНИЦИ СО НИСКИ ПРИХОДИ**

I

Со оваа програма ќе се реализираат активности за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи.

Средствата за реализација на оваа програма се утврдени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.307/20) Раздел 100.01 – Министерство за економија, Потпрограма ДО – Поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, ставка 464 – Разни трансфери, во износ од 15.000.000,00 денари.

II

Средствата од делот I од оваа програма ќе се користат за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи.

Министерството за економија со цел за надминување на ефектите на социјалната исклучивост на лица со ниски примања и стимулирање на развојот на туризмот во Република Северна Македонија вон туристичката сезона организира одмор на работници со ниски приходи чии месечни примања во семејството не го надминуваат нето износот од 30.000,00 денари. Одморот ќе биде организиран во угостителските објекти за сместување во туристички центри на Република Северна Македонија, надвор од местото на живеење на лицето-подносителот на барањето, во период од не повеќе од пет дена.

Министерството за економија објавува Јавен повик за пријавување на интерес на угостителските објекти за сместување во туристичките центри во Република Северна Македонија кои се заинтересирани за учество во првиот квартал од 2021 година во два дневни весници и веб страната на Министерството за економија. Врз основа на доставените пријави за интерес, Министерството за економија утврдува Листа на угостителските објекти за сместување во туристички центри на Република Северна Македонија во кои работниците со ниски приходи ќе можат да го реализираат одморот.

III

Министерството за економија ќе објави Јавен повик за организирање на одмор на работници со ниски приходи кои ќе пријават интерес за користење на средства за организиран одмор, во два дневни весници и веб страната на Министерството за економија.

Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи.

За учество по Јавниот повик работниците со ниски приходи - баратели до Министерството за економија треба да достават:

- пополнет образец на барање за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи,

- потврда од работодавецот за висината на исплатена плата на барателот и на членовите на потесното семејство во последните три месеци кои заедно со него ќе го користат одморот,

- фотокопија од лична карта или патна исправа за барателот и членовите на потесното семејство кои заедно со него ќе го користат одморот,

- доказ за членовите на потесното семејство (извод од венчани, потврда за развод или умреница за член од семејството),

- изјава дека барателот лично или со членовите на потесното семејство кои се наведени во барањето ќе го користат одморот и

- изјава дека барателот морално, материјално и кривично одговара за внесените податоци (личните податоци и финансиските средства) во изјавата, потпишана од барателот.

Образецот на барањето за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на Министерството: www.economy.gov.mk

Барањето за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на оваа програма.

Изјавата дека барателот лично или со членовите на потесното семејство кои се наведени во барањето ќе го користат одморот се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на изјавата дека барателот лично или со членовите на потесното семејство кои се наведени во барањето ќе го користат одморот се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на оваа програма.

IV

За спроведување на Јавниот повик за организиран одмор за работници со ниски приходи, се формира комисија од страна на министерот за економија, која ќе биде составена од три члена и нивни заменици од редот на вработените во Министерството за економија. Комисијата по пристигнувањето на сите барања за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи доставени за времетраењето на Јавниот оглас, со записник ќе го утврдат точниот број на пристигнати барања и ќе изготви Листа за баратели кои имаат уредна и комплетна документација која заедно со извештајот ја доставува до министерот за економија.

Работниците со ниски приходи-баратели кои не доставиле уредна и комплетна документација нема да бидат утврдени во Листата на баратели.

Листата на баратели кои доставиле уредна и комплетна документација се објавува на веб страната на Министерството за економија најдоцна седум дена од денот на утврдувањето на Листата на баратели.

На работниците со ниски приходи – баратели, кои се утврдени во Листата на баратели, Министерството за економија им издава Потврда за користење на средства за организиран одмор во износ од 12.000,00 денари.

Потврдата за користење на средства за организиран одмор се издава по принципот “прв дојден прв услужен“.

Потврдата за користење на средства за организиран одмор може да се користи само од работникот на кој му е издадена заедно со членовите на неговото потесно семејство кои се наведени во барањето за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи.

Потврдата за користење на средства за организиран одмор се издава на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на Потврдата за користење на средства за организиран одмор се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на оваа програма.

V

Угостителските објекти од Листата на угостителски објекти за сместување во кои работниците со Потврдата за користење на средства за организиран одмор, го реализирале одморот, до Министерство за економија треба да го достават оригиналот од Потврдата за користење на средства за организиран одмор заедно со фактура за наплата на средствата за реализираниот одмор, најдоцна до 13.12.2021 година.

VI

Министерството за економија, заклучно со 31.3.2022 година до Владата на Република Северна Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 40-578/1
16 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

Прилог 1

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
ул. Јуриј Гагарин бр. 15
1000 Скопје

**Б А Р А Њ Е**

**за ДОБИВАЊЕ НА потврда ЗА ОДМОР нА работници СО НИСКИ ПРиходи**

_______________________________________________

**(ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА БАРАТЕЛОТ)**
**Податоци за барателот:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Име и презиме на кандидатот-апликантот** | |
| 2. | **Ден, месец и година на раѓање** | |
| 3. | **Место на раѓање** | |
| 4. | **Адреса на живеење** | |
| 5. | **Регистарски број на лична карта и назив на органот кој го издава** | |
| 6. | **ЕМБГ** | |
| 7. | **Телефон / телефакс / e-mail** | |
| 8. | **Угостителски објект за сместување од листата на угостителски објекти** | |

**Членови од семејството**

| | **Име и презиме** | **Датум и место на раѓање** | **Сродство** |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |

__________ **2021 година**

_____________________________
***(потпис на подносителот на барањето)***

Прилог 2

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

# И З Ј А В А

за користење на одмор

Од ______________________________датум и место на раѓање_____________
( Име и презиме на барателот)

______________________________________________________________________
(Адреса на живеење на подносителот на барањето)

**Членови на семејството**

___________________датум и место на раѓање_____________сродство_______
___________________ датум и место на раѓање_____________сродство________
___________________ датум и место на раѓање_____________сродство_______
(име и презиме)

Изјавувам дека јас лично и членовите на моето потесно семејство ќе користиме одмор во еден од угостителските објекти за сместување во туристичките центри на Република Северна Македонија.

_________ 2021 година
Скопје

_________________________
Потпис на давателот на изјавата

Прилог 3

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**П О Т В Р Д А**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ОРГАНИЗИРАН ОДМОР**

На лицето ______________________________ роден-а на ___________
(име и презиме) (ден-месец-година)
во ______________________ ЕМБГ ______________________со место на
(град)
живеење ______________________________ и членови на потесното
(улица и број)
семејство:
Име и презиме ______________________ сродство _________
Име и презиме ______________________ сродство _________
Име и презиме ______________________ сродство _________

**МУ СЕ ИЗДАВА ПОТВРДА ВО ИЗНОС ОД**
**12.000,00 ДЕНАРИ**

Бр. ______________ **Министер за економија**
_________ 2021 година
Скопје

**МП**

**184.**

Врз основа на член 42 став (2) од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 307/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА ЗА 2021 ГОДИНА**

1. Финансирањето на училишните објекти од средното образование се врши согласно член 101 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/20).

Со оваа програма се планира распределба на средства за градби (изградба, доградба и надградба) и реконструкции, стручно технички надзор во процесот на градежните активности, обезбедување на техничка документација, податоци и услуги од страна на јавни институции и средства за непредвидени работи и вишоци за училишни објекти за средни училишта во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 39.700.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, на Раздел 16001 - Министерство за образование и наука, Потпрограма ТГ - Изградба на средни училишта и Потпрограма ТД - Реконструкција на средни училишта, ставка 482.

Средствата за реализација на оваа програма обезбедени со Потпрограма ТГ - Изградба на средни училишта во вкупен износ од 19.700.000 денари, се распределуваат за:

- Наградба и доградба на СМУ „Тодор Даскаловски - Тетоец“- Тетово во износ од 8.000.000 денари;
- Стручно-технички надзор при изградби, доградби и надградби на училишни објекти во износ од 1.000.000 денари и
- Техничка документација, трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции, средства за непредвидени работи и вишоци по склучени договори во износ од 10.700.000 денари.

Средствата за реализација на оваа програма обезбедени со Потпрограма ТД - Реконструкција на средни училишта во вкупен износ од 20.000.000 денари, се распределуваат за:

- Реновирање на санитарни јазли во СОУ „Орде Чопела“, Прилеп во износ од 1.800.000 денари;
- Реконструкција на СОУ „Кочо Рацин“ - Земјоделско училиште во износ од 10.570.000 денари;
- Реконструкција на кров и партерно уредување во ДСУ „Искра“ Штип во износ од 5.970.000 денари;
- Стручно-технички надзор при изградби, доградби и надградби на училишни објекти во износ од 1.000.000 денари и
- Техничка документација, трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции, средства за непредвидени работи и вишоци по склучени договори во износ од 660.000 денари.

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-579/1
16 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**185.**

Врз основа на член 5 алинеја 1 од Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 41/14, 61/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОСНОВНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА 2021 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се утврдува висината на средствата, намената и начинот за нивното користење, видот и обемот на основните геолошки истражувања за 2021 година.

II

Средствата за финансирање на оваа програма се во износ од 2.850.000 (два милиони осумстотини педесет илјади) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, раздел - 10001, програма 2, потпрограма 21 - Геолошки завод, категорија 48 - капитални расходи, ставка 485 - вложувања и нефинансиски средства.

III

Средствата за финансирање на оваа програма се со цел обезбедување на основните геолошки - хидрогеолошки карти и податоци за геолошко - хидрогеолошкиот состав и структура на земјината кора и ќе се користат за следната намена:

| Ред. бр. | Опис | Износ (денари) |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Основна хидрогеолошка карта на Република Северна Македонија во размер 1:100 000, лист Качаник ( IV фаза на реализација) | 1.100.000 |
| 2. | Изработка на Основна хидрогеолошка карта на Република Северна Македонија во размер 1:100 000, лист Скопје (I фаза на реализација) | 1.750.000 |

IV

Реализацијата на проектите од оваа програма ќе се врши врз основа на склучени договори со изведувачи кои ќе се изберат со објавување на јавен повик и спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Со најповолниот понудувач Геолошки завод на Република Северна Македонија ќе склучи договор за јавна набавка.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12236/1-20
16 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**186.**

Врз основа на член 121 став 2 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/04, 77/07,103/08, 24/11, 164/13, 97/15, 152/15, 52/16 и 140/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ**
**ЗА ПЕРИОДОТ 2021–2022 ГОДИНА**

I. ВОВЕД

Со оваа програма се утврдуваат основните цели на политиката за заштита на потрошувачите, мерките и активностите за промоција и информирање на потрошувачите, советување, едукација, како и потребните финансиски средства за реализирање на програмата.

II. ЦЕЛИ НА ПОЛИТИКАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Основната цел на политиката за заштита на потрошувачите е унапредување и заштитата на правата на потрошувачите.

Согласно стратешките приоритети на Европската унија за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните и високи стандарди за заштита на потрошувачите утврдени во оваа програма, се однесуваат на:

- Подобрување на законодавството за заштитата на потрошувачите;
- Подобрување на информираноста и едукацијата на потрошувачите, како и подигање на свеста за нивните права;
- Остварување на правата на потрошувачите со подобрување на пристапот до алтернативно решавање на спорови и
- Зајакнување на соработката помеѓу институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и поддршка на невладиниот сектор во делот на заштитата на потрошувачите.

Приоритетите од ставот 2 на овој дел имаат за цел:

1. Обезбедување на повисоко ниво на заштита на потрошувачите, преку ефикасна примена и имплементација на следните нови закони: Законот за заштита на потрошувачите, Законот за општа безбедност на производите, Законот за техничките барања за производите и оцена на сообразност и Законот за заштита на пациентите, усогласени со новите директиви на Европската Унија, како и Стратегијата за заштита на потрошувачите за 2021-2024 година,
2. Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите, едукација и обезбедување поддршка за невладините организации на потрошувачите;
3. Натамошна хармонизација на законодавството за заштита на потрошувачите и олеснување на пристапот до алтернативно решавање на спорови и
4. Координација на активностите за надзор и зајакнување на соработката помеѓу институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и поддршка на невладиниот сектор за обезбедување информации и помош за потрошувачите.

III. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2021 И 2022 ГОДИНА

А. А К Т И В Н О С Т И З А 2021 Г О Д И Н А

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Министерството за економија активностите ќе ги реализира во соработка со невладините организации од областа на заштитата на потрошувачите по пат на објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства во висина од 2.000.000 денари за реализација на програма (проект) и тоа за:

**Цел 1.** Одржување на работни средба за имплеметација на новиот Закон за заштита на потрошувачите со новите директиви на Европската Унија.

**Планирани активности:**

1.1.Презентација на одредбите од новиот Закон за заштита на потрошувачите по однос на заштита на колективни интересни права на потрошувачите.

**Учесници:**

Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за животна средина, Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за лекови и медицински средства, Државниот инспекторат за труд, Царинската управа, Бирото за развој на образованието, стопанските комори, бизнис заедницата, здруженија на граѓани и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

**Потребни средства:** 60.000 денари

**Цел 2.** Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите, едукација и обезбедување поддршка за невладините организации на потрошувачите.

**Планирани активности:**

2.1. Подготовка и печатење на летоци и брошура за правата на потрошувачите согласно законската регулатива од областа на заштитата на потрошувачите.

**Потребни средства:** 100.000 денари

2.2. Промоција на летоците од областа на заштитата на потрошувачите-Организирање на прес конференција во Министерството за економија.

**Учесници:**

Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за животна средина, Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за лекови и медицински средства, Државниот инспекторат за труд, Царинската управа, Бирото за развој на образованието, стопанските комори, бизнис заедницата, здруженија на граѓани и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

**Потребни средства:** 0 денари

2.3 Презентација на анализа за состојбата во однос на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити при примена на прописите од страна на кредиторите и кредитните посредници со цел за остварување на соодветно ниво на заштита на економските интереси на потрошувачите, како и постапка за за решавање на спорови настанати од ова област.

**Учесници:**

Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и

врски, Министерството за финансии, Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за животна средина, Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за лекови и медицински средства, Државниот инспекторат за труд, Царинската управа, Бирото за развој на образованието, стопанските комори, бизнис заедницата, здруженија на граѓани и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

**Потребни средства:** 60.000 денари

2.4 Поддршка на невладините организации за заштитата на потрошувачите за спроведување на следното:

- подигање на потрошувачката свест и култура;
- информирање и советување на потрошувачите во рамки на советите за потрошувачи формирани во локалните самоуправи и локалните, односно националните невладини организации за заштита на потрошувачите;
- правни совети на потрошувачите;
- медиумски кампањи;
- доставување на мислења и инцијативи за доуредување на законската регулатива;
- консултанска поддршка на локалните совети за заштита на потрошувачите и
- други активности согласно Законот за заштита на потрошувачите.

**Учесници:** Невладините организации за заштитата на потрошувачите.

**Потребни средства:** 1.650.000 денари

2.5. Финансиска поддршка на здруженијата на потрошувачите за членарина во Европската организација на потрошувачите-BEUC и Светската потрошувачка организација-Consumers International.

**Потребни средства:** 80.000 денари

Цел 4. Координација на активностите за надзор и зајакнување на соработката помеѓу институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и поддршка на невладиниот сектор за обезбедување информации и помош за потрошувачите.

**Планирани активности:**

4.1. Организирање на работна средба со институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и невладиниот сектор за заштита на потрошувачите за унапредување на соработката и координацијата на активностите.

**Учесници:**

Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за животна средина, Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за лекови и медицински средства, Државниот инспекторат за труд, Царинската управа, Бирото за развој на образованието, стопанските комори, бизнис заедницата, здруженија на граѓани и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

**Потребни средства:** 0 денари

4.2. Соработка на Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата на Република Северна Македонијасо Советите за заштита на потрошувачите од поодделни општини и градот Скопје заради унапредување на соработката и согледување на степенот на реализацијата на локалните програми за заштита на потрошувачите во согласност со оваа програма.

Организирање на две работни средби во Скопје и Охрид.

**Учесници:**

Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа, Бирото за развој на образованието, Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за електронски комуникации, стопанските комори, Организацијата на потрошувачите на Македонија, Градот Скопје, општините во Република Северна Македонија и претставници од Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата на Република Северна Македонија.

**Потребни средства:** 50.000 денари

**Вкупно потребни средства:** 2.000.000 денари

2.МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**Државен санитарен и здравствен инспекторат**

Министерството за здравство, преку Државниот санитарен и здравствен инспекторат во рамки на развивање и унапредување на политиката за заштита на потрошувачите во областа на заштитата на правата на пациентите ќе ги реализира следните активности:

**Цел 2.** Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите, едукацијата и обезбедување поддршка за невладините организации на потрошувачите.

**Планирани активности:**

2.1. Понатамошно имплементирање на Законот за заштита на правата на пациентите од страна на инспекторите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, кои секојдневно на терен ја следат состојбата настаната со пандемијата со COVID-19, континуирано работат на контрола врз спроведувањето на мерките, препораките и Протоколите за постапување во услови на пандемија со цел заштита и безбедност на населението од ширење на заразни болести.

**Учесници:**

Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, претставници на здравствените установи, здравствени работници, Лекарската комора, Македонското лекарско здружение и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

**Потребни средства:** 0 денари

2.2. Согледувањето на состојбите од областа на заштитата на правата на пациентите, правата и обврските на здравствените установи, здравствените работници и правата и обврските на пациентите.

Организирање на работни средби во Скопје.

**Учесници:**
Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, претставници на здравствените установи, здравствени работници, Лекарската комора, Македонското лекарско здружение и Организацијата на потрошувачите на Македонија.
**Потребни средства:** 0 денари

2.3. Организирање на on-line работни средби на инспекторите во подрачните одделенија со претставници на локалната самоуправа во општините, кои се обврзани согласно Законот за заштита на правата на пациентите да формираат Комисија за заштита на правата на пациентите.
Организирање на работни средби во Куманово, Крива Паланка, Кавадарци, Неготино, Демир Капија, Струга, Дебар, Кратово и Пробиштип.

**Учесници:**
Државниот санитарен и здравствен инспекторат, претставници на локалната самоуправа, претставници на здравствените установи, здравствените работници и Организацијата на потрошувачите на Македонија.
**Потребни средства:** 0 денари

**Цел 4.** Координација на активностите за надзор и зајакнување на соработката помеѓу институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и поддршка на невладиниот сектор за обезбедување информации и помош за потрошувачите.

**Планирани активности:**
4.1. Изготвување на извештаи за постапувањето по поднесените претставки од страна на пациентите континуирано во текот на годината, како и за редовните инспекциски надзори на шест месеци, согласно Законот за заштита на правата на пациентите.
**Потребни средства:** 0 денари

**Вкупно потребни средства:** 0 денари

3. АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Агенцијата за храна и ветеринарство, во рамки на развивање и унапредување на политиката за заштита на потрошувачите во областа на храната ќе ги реализира следните активности:

**Цел 2:** Обезбедување на повисоко ниво на заштита на потрошувачите при онлајн купување на храна.

**Планирани активности:**
2.1 Изготвување на „Прирачник со совети за потрошувачите при online купување на храна (продажба на далечина)". Со прирачникот ќе бидат опфатени предностите кои ги носи овој начин на купување, но и предизвиците кои се однесуваат на заштита на правото на потрошувачот во случај на ваков вид на продажба.
2.2 Објавување на веб страницата на Агенцијата за храна и ветеринарство и на веб-страниците на други заинтересирани страни.
2.3 Медиумско анимирање и претставување на „Прирачникот со совети за потрошувачите при online купување на храна (продажба на далечина)".

**Учесници:**
Граѓанските здруженија, на кои ќе им бидат доделени финансиските сретства за реализирање на активностите, ќе соработуваат со Министерството за образование и наука, научни институции, Агенцијата за храна и ветеринарство и со општините.
**Потребни средства:** 500.000 денари
**Вкупно потребни средства:** 500.000 денари

4. МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**Биро за развој на образованието**

Бирото за развој на образованието, согласно насоките на Европската Унија, континуирано ќе ги реализира активностите за едукација на учениците од областа за заштита на потрошувачите во воспитно образовниот процес во насока на подобрување на информираноста и едукацијата за остварување на своите права и подигање на нивната свест како потрошувачи и тоа:

**Цел 2:** Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите преку едукацијата на учениците и наставниот кадар со активно унапредување на наставните предмети со поддршка на невладините организации на потрошувачите.

**Планирани активности:**
2.1. Стручна поддршка на наставниците во рализација на темата Заштита на потрошувачите кои го предаваат наставниот предмет Вештини за живеење во основното образование.
Работилници во основни училишта во Скопје и тоа: „Љубен Лапе", „Лазо Ангеловски", „Драга Стојановска", „Партение Зографски", „Кристјан-Тодоровски Карпош", „Григор Прличев" и др.
2.2. Посета во одредени Ученички домови во Скопје и други градови во Република Северна Македонија и тоа: „Партенија Зографски", „Св.Наум Охридски", „Здравко Цветковски" и „Завод за рехабилитација", за презентирање на правата на учениците како потрошувачи.
2.3. Организирање на работилници од страна на Организацијата на потрошувачите на Македонија и Град Скопје преку проектот наменет за средните училишта/ученичките домови на тема „Младите во онлајн пазарењето, актуелни содржини, потребите на младите за заштита на потрошуваките права, како и други ризици пред кои се исправени за време на пазарењето и во време на пандемијата".

**Учесници:**
Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Бирото за развој на образованието, Агенцијата за храна и ветеринарство, преставници од основните училишта, преставници од средните училишта, ученици од наведените училишта, преставници од научно истражувачки институции, граѓански организации и Организацијата на потрошувачите на Македонија.
2.4. Организирање дебати со наставници и ученици во средни училишта за поставеност на темата Заштита на потрошувачите во рамките на вон наставни активности/слободните часови на училиштето, со цел „Како до воведување во средните училишта едукација за потрошувачките права".

**Учесници:**
Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Бирото за развој на образованието, Агенцијата за храна и ветеринарство, преставници од основните училишта, преставници од средните училишта, ученици од наведените училишта, преставници од научно истражувачки институции, граѓански организации и Организацијата на потрошувачите на Македонија.
**Потребни средства:** 65.000 денари
**Вкупно потребни средства**: 65.000 денари

Б. АКТИВНОСТИ ЗА 2022 ГОДИНА

1.МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Министерството за економија активностите ќе ги реализира во соработка со невладините организации од областа на заштитата на потрошувачите по пат на објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства во висина од 2.000.000 денари за реализација на програма (проект) и тоа за:

**Цел 1.** Одржување на работна средба за имплементација на новиот Закон за општа безбедност на производи со новите директиви на Европската Унија и новиот Закон за технички прописи на производи и оцена на сообразност.

**Планирани активности:**
Презентација на новиот Закон за општа безбедност на производи и на Законот за технички прописи на производи и оцена на сообразност по однос на увоз и промет на детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба.
Организирање на работна средба.

**Учесници:**
Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за лекови и медицински средства, Царинската управа, Бирото за развој на образованието, стопанските комори, бизнис заедницата (застапници, увозници, дистрибутери, шпедитери), здруженија на граѓани и Организација на потрошувачите на Македонија.
**Потребни средства:** 100.000 денари

**Цел 2.** Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите, едукацијата и обезбедување поддршка за невладините организации на потрошувачите.

**Планирани активности:**
2.1. Зголемување на нивото на информираноста на потрошувачите по однос на телекомукациски услуги преку анализа на состојба на прописите за телекоминикасики услуги во Република Северна Македонија и постапка за решавање на спорови настанати во ова област.
Организирање на работна средба.

**Учесници:**
Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Агенцијата за храна и ветеринарство, Бирото за развој на образованието, бизнис заедницата, стопанските комори, здруженијата на граѓани и Организацијата на потрошувачите на Македонија
**Потребни средства:** 70.000 денари

2.2. Поддршка на невладините организации за заштитата на потрошувачите за спроведување на следното:
- подигање на потрошувачката свест и култура;
- информирање и советување на потрошувачите во рамки на советите за потрошувачи формирани во локалните самоуправи и локалните, односно националните невладини организации за заштита на потрошувачите;
- правни совети на потрошувачите;
- медиумски кампањи;
- доставување на мислења и инцијативи за доуредување на законската регулатива;
- консултанска поддршка на локалните совети за заштита на потрошувачите и
- други активности согласно Законот за заштита на потрошувачите.

**Учесници:**
Невладините организации за заштитата на потрошувачите.
**Потребни средства:** 1.650.000 денари

2.3. Финансиска поддршка на здруженијата на потрошувачите за членарина во Европската организација на потрошувачите (BEUC) и Светската потрошувачка организација (Consumers International).
**Потребни средства:** 80.000 денари

2.4. Подготовка и печатење на две брошури за правата на потрошувачите согласно законската регулатива од областа на заштитата на потрошувачите преку алтернативно решавање на спорови.
**Потребни средства:** 60.000 денари

Цел 3. Обезбедувањето на повисоко ниво на заштита на потрошувачите, преку изработка на компаративна анализа во рамки на регионот и ЕУ по однос на нов предлог на Закон за алтернативно решавање на спорови со соодветната ЕУ легислатива и презентација за најдобри решенија во Република Северна Македонија.

**Планирани активности:**
3.1 Организирање на работна средба и презентација на најдобри решенија во Република Северна Македонија по однос на нов предлог Закон за алтернативно решавање на спорови со соодветната ЕУ легислатива.
Организирање на семинар во Скопје.

**Учесници:**
Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија, Министерството за правда, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за животна средина, Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за лекови и медицински средства, Државниот инспекторат за труд, Царинската управа, Бирото за развој на образованието, стопанските комори, бизнис заедницата, здруженијата на граѓани и Организацијата на потрошувачите на Македонија.
**Потребни средства:** 30.000 денари

**Цел 4.** Координација на активностите за надзор и зајакнување на соработката помеѓу институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и поддршка на невладиниот сектор за обезбедување информации и помош за потрошувачите.

**Планирани активности:**

4.1. Соработка на Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата на Република Северна Македонија со Советите за заштита на потрошувачите од пооделни општини и Градот Скопје, заради унапредување на соработката и согледување на степенот на реализацијата на локалните програми за заштита на потрошувачите во согласност со оваа програма.

Организирање на две работни средби во Скопје.

**Учесници:**

Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа, Бирото за развој на образованието, Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за електронски комуникации, стопанските комори, Организацијата на потрошувачите на Македонија, Градот Скопје, општините во Република Северна Македонија и претставници од Советот за заштита на потрошувачите, формиран од Владата на Република Северна Македонија.

**Потребни средства:** 10.000 денари

**Вкупно потребни средства:** 2.000.000 денари

2. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**Државен санитарен и здравствен инспекторат**

Министерството за здравство, преку Државниот санитарен и здравствен инспекторат, во рамки на развивање и унапредување на политиката за заштита на потрошувачите во областа на заштитата на правата на пациентите ќе ги реализира следните активности:

**Цел 2.** Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите, едукацијата и обезбедување поддршка за невладините организации на потрошувачите.

**Планирани активности:**

2.1. Понатамошно имплементирање на Законот за заштита на правата на пациентите од страна на инспекторите во подрачните одделенија.

Организирање на регионални средби во Кичево, Охрид, Берово, Делчево, Струмица, Дебар, Струга, Куманово, Крива Паланка и Кратово.

**Учесници:**

Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Министерството за здравство и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

**Потребни средства:** 0 денари

2.2. Согледувањето на состојбите од областа на заштитата на правата на пациентите, правата и обврските на здравствените установи, здравствените работници и правата и обврските на пациентите.

Организирање на работни средби во Скопје.

**Учесници:**

Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, претставници на здравствените установи, здравствените работници, Лекарската комора, Македонското лекарско здружение и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

**Потребни средства:** 0 денари

2.3. Организирање на работни средби од страна на инспекторите во подрачните одделенија со претставници на локалната самоуправа во општините кои се обврзани согласно Законот за заштита на правата на пациентите да формираат Комисија за заштита на правата на пациентите.

Организирање на работни средби во Тетово, Гостивар, Битола, Прилеп, Гевгелија, Дојран, Кичево и Охрид.

**Учесници:**

Државниот санитарен и здравствен инспекторат, претставници на локалната самоуправа, претставници на здравствените установи, здравствените работници и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

**Потребни средства:** 0 денари

**Цел 4.** Координација на активностите за надзор и зајакнување на соработката помеѓу институциите вклучени во заштитата на потрошувачите и поддршка на невладиниот сектор за обезбедување информации и помош за потрошувачите.

4.1. Изготвување на извештаи за постапувањето по поднесените претставки од страна на пациентите континуирано во текот на годината, како и за редовните инспекциски надзори на шест месеци, согласно Законот за заштита на правата на пациентите.

**Потребни средства:** 0 денари

**Вкупно потребни средства:** 0 денари

3. АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Агенцијата за храна и ветеринарство активностите ќе ги реализира во соработка со невладиниот сектор/граѓански здруженија, кои се активни на полето на потрошувачкото право, со цел јакнење на соработката и поддршка на политиките.

**Цел 2.** Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите, едукацијата и обезбедување поддршка за ранливите групи на потрошувачи преку едукативно информативни содржини кои се однесуваат на актуелни состојби врзани со измамите со храна.

**Планирани активности:**

2.1 Изготвување на едукативна брошура на темата: „Измами со храна и ранливите групи на потрошувачи“.

2.2 Објавување на веб страницата на Агенцијата за храна и ветеринарство и на веб страниците на други заинтересирани страни.

2.3 Медиумско анимирање и претставување на едукативна брошура на темата: „Измами со храна и ранливите групи на потрошувачи“.

**Учесници:**

Граѓанските здруженија на кои ќе им бидат доделени финансиските сретства за реализирање на активностите, ќе соработуваат со Министерството за образование, научни институции, Агенцијата за храна и ветеринарство и општините.

**Потребни средства:** 500.000 денари

**Вкупно потребни средства** 500.000 денари

4.МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**Биро за развој на образованието**

Бирото за развој на образованието согласно насоките на Европската Унија, континуирано ќе ги реализира активностите за едукација на учениците од областа за заштита на потрошувачите во воспитно образовниот процес во насока на подобрување на информираноста и едукацијата за остварување на своите права и подигање на нивната свест како потрошувачи и тоа:

**Цел 2:** Зголемување на транспарентноста на информациите за потрошувачите преку едукацијата на учениците и наставниот кадар со активно унапредување на наставните предмети со поддршка на невладините организации на потрошувачите.

2.1.Зголемена свесност кај учениците за важноста на правата на потрошувачите и заштита на нивните права.

**Планирани активности:**
Едукација за важноста на правата на потрошувачите и нивната заштита во основното и средното образование. Организирање на обуки, работилници, дебати, и слично, за наставниот предмет „Вештини за живеење", кој се изучува како изборен предмет во VII, VIII и IX одделение, кој одработува повеќе тематски подрачја, меѓу кои и заштитата на правата на учениците како потрошувачи.

**Учесници:**
Бирото за развој на образованието, наставници, ученици и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

2.2. Едукација на наставниците и учениците за потрошувачко право, неговата важност на заштитата, часовите и проектните активности/слободни часови по Бизнис и иновации и претприемништво во училишта за средно образование и на воспитните групи во Ученичките домови.

**Планирани активности:**
Воспоставување на поблиска соработка на надлежните национални институции, невладините организации, Организација за заштита на потрошувачи на Македонија и училиштата за средно образование, надлежностите и активностите на институциите, начинот на соработка, координираност, согласно оваа програма.

Обуки, тренинзи, изработка на едукативни материјали за иформираност и примена на потрошувачкото право на учениците. Истото се однесува и на учениците во училиштата со посебни образовни потреби, како и на ученичките домови.

**Учесници:**
Биро за развој на образованието, наставници, ученици и Организацијата на потрошувачите на Македонија

2.3. Зголемена свесност кај учениците со посебни потреби за важноста на правата на потрошувачите и заштита на нивните права.

**Планирани активности:**
Едукација на учениците за потрошувачко право, неговата важноста на заштитата преку часовите и проектните активности/слободни часови во училиштата за средно образование за деца со посебни потреби, како и ученичките домови. Со одржување на обуки, семинари, изработка на едукативно-дидактички материјали за потрошувачкото право во училиштата за основно и средно образование, училиштата за деца со посебни потреби како и ученичките домови, со цел да се запознаат учениците со важноста од постоење на заштита на потрошувачи, начинот на контактирање со потрошувачите, мерките кои се преземаат за заштита на потрошувачите, права и заштита при електронска нарачка и електронска трговија, начинот на решавање на жалбите на потрошувачите и слично.

**Учесници:**
Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Бирото за развој на образованието, наставници, ученици и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

2.4. Организирање дебати со наставници и ученици во средни училишта за поставеност на темата Заштита на потрошувачите во рамките на вон наставни активности/слободните часови на училиштето, со цел „Како до воведување во средните училишта едукација за потрошувачките права".

**Учесници:**
Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Бирото за развој на образованието, Агенцијата за храна и ветеринарство, преставници од основните училишта, преставници од средните училишта, ученици од основни и средни училишта, преставници од научно-истражувачки институции, граѓански организации и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

**Потребни средства:** 120.000 денари

**Вкупно потребни средства:** 120.000 денари

IV. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Мерките и активностите од оваа програма ќе се реализираат во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Севрна Македонија за 2021 и 2022 година.

Надлежните министерства и институции по одделните активности од оваа програма ќе ги реализираат од сопствени буџетски средства одобрени за тековната година.

За 2021 година за реализација на активностите од оваа програма потребни се вкупно 2.560.000 денари.

За 2022 година за реализација на активностите од оваа програма потребни се вкупно 2.620.000 денари.

V. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-12355/1-20 | Претседател на Владата |
| 16 јануари 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**187.**

Врз основа на член 5 став (2) од Законот за акредитација („Службен весник на Република Македонија", бр.120/09, 53/11, 41/14, 53/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

**ПРОГРАМА
ЗА РАБОТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЗА 2021 ГОДИНА**

**I. Вовед**

Согласно Законот за акредитација Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: ИАРСМ) е јавна установа која ги врши работите и задачите на единствено национално тело за акредитација, согласно пропишана постапка за акредитирање врз основа на овој и други закони и врши надзор над исполнувањето на барањата за акредитација.

Акредитацијата е постапка за формално признавање на оспособеноста за извршување на одредени дејности во смисла дека определено тело за оцена на сообразност ги задоволува барањата предвидени со националните, европските и меѓународните стандарди, соодветната правна регулатива, процедурите на ИАРСМ, како и препораките на европската и светските организации за акредитација. Имајќи ја предвид нејзината улога како алатка на регулаторите и државата, во одредени области акредитацијата е пропишана како законски услов кој одреден субјект мора да го исполнува, доколку за своето работење треба да се здобие со одредено овластување издадено од надлежен државен орган.

Основни области во кои се изведуваат постапките на акредитација се:

- лаборатории за тестирање и калибрација,
- медицински лаборатории,
- тела кои вршат сертификација на производи, процеси и услуги
- тела кои вршат сертификација на системи за управување и
- тела кои вршат инспекција.

Акредитацијата е меѓународно призната алатка со која посредно се: обезбедува и гарантира безбедност и квалитет на производите и услугите, слободен развој на меѓународната трговија, се намалуваат трошоците и грешките во работењето, на сметка на зголемување на ефикасноста и економичноста во искористеноста на материјалните и човечките ресурси.

Акредитацијата обезбедува олеснување на светската трговија. Ова од причина што нејзиното примарно значење или придобивка се состои во тоа што еднаш испитаните/сертифицираните производи и услуги под знакот на акредитацијата, немаат потреба од повторно испитување. Имајќи го предвид фактот дека ИАРСМ е потписник на три значајни меѓународни договори со кои се обезбедува оваа придобивка, таа важи и за домашните производи и услуги кога се пласираат во и надвор од земјата.

Имено, ИАРСМ како полноправен член на Европската и Светските организации за акредитација е потписник на меѓународните Договори за взаемно признавање на сертификатите за акредитација со нив, и тоа:

- со Европската организација за акредитација (ЕА) е потписник на EA-MLA (Multilateral agreement – MLA1),
- со Меѓународната (светската) организација за акредитација на лаборатории, инспекциски тела и организатори на тестирања за оспособеност (ILAC) е потписник на ILAC-MRA (Mutual Recognition Arrangement- MRA2) и
- со Меѓународниот форум за акредитација (IAF) е потписник на IAF-MLA Multilateral agreement – MLA3) за прифаќање на сертификати и извештаи издадени од акредитираните тела за оцена на сообразност во светот.

Со потпишувањето на Договорите, ИАРСМ ги отвори вратите за домашните производи и услуги на европскиот и светскиот пазар, согласно принципот „еднаш акредитиран, насекаде прифатен“.

Имено, основната придобивка од Договорите е тоа што издадените документи од македонските акредитирани тела за оцена на сообразност, согласно стандардите МКС EN ISO/IEC 17025 за лаборатории за тестирање и калибрација, МКС EN ISO/IEC 17020 за инспекциски тела, МКС EN ISO 15189 за медицински лаборатории и МКС EN ISO/IEC 17065 за сертификациски тела за производи, процеси и услуги и МКС EN ISO/IEC 17021-1 за сертификациски тела за системи за управување, се признаваат на европско и светско ниво.

Досегашното успешно реализирање на клучните определби на ИАРСМ на меѓународен план, се само дополнителен поттик, но воедно и обврска, за исполнување на стратешкиот интерес и визија на ИАРСМ во правец на одржување и зајакнување на статусот на полноправен член во меѓународните организации за акредитација.

Реализацијата на активностите од оваа програма, воедно ќе биде основа и подготовка на ИАРСМ за следната редовна peer-evaluation оцена од страна на ЕА, која е веќе планирана за реализација кон крај на месец ноември и првата недела од декември 2021 година.

**II. Цели на Програмата за работа на ИАРСМ за 2021 година**

Стратешки интерес и цел на ИАРСМ е континуирано одржување и зајакнување на системот за акредитација, кој ќе обезбеди доверба во компетентноста на телата за оцена на сообразност (сертификациските тела, лабораториите за тестирање и калибрација, медицинските лаборатории и инспекциските тела) и во нивните издадени документи и воедно ја обезбедува слободната трговија со домашните производи и услуги на пазарите во Европа и светот.

---

1 EA-MLA претставува договор потпишан помеѓу акредитациските тела, членки на ЕА, за признавање на еднаквост и доверливост, а со тоа и прифаќање на акредитираните сертификациски, инспекциски, калибрациски сертификати и извештаи од тестирање низ цела Европа.

2 ILAC-MRA претставува договор потпишан помеѓу акредитациските тела, членки на ILAC, за признавање на еднаквост и доверливост, а со тоа и прифаќање на акредитираните инспекциски сертификати и извештаи од тестирање низ светот.

3 IAF-MLA претставува договор потпишан помеѓу акредитациските тела, членки на IAF, за признавање на еднаквост и доверливост, а со тоа и прифаќање на акредитираните сертификати издадени од акредитираните сертификациски тела за производи и системи за управување во светот.

Акредитацијата, како во светот, така и во Република Северна Македонија игра важна улога во јакнењето на внатрешниот пазар, квалитетот и безбедноста на живеење, а приматот во нејзината улога е развој на домашното стопанство и негово интегрирање во светски рамки. Но, за Република Северна Македонија таа е особено важен инструмент и како поддршка за нејзиното интегрирање кон Европската Унија.

Имајќи ги предвид придобивките од реализацијата на претходно зацртаните планови и цели на ИАРСМ, кои се признание за успешно вршење на акредитациската дејност, како и потенцијалите што произлегуваат од нив, треба да се има предвид и нивното повеќенаменско значење.

Оттука, главните активности на ИАРСМ во 2021 година ќе бидат насочени кон одржување и надградба на системот за управување со квалитет согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018, како основен услов за одржување на договорите.

- Примарна цел за реализација на Програмата:

Одржување и надградба на системот за управување со квалитет на ИАРСМ согласно барањата на новото издание на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018, како основен и единствен стандард по кој ИАРСМ работи и ги изведува постапките за акредитација.

Извештајот од самооценувањето на ИАРСМ (Self assessment report EA 2/02 T01) е позитивно оценет од страна на ЕА во однос на начинот на имплементирање на новите барања на стандардот и степенот на задоволеност на истите, врз основа на кој е даден заклучок дека ИАРСМ изврши успешна транзиција кон барањата на стандардот.

- Посебни цели за реализацијата на Програмата се:

- зголемување на бројот на акредитирани тела од страна на ИАРСМ,

- институционално зајакнување преку нови кадровски и организациски решенија и координирање на акредитациските активности преку зголемување на бројот на технички оценувачи и експерти и надградба на компетенциите на оценувачите и вработените во ИАРСМ,

- постојано залагање за олеснување на глобалната трговија преку прифаќање на резултатите од акредитираните тела за оцена на сообразност,

- промовирање на услугите на телата за оцена на сообразност акредитирани од ИАРСМ,

- зајакнување на соработката и давање техничка поддршка на министерствата и останатите институции за сите прашања поврзани со постапките за акредитација,

- активна соработка со европските и меѓународните организации за акредитација,

- постојани активности за стекнување поголема доверба кај заинтересираните страни,

- продолжување на веќе воспоставената соработка со Стопанските комори во Република Северна Македонија, Организацијата на потрошувачи на Република Северна Македонија и економските оператори,

- продлабочување и проширување на соработката со националните тела за акредитација од регионот, Европа и светот и

- учество во реализација на меѓународни проекти.

Реализацијата на програмските цели ќе се обезбеди преку средствата обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, како и преку учество во проекти како на пр.: TAIEX Инструментот на Европската комисија, ПТБ и други.

**III. Предвидени активности за реализација на Програмата**

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, раздел 10001 – Министерство за економија, во Подпрограма 51 – ИАРСМ, за категориите 40 – Плати и надоместоци, 42 – стоки и услуги, 46 – субвенции и трансфери и 48 – капитални расходи, планирани се финансиски средства во износ од 8.850.000,00 денари на сметка 637/603, 34.300.000,00 денари на сметката 631 или вкупно 43.150.000,00 денари.

- Околу 20% од средствата се наменети за плати на вработените од Буџетот на Република Северна Македонија - сметка 637/603 ИАРСМ.

- Околу 65% се наменети за стоки и услуги од сметка 637/603 и 631 ИАРСМ.

- Околу 2% од одобрените средства се наменети за субвенции и трансфери (за отпремнина при пензионирање)

- Околу 13% од средствата се наменети за капитални расходи.

Институт за акредитација на Република Северна Македонија

| Категорија Ставка | Опис | Буџет 2021 (во 000 денари) | | Вкупно расходи |
|---|---|---|---|---|
| | | 637/603 | 631 | |
| | Расходи | 8.850 | 34.300 | 43.150 |
| 40 | Плати и надоместоци | 8.500 | | 8.500 |
| 401 | Основни плати | 6.100 | | 6.100 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 2.400 | | 2.400 |
| 42 | Стоки и услуги | 350 | 27.600 | 27.950 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 50 | 2.800 | 2.850 |
| 421 | Комунални услуги, греење комуникција, транспорт | 50 | 2.000 | 2.050 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 50 | 1.000 | 1.050 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 100 | 2.500 | 2.600 |
| 425 | Договорни услуги | 100 | 14.000 | 14.100 |
| 426 | Други тековни расходи | | 3.800 | 3.800 |
| 427 | Привремени вработувања | | 1.500 | 1.500 |
| 46 | Субвенции и трансфери | | 1.000 | 1.000 |
| 464 | Разни трансфери | | 1.000 | 1.000 |
| 48 | Капитални расходи | | 5.700 | 5.700 |
| 480 | Купување на опрема и машини | | 1.500 | 1.500 |
| 481 | Градежни објекти | | 300 | 300 |
| 485 | Вложување и нефинансиски средства | | 2.100 | 2.100 |
| 486 | Купување на возило | | 1.800 | 1.800 |

За ревидирање и одржување на ефикасноста и за надградба на воспоставениот национален систем за акредитација согласно: Законот за акредитација, стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018, правилата на Европската организација за акредитација, Светската организација за акредитација на лабораториии и Меѓународниот форум за акредитација (EA, ILAC и IAF) и интерните документи на ИАРСМ, потребно е да се реализираат следниве активности:

**1. Акредитациски активности**

Во официјалниот регистар на ИАРСМ во моментот на подготовка на Програмата има 192 активни акредитирани тела за оцена на сообразност, а во тек се постапки и по нови пријави за акредитација. Во 2021 година ќе се извршат редовни надзори на веќе акредитираните тела, а воедно ИАРСМ ќе постапува и по новодоставени пријави за акредитација, врз основа на што очекува зголемување на бројот на акредитирани тела за оцена на сообразност.

Согласно Законот за акредитација, како и обврските што произлегуваат од потпишаните меѓународни договори, ИАРСМ континуирано ќе го одржува и подобрува целокупниот систем за акредитација. Во рамките на развојните активности, ИАРСМ планира да развива нови шеми и области за акредитација, согласно специфичните потреби на Република Северна Македонија и потребите на клиенти. Развојот на нови шеми и области ќе се одвива по доставено барање, во соработка со заинтересираните страни, потпомогнати со работата на Техничките комитети.

Исто така, во текот на 2021 година ќе продолжат активностите за изведување на акредитациски активности и во странство, согласно правилата за прекуграничната акредитација.

Потребни средства...................21.165.000,00 денари

**2. Трета редовна ре-евалуација што следи по потпишувањето на Договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација со Европската организација за акредитација (EA-MLA)**

Согласно правилата, плановите и програмата за работа на Европската организација за акредитација (EA), третата редовна ре-евалуација (надзор) по потпишувањето на Договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација со Европската организација за акредитација (EA-MLA) треба да се реализира во периодот 29 ноември - 03 декември 2021 година. Оцената ќе опфати севкупна оцена на системот за акредитација, при што ќе бидат оценувани и севкупните материјални и човечки ресурси со кои располага Институтот, заради што Институтот има обврска во претстојниот период да ги надополни и зајакне човечките ресурси преку унапредувања и вработувања на нови извршители и да го зајакне пулот на оценувачи и експерти. Оцената ќе биде реализирана од страна на повеќечлен меѓународен тим делегиран од EA. Севкупната организација и трошоци за реализација на активноста се на товар на ИАРСМ (патни трошоци, трошоци за храна и сместување).

Одржувањето на важноста на Договорот преку презентација и одбрана на воспоставениот систем за акредитација и исполнување на обврските што произлегуваат од него преку најразлични активности, се од суштинско значење за дејноста на ИАРСМ, за македонското стопанство и за државата.

**3. Организирање на обуки**

Одржувањето и надградувањето на компетентноста како на вработените оценувачи, така и на надворешните лица - оценувачи и експерти на ИАРСМ е неопходна потреба, но и примарна обврска што за ИАРСМ произлегува од меѓународните договори, бидејќи е основен предуслов за квалитетно и правилно изведување на постапките за акредитација.

Во време на подготовка на Програмата, Листата на оценувачи и експерти - активни ја сочинуваат: 24 водечки оценувачи, 68 технички оценувачи, 6 оценувачи во обука и 47 експерти. Осуммина од водечките оценувачи се од редот на вработените во ИАРСМ, а останатите се надворешни соработници. Во листите покрај оценувачи и експерти од Република Северна Македонија, има оценувачи и експерти од други тела за акредитација, кои се членки на EA или со кои ИАРСМ има потпишан договор за соработка. Имено, со цел да бидат задоволени барањата на стандардите за акредитација, како и да се одговори на пројавените потреби за акредитација, во постапките за акредитација се ангажираат и технички оценувачи и експерти од странство. Процентот на нивен ангажман, од година во година се намалува, бидејќи ИАРСМ континуирано настојува да го зголеми бројот на компетентни домашни оценувачи и експерти, со цел да се зголеми нивниот ангажман во постапките за акредитација.

Оттука, и во 2021 година ќе се води сметка за зајакнување на пулот на оценувачи преку обезбедување на учество на обуки, семинари и работилници со учество на кандидатите за оценувачи и техничките оценувачи и обуки со вклучување во оценувања под надзор.

Во 2021 година ИАРСМ планира да ги организира односно да обезбеди учеството на следниве обуки/работилници:

- Обуки за вработените и членовите на Советот на ИАРСМ за барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011 - Општи барања за телата за акредитација кои акредитираат тела за оцена на сообразноста, стандард по кој работи ИАРСМ (задолжително, заради одржување на системот за акредитација),
- Обука за нови и ревидирани барања на Европската Регулатива 848/2018 (Органско производство),
- Работилница за сертификациски тела за производи со заштитена ознака на потекло, заштитена географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет,
- Обука за акредитација на сертификациони тела за сертификација на системи за управување - сертификација по ISO/IEC 20000-1:2018 за Информациска технологија – Управување со услуги - Дел 1: Барања за управување со услуги,
- Обука за акредитација на тела за валидација и верификација (ISO 14065+ISO/IEC 17029- Гасови на стаклена градина - Барања за телата за валидација и верификација на гасови на стаклена градина за користење во акредитација или други форми на одобрување/Оценка на сообразност — Општи принципи и барања за телата за валидација и верификација),
- Обука за акредитација за цели на нотификација/одобрување/овластување во област на Регулативата (EC) 305/2011 (CPR – Градежни производи),
- Обука за акредитација за нотификација/овластување во однос на Директивата 2010/35/EU (TPED-Преносива опрема под притисок) дополнително ADR/ADN/RID,
- Обука за акредитација на сертификациски тела за менаџмент системи кои сертифицираат ISO 13485:2016 Медицински средства - Системи за менаџмент со квалитет - Барања за регулаторни цели и

- Обука за хармонизација на водечки и технички оценувачи за интерните правила и процедури согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018.

Обуките ќе се организираат според планираните проектни активности и планот за обуките пројавени потреби и тековните транзициони периоди на меѓународните стандарди и на истите ќе учествуваат вработените од ИАРСМ и заинтересирани страни, оценувачи и експерти.

Дел од обуките се планира да бидат организирани од страна на ИАРСМ, а дел во рамки на ПТБ проектот, ЕА и во соработка со други акредитациони тела.

Исто така, во рамки на Годишниот План за обуки на вработените во ИАРСМ ќе се реализираат и генерички и специјализирани обуки, согласно законските барања за надградба на професионалноста и компетентноста на административните службеници.

Потребни средства.......................2.500.000,00 денари

- Човечки ресурси

Во Институтот за акредитација на Република Северна Македонија редовно се вработени вкупно 14 лица.

Институтот има потреба, но и обврска согласно барањата на стандардот 17011:2018 и правилата на европската и меѓународните организации за акредитација да обезбеди односно да располага со соодветен кадровски капацитет на стручни и компетентни лица. Оттука, во претстојнава година задолжително е да се реализираат вработувања на поголем број извршители и унапредувања, со цел да се обезбедат оптимални човечки ресурси како основно барање на правилата за организациската и функционална поставеност на едно национално тело за акредитација, што ќе биде предмет на оцена во рамки на претстојната редовна надзорна оцена од страна на ЕА и клучен фактор за одржување на потписничкиот статус на меѓународните договори. Во средствата за работа се обезбедени средства за исплата на плати, како и на други права од работен однос, како што е правото на регрес за годишен одмор за 2021 година согласно Гранскиот колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.51/20).

Потребни средства......................9.800.000,00 денари

**4. Соработка со државни органи**

ИАРСМ ќе продолжи со активности за продлабочување на активната соработка со државните органи преку учество во работата на повеќе работни групи формирани од страна на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и други ресорни министерства.

Исто така, ИАРСМ ќе продолжи со активностите во рамките на Комитетот за надзор на пазарот и соработката со Стопанските комори во Република Северна Македонија, како и учество во работата на Техничките комитети при Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија.

Потребни средства........................150.000,00 денари

**5. Спроведување на интерна проверка**

Согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018 реализирањето на редовната интерна проверка на вработените во ИАРСМ е задолжителна обврска и потреба заради одржување и унапредување на системот за управување со квалитет во ИАРСМ. Интерната проверка во 2021 година ќе се спроведе согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018 и истата е клучна активност која ќе биде оценуван и од страна на ЕА во рамки на претстојната надзорна оцена.

**6. Преиспитување на раководството**

Согласно Политиката за квалитет и Процедурите за работа на ИАРСМ и барањата на МКС EN ISO/IEC 17011:2018 еднаш годишно се реализира преиспитување на раководството на ИАРСМ (директор, претседател на Совет, менаџер за квалитет, раководители на сектори и одделенија). Целта на преиспитувањето е преку анализа на документи, извештаи, жалби, приговори, забелешки и несообразности да се дефинираат и редифинираат политиките и целите на ИАРСМ и да се испита ефективноста на системот за управување со квалитет на ИАРСМ.

**7. Промовирање на системот на акредитација**

ИАРСМ се стреми кон постојано промовирање на потребата од акредитирани и овластени тела со седиште во Република Северна Македонија. Промоцијата на системот на акредитација е од клучно значење за јакнење на свеста за значењето и улогата што ја има акредитацијата во секојдневниот живот и за економијата.

Оттука, неопходно е информирање на јавноста за начинот на аплицирање и за начинот на добивање статус на акредитирано тело, односно приближување на заинтетресираните страни до условите за акредитација, како и промовирање на придобивките од неа. Исто така, ИАРСМ планира да организира нови промотивни настани со кои сите заинтересирани страни ќе бидат запознати со придобивките и корисноста од потпишувањето на меѓународните договори EA-MLA, ILAC-MRA, IAF-MLA и употребата на знаците со кои се докажува потписничкиот статус на истите.

Во рамките на промовирање на системот за акредитација, се планираат следниве активности:

- Подготовка и издавање на промотивен и едукативен материјал од областа на акредитацијата, на теми препорачани од европската и светските организации за акредитација,
- Медиумска промоција на акредитацијата,
- Издавање на Годишен извештај за работата на ИАРСМ за 2021 година,
- Промоција за доделување на сертификати на акредитираните тела, по повод 9ти Јуни „Меѓународниот ден на акредитацијата“,
- Соработка со Организацијата на потрошувачи во Република Северна Македонија,
- Соработка со Стопанските комори во Република Северна Македонија,
- Организирање и/или учество на конференции или други видови на собири на теми од значење за улогата на акредитацијата и
- Изработка, одржување и надградба на официјалната интернет страница на ИАРСМ, како и
- Учество на Меѓународната конференција за квалитет и компетентност и други форми и активности за промоција на акредитацијата и на инфраструктурата на квалитет.

Начинот на организација и реализација на активностите ќе зависат од мерките за справување со пандемијата на Ковид 19.

Потребни средства......................1.500.000,00 денари

**8. Работа на Советот на ИАРСМ и Одборот за надзор на материјално - финансиското работење на ИАРСМ**

Советот на ИАРСМ го сочинуваат 11 члена, а Одборот за надзор на материјално - финансиското работење на ИАРСМ го сочинуваат 3 члена.

Потребни средства......................1.935.000,00 денари

**9. Меѓународни активности**

ИАРСМ е полноправен член на: Европската организација за акредитација (EA), Меѓународната (светската) организација за акредитација на лабораториИ (ILAC) и Меѓународниот форум за акредитација (IAF).

Како полноправен член на трите организации, ИАРСМ задолжително треба да учествува на годишните состаноци на Генералните собранија на EA, ILAC и IAF, бидејќи е член со активно право и должност да учествува и гласа за нови мерки и резолуции од областа на акредитацијата во светски рамки, а кои потоа вертикално треба да се транспонираат на национално ниво во соодветна правна форма. Исто така, вработените на ИАРСМ задолжително учествуваат на состаноците во рамки на Техничките Комитети на EA, ILAC и IAF и нивните работни групи, во насока да дадат свој придонес во донесување на документите на овие организации кои се од мандаторен и советодавен карактер.

Во својство на полноправен член на EA, дел од вработените планирано е да бидат вклучени како евалуатори во рамки на EA тимовите за евалуација и ре-евалуација на други акредитациони тела кои се потписници на EA MLA Договорот. Оваа активност спрема EA, Институтот е должен да ја испорача во определен број евалуаторски денови, за што ќе бидат ангажирани веќе обучените оценувачи-вработени во ИАРСМ, а во постапка е и обучување и на други оценувачи. Учеството во оценските мисии на EA е на сметка на националното тело за акредитација од каде се делегирани членовите на оценувачкиот тим.

По основ на полноправното членство, ИАРСМ е задолжен да плаќа соодветен износ на име годишна членарина за 2021 година, и тоа:

- по основ на полноправно членство во EA и статус на потписник на MLA Договорот, ИАРСМ треба да плати годишна членарина во износ од 11.125.00 евра,
- по основ на полноправно членство во ILAC и статус на потписник на MRA Договорот, ИАРСМ има обврска за плаќање на годишна членарина во износ од 5.082,00 австралиски долари,
- по основ на полноправно членство во IAF и статус на потписник на MLA Договорот, ИАРСМ има обврска за плаќање на годишна членарина во износ од 1.745,00 американски долари.

ИАРСМ ќе ја одржува и надградува соработката со националните тела за акредитација од регионот согласно потпишаните билатерални договори со: Србија, Црна Гора, Бугарија, Албанија, Хрватска, Турција, Косово, Босна и Херцеговина и Молдавија.

Исто така, ИАРСМ ќе ги одржува и надградува договорите за соработка склучени со Акредитацискиот сервис на Велика Британија (UKAS), Германското тело за акредитација (DAkkS) и Федералната служба за акредитација на Руската Федерација (RusAccreditation).

Целта на овие договори е организација на заеднички обуки за оценувачи, размена на експерти и оценувачи на регионално ниво, прекугранична акредитација што севкупно ќе придонесе за изградба на ефикасен систем за акредитација. Во рамки на договорената регионална соработка ќе се продолжи со активности на взаемно учество на набљудување при изведување на оцени од националните тела за акредитација од регионот.

Потребни средства......................2.600.000,00 денари

**10. Менаџмент и тековно работење на ИАРСМ**

За непречено одвивање на тековните активности на ИАРСМ, особено во услови на пандемија и организирање на работата и изведување на оценките по пат на далечина со употреба на соодветна ИК технологија, во Буџетот на ИАРСМ за 2021 година обезбедени се средства за одржување и надградба на ИКТ-инфраструктурата, замена на технолошки застарената опрема, одржување и надградба на хардверски и софтверски решенија, кои треба да обезбедат ефективно, ефикасно, сигурно и безбедно работење на Институтот. Притоа во преден план е дигитализација на процесот на обработка на пријавите за акредитација и спроведување на постапките за акредитација преку надградба и адаптација на софтверот за спроведување на постапките за акредитација (Data management system). Тековното одржување опфаќа и одржување и надградба и на софтверите за сметководствено, благајничко и архивско работење, одржување на просториите, одржување на превозни средства, набавка на информатичко-комуникациска опрема и сл.

Потребни средства.....................3.500.000,00 денари

**IV. Завршни одредби**

1. Заклучно со 31.03.2022 година, ИАРСМ ќе достави Извештај со финансиски показатели за реализација на Програмата за работа на ИАРСМ за 2021 година до Владата на Република Северна Македонија, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати и финансиските показатели, како и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности.
2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-12369/1-20 | Претседател на Владата |
| 16 јануари 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**188.**

Врз основа на член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 307/20) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2021 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година во вкупен износ од 1.196.897.000 денари се обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 307/20), раздел 14004 - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата), програма 2 - Финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, потпрограма 20 - Финансиска поддршка во земјоделството, ставка 464 - Разни трансфери во износ од 426.897.000 денари и потпрограма 2А - Финансиска поддршка на рурален развој, ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 770.000.000 денари.

II

(1) Дел од средствата од делот I на оваа програма во износ од 996.100.000 денари ќе се користат за следните мерки за финансиска поддршка на руралниот развој:

| МЕРКИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ | | | |
|---|---|---|---|
| Код на мерка | Дел | НАЗИВ НА МЕРКА | ИЗНОС (во денари) |
| 112 | I | Помош за млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност | 30.000.000 |
| 113 | II | Поддршка за поттикнување на земјоделско производство | 35.000.000 |
| 115 | III | Поддршка за активен женски член во земјоделско домаќинство | 18.000.000 |
| 121 | IV | Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства | 67.500.000 |
| | | набавка на добиток (121.1) | 25.000.000 |
| | | подигнување на нови насади (121.2) | 12.000.000 |
| | | набавка на пчелни матици и пчелни роеви (121.3) | 200.000 |
| | | набавка на трактори (121.4) | 5.300.000 |
| | | набавка на специјални комбајни за жнеење на ориз со сецкалици (121.5) | 15.000.000 |
| | | набавка на систем за наводнување капка по капка, конструкција на бунари и други зафати на површинаска вода (121.6) | 10.000.000 |
| 122 | V | Инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите | 1.000.000 |
| 123 | VI | Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи | 6.000.000 |
| 124 | VII | Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди | 114.000.000 |
| | | капитални инвестиции во водостопанска инфраструктура (124.1) | 24.000.000 |
| | | останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура (124.2) | 40.000.000 |
| | | инвестиции за пасишта во државна сопственост (124.3) | 30.000.000 |
| | | пристап до земјоделско земјиште (124.4) | 5.000.000 |
| | | консолидација на земјоделско земјиште (124.5) | 15.000.000 |
| 125 | VIII | Соработка за развој на нови производи, процеси и технологии во земјоделскиот и прехранбениот сектор (интегрирани проекти) | 1.000.000 |
| 131 | IX | Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност | 8.500.000 |
| 211 | X | Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ) | 90.100.000 |
| 213 | XI | Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики | 18.000.000 |
| 214 | XII | Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина | 13.000.000 |
| | | активности за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и обезбедување на задолжителни генетски резерви (214.1) | 1.000.000 |
| | | воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтоните раси на добиток (214.2) | 6.000.000 |
| | | зачувување на генетската разновидност на автохтони раси на добиток (говедо - Буша, овца - каракачанска, овчеполска и шарпланинска овца, коза - балканска коза, куче - овчарско куче шарпланинец, овчарско куче караман и бивол - домашен бивол (214.3) | 6.000.000 |
| 215 | XIII | Органско производство | 104.000.000 |
| 321 | XIV | Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини | 250.000.000 |
| 322 | XV | Обнова и развој на селата | 90.000.000 |
| 323 | XVI | Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја | 140.000.000 |
| 412 | XVII | Воспоставување на локални акциски групи (ЛАГ) | 3.000.000 |
| 413 | XVIII | Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини | 7.000.000 |
| ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ФИНАНИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ | | | 996.100.000 |

(2) Дел од средствата од делот I на оваа програма во износ од 189.600.000 денари ќе се користат за следните мерки за техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој | | 173.600.000 |
| 1.1 | Организирање и спроведување на манифестации и саеми за промоција на земјоделски производи во и вон Република Северна Македонија | 40.000.000 |
| 1.2 | Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи во и вон Република Северна Македонија. | |
| 1.3 | Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи | 11.000.000 |
| | трошоци за воведување на заштитени ознаки за квалитет на земјоделски и преработени производи (1.3.1) | 2.000.000 |
| | трошоци за изработка на маркетинг платформа за препознатливост на земјоделски производи и преработени земјоделски производи (1.3.2) | 3.000.000 |
| | трошоци за организирање на трговски, студиски и медиумски посети во Република Северна Македонија (1.3.3) | 1.200.000 |
| | трошоци за учество на меѓународни и регионални натпревари за вино на кои е освоена специјализирана награда, златен и сребрен медал (1.3.4) | 3.000.000 |
| | закуп на медиумски простор за објава на статии за македонски производи во странски специјализирани списанија за храна и вино (1.3.5) | 1.800.000 |
| 1.4 | Изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списаниј | 2.000.000 |
| 1.5 | Спроведување на истражувања, изработка на анализи, предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој | 3.000.000 |
| 1.6 | Инвестициони вложувања за воспоставување на научно-демонстративни примери | 37.000.000 |
| 1.7 | Воспоставување и спроведување на иновативни практики | 100.000 |
| 1.8 | Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој | 80.500.000 |
| | трошоци за воспоставување, одржување и надградба на регистри и бази на податоци кои ги води Министерството за земјоделство, шумарство и водстопанство (1.8.1) | 4.000.000 |
| | трошоци за воспоставување и одржување на регистри и бази на податоци кои ги води Агенцијата (1.8.2) | 14.000.000 |
| | трошоци за информирање на корисниците за мерките за финансиска поддршка во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој кои ги спроведува Агенцијата (1.8.3) | 1.500.000 |
| | трошоци за информирање на корисниците за мерките за финансиска поддршка во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој кои ги спроведува Министерството за земјоделство, шумарство и водстопанство (1.8.4) | 1.000.000 |
| | услуги за авионски засејувања на облаците за превенција од природни непогоди и неповолни климатски настани врз земјоделски посеви (1.8.5) | 60.000.000 |
| 2 | Субвенционирање на каматна стапка | 14.000.000 |
| 3 | Поддршка за воспоставување и активности на националната рурална мрежа | 2.000.000 |
| ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ | | 189.600.000 |

(3) Дел од средствата од делот I на оваа програма во износ од 11.197.000 денари се наменети за Фондот за иновации и технолошки развој согласно член 26 од Законот за иновациска дејност.

III

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 112 „Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност" од оваа програма се спроведуваат како неповратна финансиска поддршка за започнување со земјоделска дејност на млади земјоделци, кои за прв пат започнуваат да се занимаваат со земјоделска дејност преку преземање на постоечко земјоделско стопанство или со воспоставување на ново земјоделско стопанство согласно членовите 67 и 92 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Средствата од ставот (1) од овој дел во износ од 30.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски за реализација на мерката 112 „Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

IV

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 113 „Поддршка за поттикнување на земјоделско производство" од оваа програма се спроведуваат како неповратна финансиска помош согласно член 67- а од Законот за земјоделство и рурален развој за зголемување на одржливоста на земјоделската дејност на семејните земјоделски стопанства.

(2) Поддршката од ставот (1) од овој член се реализира преку одобрен деловен план од страна на Агенцијата кој треба да предвидува инвестициони активности за модернизација на земјоделското стопанство за период од најмногу три години од денот на одобрување на поддршката.

(3) Висината на поддршката од ставот (1) од овој дел, може да изнесува до 1.200.000 денари и се исплаќа согласно со фазите на реализација на инвестицијата на годишно ниво во најмногу три рати.

(4) Поддршката од ставот (1) од овој член се доделува на семејни земјоделски стопанства кои не користеле поддршка од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој согласно член 67 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(5) Средствата од ставот (1) од овој дел во износ од 35.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски за реализација на мерката 113 „Поддршка за поттикнување на земјоделско производство" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

V

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 115 „Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство" од оваа програма се спроведуваат согласно член 92 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции кои ќе допринесат за развој на руралните средини и ќе се доделуваат на женски член на земјоделско стопанство запишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

(2) Висината на поддршката од ставот (1) на овој дел изнесува до 180.000 денари по корисник.

VI

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 121 за „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 70, 90 и 94 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка, а поддршката претставува учество во нови инвестиции за следните намени:

- набавка на високостелни педигрирани јуници за млеко, месо и комбинирани млеко-месо и месо-млеко (со исклучок на јуници од расата Буша), од увоз или од признати организации на одгледувачи согласно Законот за сточарство;
- набавка на педигрирани машки и женски приплодни грла овци, од увоз или од признати организации на одгледувачи согласно Законот за сточарство;
- набавка на педигрирани машки и женски приплодни грла кози од увоз или од признати организации на одгледувачи согласно Законот за сточарство;
- набавка на педигрирани свињи (нерези и назимки) чистокрвни или хибриди од увоз или од признати организации на одгледувачи согласно Законот за сточарство;
- подигнување на нови повеќегодишни лозови и овошни насади, повеќегодишни насади со ароматични растенија и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини;
- набавка на пчелни матици од одобрени одгледувалишта на плчелни матици согласно Законот за сточарство;
- набавка на трактори,
- набавка на специјални комбајни за жнеење на ориз со сецкалици и
- набавка на опрема за систем за наводнување - капка по капка, конструкција на бунари и други зафати на површинска вода.

(2) Краен рок за поднесување на барања за исплата на поддршката од ставот (1) алинеи 2, 3 и 5 на овој дел, за периодот од 1 септември 2020 година до 31 декември 2020 година е 28 февруари 2021 година.

(3) За реализација на мерката од ставот (1) алинеи 2, 3 и 5 на овој дел за периодот од ставот (2) од овој дел, Агенцијата објавува отворени јавни повици за прибирање на барања за исплата на финансиска поддршка до 31 јануари 2021 година.

(4) Краен рок за поднесување на барања за исплата на поддршката од ставот (1) алинеи 4 и 6 од овој дел, за периодот од 1 јануари 2021 година до 30 септември 2021 година е 1 октомври 2021 година.

(5) За реализација на мерката од ставот (1) алинеи 4 и 6 од овој дел за периодот од ставот (4) од овој дел, Агенцијата објавува отворени јавни повици за прибирање на барања за исплата на финансиска поддршка до 1 септември 2021 година.

(6) За реализација на мерката од ставот (1) алинеи 1, 7, 8 и 9 од овој дел Агенцијата објавува отворени јавни повици за прибирање на барања за финансиска поддршка до 1 март 2021 година.

(7) Барателите кои биле корисници на финансиска поддршка за набавка на трактори преку ИПАРД Програмата и Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој за претходните десет години, не се прифатливи како корисници на поддршката од ставот (1) алинеја 7 од овој дел.

(8) Дел од средствата од ставот (1) од овој дел во износ од 67.200.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 121 „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

VII

Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 122 „Инвестиции за зголемување на економска вредност на шумите" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 71 и 90 од Законот за земјоделство и

рурален развој како неповратната финансиска поддршка наменета за инвестиции за одржливо стопанисување со шумите.

VIII

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 123 „Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 72 и 94-а од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Средствата кои се спроведуваат согласно член 94-а од Законот за земјоделство и рурален развој се наменети за финансиска поддршка за инвестиции по склучен договор за користење на инструментот за претпристапна помош за рурален развој за инвестиции во постбербени и преработувачки капацитети.

(3) Корисниците на поддршката од ставот (2) на овој дел се мали, микро и средни претпријатија и земјоделски задруги кои имат склучено договор за користење на претпристапна помош за рурален развој.

(4) Висината на поддршката од ставот (2) на овој дел изнесува до 100% од висината на прифатливите инвестициски трошоци во вид на целосно или делумно предфинансирање на делот кој се однесува на сопственото учество во вкупните трошоци на инвестицијата.

(5) Корисникот треба по завршување на инвестицијата да го врати износот на добиената поддршка на најмногу осум годишни рати.

(6) Средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 6.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 123 „Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

IX

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 73 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратната финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- капитални инвестиции во водостопанска инфраструктура;
- останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура;
- системи за снабдување со вода, вклучително и водопоила на пасишта во државна сопственост;
- електрификација на пасиштата во државна сопственост (освен за громобрани на пасишта);
- инфраструктура за пристап до пасиштата во државна сопственост;
- изградба и/или реконструкција на придружни објекти на пасишта во државна сопственост;
- инфраструктура за пристап до земјоделското земјиште и
- консолидација на земјоделско земјиште.

(2) Корисник на средствата од ставот (1) алинеи 1 и 8 од овој дел е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството).

(3) Корисник на средствата од ставот (1) алинеја 2 од овој дел е Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија и јавните водостопански претпријатија.

(4) Корисник на средствата од ставот (1) алинеи 3, 4, 5 и 6 од овој дел е Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје.

(5) Корисник на средствата од ставот (1) алинеја 7 од овој дел се единиците на локалната самоуправа.

(6) Средствата за инвестициите од ставот (1) алинеја 1 од овој дел ги спроведува Министерството по пат на јавна набавка.

(7) Средствата за инвестициите од ставот (1) алинеја 7 од овој дел ги спроведуваат корисниците од ставот (5) од овој дел по пат на јавна набавка.

(8) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) од овој дел се доделува во висина на износот утврден согласно договорите за јавна набавка.

(9) Неповратната финансиска поддршка по барање на корисникот може да се додели согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(10) Дел од средствата од ставот (1) од овој дел во износ од 24.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

(11) Корисниците на поддршката од ставот (1) на овој дел по потпишување на договорот за неповратна финансиска поддршка треба да достават копија од поднесеното барање со потпишан договор за јавна набавка до Министерството.

X

Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 125 „Соработка за развој на нови производи, процеси и технологии во земјоделскиот и прехранбениот сектор (интегрирани проекти)" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 72 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој.

XI

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 131 „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 74 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој и членовите 15 и 16 од Законот за земјоделски задруги како неповратната финансиска поддршка за следните намени:

- помош за основање и функционирање на земјоделски задруги,
- инвестиции за набавка на земјоделска механизација во висина до 90% од вкупната вредност на инвестицијата и
- организирање на информативни и промотивни активности за земјоделски производи.

(2) Поддршката од ставот (1) алинеја 1 на овој дел за направени прифатливи трошоци се исплаќа по доставено барање за исплата и тоа:

- за периодот од 1 јануари до 31 декември 2020 година, со краен рок за исплата 31 март 2021 година;
- за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2021 година, со краен рок за исплата 30 септември 2021 година и
- за периодот од 1 јули до 31 декември 2021 година, со краен рок за исплата 30 март 2022 година.

(3) Поддршката од ставот (1) алинеја 3 на овој дел се доделува врз основа на одобрен деловен план изготвен за плански период од најмалку пет години.

(4) Поддршката од ставот (1) алинеја 3 на овој дел се доделува во износ од 100% од вкупните прифатливи трошоци за спроведување на предвидените активности во програма за работа на земјоделската задруга и може, по барање на корисникот, да се додели на две рати.

(5) Дел од средствата од ставот (1) од овој дел во износ од 1.500.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 131 „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XII

Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 211 „Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност" од оваа програма се спроведуваат согласно член 77 став (8) од Законот за земјоделство и рурален развој .

XIII

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 213 „Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики" од оваа програма се спроведува согласно член 78 од Законот за земјоделство и рурален развој за надомест на трошоци за одржување на висински пасишта и ливади и поддршка на традиционалното овчарство како неповратната финансиска поддршка и тоа:

- во висина од 100% од просечна месечна нето плата во дејноста од период 1 ноември 2018 до 31 декември 2020 година, како трошок за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади, односно регистрирани одгледувалишта кои се наоѓаат во населени места со надморска висина поголема од 700 метри и
- во висина од 60% од просечна месечна нето плата во дејноста од период 1 ноември 2018 до 31 декември 2020 година, како трошок за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади, односно регистрирани одгледувалишта кои се наоѓаат во населени места со надморска висина помала од 700 метри.

(2) За помошта од ставот (1) на овој дел, бројот на вработени лица за кои се пресметува поддршката е:

- одгледување на овци за едно вработено лице на 150 овци;
- одгледување на кози за едно вработено лице на 50 кози и
- одгледување на говеда за едно вработено лице на 50 говеда.

(3) Помошта од ставот (1) на овој дел се исплаќа за најмногу 20 вработени лица за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади, односно регистрирани одгледувалишта при што за десет вработени лица се исплаќа 100% за помошта од ставот (2) алинеја 1 на овој дел, односно 60% за помошта од ставот (2) алинеја 2 на овој дел, а за вработените лица над десет помошта се намалува за 50%.

(4) Бројот на вработени лица за кои е исплатена поддршката треба да е ист најмалку една година по годината за која е исплатена поддршката.

(5) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерката од ставот (1) на овој дел изнесува не повеќе од 360.000 денари по вработено лице.

XIV

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 214 „Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина" од оваа програма се спроведуваат согласно член 78 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратната финансиска поддршка за следните намени:

- активности за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и обезбедување на задолжителни генетски резерви;
- воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтоните раси на добиток и
- зачувување на генетската разновидност на автохтони раси на добиток (говедо - Буша, овца - каракачанска, овчеполска и шарпланинска овца, коза - балканска коза, куче - овчарско куче шарпланинец, овчарско куче караман и бивол - домашен бивол).

(2) Средствата од ставот (1) алинеи 1 и 2 од овој дел ги спроведува Министерството за исплата на субјектите на кои им е доделена јавна услуга или овластување согласно со прописите од обласа на сточарството, семе и саден материјал, здравје и заштита на растенијата и земјоделство и рурален развој.

(3) Дел од средствата од ставот (1) од овој дел во износ од 12.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 214 „Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XV

Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 215 „Органско производство" од оваа програма се спроведуваат согласно член 47 од Законот за земјоделство и рурален развој.

XVI

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 321 „Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини" од оваа програма се спроведуваат согласно член 86 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување меѓу две или повеќе села во должина до 5 км,
- инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на села со регионален пат или со населено место-град во должина до 7 км,
- инвестиции во обезбедување на телекомуникациска инфраструктура во населени места-села со број на жители до 500 согласно последниот попис на население и домаќинства во Република Северна Македонија,
- инвестиции во водоснабдителни и канализациони системи во населени места-села до 1.500 жители согласно последниот попис на население и домаќинства во Република Северна Македонија,
- инвестиции во објекти и опрема за организирање на продажба на земјоделски производи во рурални средини,
- инвестиции во објекти и опрема за организирање на продажба на жив добиток во рурални средини и за усогласување на постоечките пазари за жив добиток согласно прописите од обласа на ветеринарството,
- инвестиции во објекти и опрема за детски, младински и/или пензионерски културни центри или клубови во населени места-села и
- инвестиции во мали хидро-акумулации во рурални средини за рекреативна намена.

(2) Корисници на средствата од ставот (1) на овој дел се единиците на локалната самоуправа-рурално подрачје и единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата и Центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој, за инвестиции во рурални средини.

(3) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерките од ставот (1) на овој дел е во согласност со член 90 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(4) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел се доделуваат во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од ставот (2) на овој дел.

(5) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел се исплаќа на корисниците кои претходно го исплатиле делот од вредноста на инвестицијата кој се однесува на неприфатливите трошоци (вклучително и даноци) на економскиот оператор со кој склучиле договор за јавна набавка за одобрена инвестиција.

(6) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата врз основа на времени ситуации од надзор или документација за набавка на опрема.

(7) Средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 250.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 321 „Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

(8) Корисниците на поддршката од ставот (1) на овој дел по потпишување на договорот за неповратна финансиска поддршка треба да достават копија од поднесеното барање со потпишан договор за јавна набавка до Министерството.

XVII

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 322 „Обнова и развој на селата" од оваа програма се спроведуваат согласно член 86 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- изработка на урбанистички планови за населени места - села,
- инвестиции за изградба и/или реконструкција на селски улици (вклучително и атмосферска канализација и пешачки елементи) во должина до 1 км и
- инвестиции за изградба и/или реконструкција на плоштади, зелени површини и/или шеталишта во рурални средини до 30.000 жители.

(2) Корисници на средствата од ставот (1) на овој дел се единиците на локалната самоуправа утврдени како рурална средина, единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата согласно Законот за земјоделство и рурален развој и Центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој, за инвестиции во рурални средини.

(3) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерките од ставот (1) на овој дел е во согласност со член 90 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(4) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) од овој дел се доделува во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од ставот (2) од овој дел.

(5) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел се исплаќа на корисниците кои претходно го исплатиле делот од вредноста на инвестицијата кој се однесува на неприфатливите трошоци (вклучително и даноци) на економскиот оператор со кој склучиле договор за јавна набавка за одобрена инвестиција.

(6) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(7) Дел од средствата од ставот (1) од овој дел во износ од 89.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 322 „Обнова и развој на селата" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

(8) Корисниците на поддршката од ставот (1) на овој дел по потпишување на договорот за неповратна финансиска поддршка треба да достават копија од поднесеното барање со потпишан договор за јавна набавка до Министерството.

XVIII

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 323 „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја" од оваа програма се спроведуваат согласно член 86 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на населени места-села со локалитет од значење за начинот на живот и работа на селската популација во должина до 2 км,
- означување на културни и природни знаменитости во рурални средини,
- одбележување и унапредување на планинарски и велосипедски патеки и
- уредување на излетнички места во рурални средини (вклучително и нивно поврзување со електрична енергија, водоснабдување, канализација).

(2) Корисници на средствата од ставот (1) на овој дел се единиците на локалната самоуправа-рурално подрачје и единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата и Центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој, за инвестиции во рурални средини.

(3) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерката од ставот (1) на овој дел е во согласност со член 90 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(4) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел се доделуваат во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од ставот (2) на овој дел.

(5) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел се исплаќа на корисниците кои претходно го исплатиле делот од вредноста на инвестицијата

кој се однесува на неприфатливите трошоци (вклучително и даноци) на економскиот оператор со кој склучиле договор за јавна набавка за одобрена инвестиција.

(6) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата врз основа на времени ситуации од надзор или документација за набавка на опрема.

(7) Средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 140.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 323 „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

(8) Корисниците на поддршката од ставот (1) на овој дел по потпишување на договорот за неповратна финансиска поддршка треба да достават копија од поднесеното барање со потпишан договор за јавна набавка до Министерството.

XIX

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 412 „Воспоставување на локални акциски групи (ЛАГ)" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 89 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка.

(2) Дел од средствата од ставот (1) од овој дел во износ од 500.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 412 „Воспоставување на локални акциски групи (ЛАГ)“ од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XX

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 413 „Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 87, 90 и 92 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка.

(2) Корисник на поддршката од ставот (1) од овој дел е Локалната акциона група (во натамошниот текст: ЛАГ) основан согласно член 89 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(3) Стратегиите за локален развој на рурални средини од ставот (1) од овој дел треба да ги исполнуваат условите утврдени во член 88 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(4) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерката од ставот (1) од овој дел не може да изнесува повеќе од 800.000 денари.

(5) Корисниците треба да достават три понуди и доказ за општи трошоци, прибавени од независни понудувачи доколку вредноста на поединечна ставка изнесува повеќе од 30.000 денари или една понуда за општи трошоци од независен понудувач доколку вредноста на поединечна ставка изнесува помалку од 30.000 денари.

(6) Дел од средствата од ставот (1) од овој дел во износ од 1.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 413 „Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини“ од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XXI

(1) Средствата од делот II став (2) од табелата точка 1 „Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој" од оваа програма се спроведуваат согласно член 101 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Средствата од дел II став (2) потточка 1.1 „Организирање и спроведување на манифестации и саеми за промоција на земјоделски производи во Република Северна Македонија“ се спроведуваат по објавен јавен повик согласно член 3 од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Уредбата), а за манифестациите и саемите за промоција на земјоделски производи вон Република Северна Македонија средствата се наменети за:

промоција на македонското вино на таргетирани пазари во ЕУ, САД, Сингапур, Хонг Конг, Шангај и Кина;

промотивни настани за промоција на македонската преработувачка индустрија на овошје и зеленчук на таргетирани пазари во ЕУ и Руска Федерација;

промоција на македонските производи преку бесцаринските зони во Шенџен, Хуанџо, Шангај и во „China National Exibition Center“ – Народна Република Кина;

„World’s Leading Wines London“;

„World’s Leading Wines Amsterdam“;

„World’s Leading Wines Houston“;

„World’s Leading Wines Chicago“;

„World’s Leading Wines New York“

организација на on line мастерклас дегустации за Вранец на пазарот во САД и

промотивни и Б2Б настани во Минск, Белорусија.

(3) Средствата од делот II став (2) потточка 1.2 „Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи во и вон Република Северна Македонија“ која се спроведува согласно член 4 од Уредбата, се наменети за:

„Anuga“, Келн, Германија;

„Fancy Food“ за преработки од овошје и зеленчук, Њујорк САД;

„Tuttofood“, Милано;

„BBC Good Food“, Бирмингам, Велика Британија;

„SIAL middle east “ за преработки од овошје и зеленчук, Абу Даби, Обединети Арапски Емирати;

„Prodexpo“ саем за пијалоци, Москва-Руска Федерација;

„World Food (Мир Питание)“ за овошје, зеленчук и преработки, Москва –Руска Федерација;

„Green week„ – Берлин, Сојузна Република Германија;

„Fruitlogistica“ за свежо овошје и зеленчук, Берлин-Сојузна Република Германија;

„ProWein“ саем за вино, Дизелдорф-Сојузна Република Германија;

„Biofach - Нирнберг, Германија “ за органско земјоделство и

воспоставување на Македонски дом во Дубаи, Обединети Арапски Емирати.

(4) Средствата од делот II став (1) потточка 1.2 за учество на саемите за промоција на земјоделски производи вон Република Северна Македонија од ставот (3) алинеи 8, 9 и 11 од овој дел ќе се исплаќаат за учество на саеми во 2021 година како и во 2022 година.

(5) Средствата од делот II став (2) потточка 1.3 „Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи” се спроведуваат согласно член 5 од Уредбата, а подмерката „трошоци за учество на меѓународни и регионални натпревари за вино на кои е освоена специјализирана награда, златен и сребрен медал“ се наменети за следните натпревари и видови на награди:

| Натпревар | Специјализирана награда | Златна медала | Сребрена медала |
|---|---|---|---|
| 1. Меѓународни натпревари: | | | |
| Decanter UK / Asia | Platinum - Best in Show<br>Platinum | да | да |
| London International Wine Challenge | Trophy<br>Champion of Champions' Trophy<br>Great Value Champion Awards<br>Own Label Awards<br>Planet Earth Awards<br>Champion Wine Awards<br>IWC Special Awards<br>National Trophy<br>International Varietal Trophy<br>Varietal Trophy<br>Regional Trophy | да | да |
| Mundus Vini (Spring / Summer) | Grand Gold<br>Best of Show | да | да |
| Citadelles du Vin | Special Prize | да | / |
| International Wine Challenge AWC Vienna | Best red wine of the year<br>Best white wine of the year<br>Best sweet wine of the year<br>Best sparkling wine of the year | да | / |
| Concours Mondial de Bruxelles | Grand Gold<br>Revelations | да | / |
| China Wine and Spirits Awards | Trophy<br>Best Value<br>Double Gold | да | / |
| Japan wine awards SAKURA | Diamond Trophy<br>Double Gold | да | да |
| International Wine and Spirit Competition IWSC | Trophy award | да | да |
| 2. Регионални натпревари: | | | |
| 2.2. Balkans International Wine Competition BIWC | Grand Trophy<br>White wine Trophy<br>Red wine Trophy<br>Rose wine Trophy<br>Sparkling wine Trophy<br>Sweet wine Trophy<br>Best indigenous white<br>Best indigenous rose<br>Best indigenous red | да | да |

(6) Средствата од делот II став (2) потточка 1.4 „Изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија" се реализираат согласно член 6 од Уредбата.

(7) Средствата од дел II став (2) потточка 1.5 „Спроведување на истражувања, изработка на анализи, предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој" се реализираат согласно член 7 од Уредбата.

(8) Средствата од дел II став (2) потточка 1.6 "Инвестициони вложувања за воспоставување на научно-демонстративни примери" се реализираат согласно член 8 од Уредбата.

(9) Средствата од дел II став (2) потточка 1.7 "Воспоставување и спроведување на иновативни практики" се реализираат согласно член 9 од Уредбата.

(10) Средствата од дел II став (2) потточка 1.8 „Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој" се реализираат согласно член 10 од Уредбата.

(11) Дел од средствата од ставот (10) од овој дел во износ од 14.000.000 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.8 „Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XXII

(1) Средствата од делот II став (2) од табелата точка 2 „Субвенционирање на каматна стапка'' од оваа програма, се спроведуваат согласно член 98-а од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Дел од средствата од ставот (1) од овој дел во износ од 5.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на точката 2 „Субвенционирање на каматна стапка" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XXIII

Средствата од делот II став (2) од табелата точка 3 „Поддршка за воспоставување и активности на националната рурална мрежа" се спроведуваат согласно член 26-а од Законот за земјоделство и рурален развој.

XXIV

(1) За реализација на мерките од оваа програма Агенцијата објавува отворени јавни повици за прибирање на барања за користење на финансиска поддршка или барања за исплата на финансиска поддршка.

(2) Еден корисник поднесува посебно барање за секоја мерка во оригинал. Еден корисник може да поднесе најмногу две барања за користење на финансиска поддршка по различни мерки од оваа програма, освен за мерката 131 од делот II став (1) од оваа програма каде може да поднесе најмногу две барања.

(3) Рокот за реализација на средствата од оваа програма е согласно утврдената динамика за реализација на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

XXV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-12491/1-20
16 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**189.**

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 154/15 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНИТОРИНГ ВО ОБЛАСТА НА ПРОИЗВОДСТВОТО, ПРЕРАБОТКАТА, СКЛАДИРАЊЕТО, ДИСТРИБУЦИЈАТА, УПОТРЕБАТА И СООБРАЗНОСТА НА ЃУБРИЊАТА, БИОСТИМУЛАТОРИТЕ И ПОДОБРУВАЧИТЕ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА, КАКО И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ЃУБРИЊАТА, БИОСТИМУЛАТОРИТЕ И ПОДОБРУВАЧИТЕ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА ЗА 2021 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се спроведува мониторинг на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитет на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, односно видовите на мониторинг, видовите и типовите на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, вкупниот број на мостри за временскиот период на реализација на активностите и субјектите кои ќе ја спроведуваат програмата.

II

Средствата за реализација на оваа програма во износ од 398.160,00 денари се утврдени во Раздел 140.01- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 5- Заштита на растенијата и семе и саден материјал, Потпрограма 51- Заштита на растенијата, ставка 46 Субвенции и трансфери, подставка 464 Разни трансфери, сметка 637.

III

Средствата утврдени во дел II од оваа програма ќе се користат за:

1. Мониторинг на производство на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата во износ од 97.410,00 денари; и

2. Мониторинг при внатрешен промет на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, кој опфаќа земање на мостри од неоргански и органски ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, како и исполнување на квалитетот и сообразноста на компоненти со декларираните податоци во износ од 300.750,00 денари.

Вкупниот број на мостри кои ќе бидат земени и анализирани изнесува 82 мостри.

IV

Средствата од дел III точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

| тип на ѓубре | вкупен број на мостри | цена на единечна мостра со вклучен ДДВ (18%) во денари | планирани средства од буџетот (денари) |
|---|---|---|---|
| еднокомпонентни неоргански ѓубрива (еден елемент) | 2 | 2.950,00 | 5.900,00 |
| двокомпонентни неоргански ѓубрива (два елементи) | 2 | 4.130,00 | 8.260,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива (три елементи N + P + K) | 5 | 4.720,00 | 23.600,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на 1 секундарен макроелемент или микроелемент | 1 | 5.220,00 | 5.220,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на 4 секундарни макроелементи или микроелементи | 3 | 6.720,00 | 20.160,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на 6 секундарни макроелементи или микроелементи | 1 | 7.720,00 | 7.720,00 |
| органски ѓубрива | 5 | 5.310,00 | 26.550,00 |
| **вкупно** | **19** | | **97.410,00** |

V

Средствата од дел III точка 2 од оваа програма ќе се користат за:

| тип на ѓубре | вкупен број на мостри | цена на единечна мостра со вклучен ДДВ (18%) во денари | планирани средства од буџетот (денари) |
|---|---|---|---|
| еднокомпонентни неоргански ѓубрива (еден елемент) | 10 | 2.950,00 | 29.500,00 |
| двокомпонентни неоргански ѓубрива (два елементи) | 15 | 4.130,00 | 61.950,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива (три елементи N + P + K) | 10 | 4.720,00 | 47.720,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на 1 секундарен макроелемент или микроелемент | 5 | 5.220,00 | 26.100,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на 2 секундарни макроелементи или микроелементи | 5 | 5.720,00 | 28.300,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на 3 секундарни макроелементи или микроелементи | 5 | 6.220,00 | 31.100,00 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на 4 секундарни макроелементи или микроелементи | 5 | 6.720,00 | 33.600,00 |
| органски ѓубрива | 8 | 5.310,00 | 42.480,00 |
| **вкупно** | **63** | | **300.750,00** |

VI

За реализација на оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа.

Спроведувањето на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата ја координира Фитосанитарната управа, мострите ги земаат Државните инспектори за земјоделство, а лабораториските анализи ги спроведуваат акредитирани лаборатории во Република Северна Македонија.

VII

Средствата од деловите IV и V на оваа програма ќе се исплаќаат врз основа на решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, по претходно доставен извештај за спроведените активности.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12498/1-20 
16 јануари 2021 година 
Скопје

Претседател на Владата 
на Република Северна Македонија, 
**Зоран Заев,** с.р.

---

**190.**

Врз основа на член 187 став (5) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ПОВЛАСТЕНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ КОИ КОРИСТАТ ПРЕМИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се уредува вкупната инсталирана моќност на електроцентралите по вид на технологии за кои ќе се доделува премија по спроведена тендерска постапка и склучени договори за користење на премија во 2021 година и износот на средствата потребни за исплата на премиите за произведената и продадена електрична енергија во 2021 година.

Член 2

Средства за реализација на оваа програма изнесуваат 21.800.000,00 денари и се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, раздел 10001 Министерството за економија, потпрограма 32 – Развој на енергетика, ставка 46 – Субвенции и трансфери, потставка 464 –Разни трансфери.

Средства за реализација на оваа програмата се наменети за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија како дополнителен износ на цената која ја остварил со продажбата на произведената енергија на пазарот на електрична енергија.

Член 3

Средствата утврдени во член 2 став (1) од оваа програма ќе се користат за исплата на премии за произведената и продадена електрична енергија од повластени производители кои користат премија во 2021 година.

Член 4

Корисници на средства од оваа програма се производителите на електрична енергија кои во согласност со Законот за енергетика се стекнале со право на користење на премија.

Член 5

Средствата од член 2 став (1) на оваа програма се наменуваат за исплата на премии на повластените производители кои произведуваат електрична енергија од фотонапонски електроцентрали, со вкупна инсталирана моќност не поголема од 100 MW.

Член 6

Максималниот референтен износ на фиксна премија за производство на електрична енергија во 2021 година изнесува 15 €/MWh за фотонапонски електроцентрали.

Член 7

Средствата од член 2 став (1) на оваа програма се доделуваат врз основа на договори за користење на премија склучени помеѓу Министерството за економија и корисникот на средствата.

Член 8

Исплатата на средствата од член 2 став (1) на оваа програма се врши од страна на Министерството за економија на месечно ниво, врз основа на доставено барање за исплата на премија за продадена електрична енергија, произведена од сопствено производство за претходниот месец. Кон барањето се доставуваат: фактура за испорачана електрична енергија на купувачот и податоци од операторот на електропреносниот систем, односно електродистрибутивниот систем за измерена и испорачана енергија во соодветната мрежа како и друга документација согласно договорот за користење на премија склучени помеѓу Министерството за економија и корисникот на средствата. Износот за плаќање на премија се изразува во денари според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на последниот работен ден во календарскиот месец за кој се однесува фактурата.

Член 9

За начинот и динамиката за реализирањето на оваа програма се грижи Министерството за економија.

Член 10

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12538/1-20 
16 јануари 2021 година 
Скопје

Претседател на Владата 
на Република Северна Македонија, 
**Зоран Заев,** с.р.

---

**191.**

Врз основа на член 76-а став (7) од Законот за безбедност на храната за животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 53/11, 1/12, 33/15, 149/15 и 53/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А ЗА МОНИТОРИНГ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ ЗА 2021 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се врши мониторинг на безбедноста на храната за животни заради откривање на присуство на резидуи, контаминенти и недозволени или непожелни супстанции, суровини и производи во храната за животни.

Член 2

(1) Цел на оваа програма е утврдување на одредени несообразности во однос на прописите за безбедност на храната за животни. Оваа програма се применува во сите фази на производство, преработка и дистрибуција на храната за животни, со исклучок на примарното производство на храна за животни наменета за исхрана на животни кои се одгледуваат за производство на храна за луѓе за сопствени потреби во домаќинството.

(2) Со оваа програма ќе се спроведат 375 аналитички испитувања, за утврдување на микробиолошката исправност на храната за животни, одредување на нивото на непожелни супстанции во храната за животни и утврдување на присуството на забранети супстанции во храната за животни согласно Правилникот за општи и посебни барања за безбедност на храната за животни, Правилникот за листа на непожелни супстанции во храната за животни и максимално дозволено ниво како и критичните точки за спроведување на истражување за идентификација на изворот и причините за пречекорување на максимално дозволеното ниво, Правилникот за начинот и постапката на земање примероци, начин и методи на вршење на лабораториски анализи на храната за животни и Листата на суровини, материјали и други производи чие ставање во промет и употреба се забранети.

(3) Земање примероци и лабораториско испитување се врши за следните патогени агенси и супстанции/групи на супстанции:

1) Микробиолошки опасности (Салмонели и Сулфоредуктивни клостридии);

2) Неоргански контаминенти и азотни соединенија;

3) Микотоксини;

4) Органохлорни соединенија (со исклучок на диоксини и полихлорирани бифенили);

5) Диоксини и полихлорирани бифенили PCBs;

6) Одобрени адитиви во нецелна храна за животни по неизбежно пренесување - Кокцидиостатици и

7) Контаминација со забранети животински протеини.

(4) Агенцијата за храна и ветеринарство (во понатамошниот текст: Агенцијата), мониторингот на безбедноста на храната за животни го спроведува согласно Планот за земање на примероци од храна за исхрана на животни кој е даден во Прилог и е составен дел на оваа програма. Бројот на примероци даден во Прилогот на оваа програма ќе биде поделен во подрачните единици на Агенцијата на месечно ниво, во согласност со бројот на животни кои се наоѓаат на територијата или на местото каде се произведува, односно увезува храната за животни.

(5) Средствата за реализација на оваа програма се обезбедуваат согласно Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2021 година.

Член 3

(1) Храната за животни не треба да биде микробиолошки контаминирана. Цел е да се оцени контаминацијата на храната за животни со Салмонели и Сулфоредуктивни клостридии.

(2) Мониторингот опфаќа собирање на податоци во врска со присуството на Салмонели и Сулфоредуктивни клостридии во храната за животни од животинско и од неживотинско потекло.

(3) Примероците за микробиолошко испитување најдобро е да се земаат од:

1) суровини од растително потекло како што се маслодајни растенија, маслодајни овошја и производи добиени од истите:

(а) кикирики и производи добиени од истите;

(б) семе од репка и производи добиени од истите;

(в) кокосов орев и производи добиени од истите;

(г) соја (зрна) и производи добиени од истите;

(д) семе од памук и производи добиени од истите;

(ѓ) сончогледово семе и производи добиени од истите;

(е) ленено семе и производи добиени од истите и

(ж) производи добиени од други маслодајни семиња;

2) суровини од животинско потекло:

(а) нус–производи од животинско потекло - преработени животински протеини;

(б) присуство на крвно брашно;

(в) чварки;

(г) рибино брашно;

(д) друга храна за животни која содржи рибино брашно и

(ѓ) други сурови материјали од животинско потекло;

3) крмни смеси за исхрана на животни.

(4) За поделба на примероците, треба да се пратат следните критериуми врз основа на ризик:

1) примероци од суровините за храна за животни се земаат од регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни за време на истоварот и складирањето и

2) за крмни смеси за исхрана на животните, примероците се земаат на крајот на производствениот процес или за време на складирањето.

Член 4

(1) Земање примероци за испитување на присуство на неоргански контаминенти и азотни соединенија се врши од храна за животни која е идентификувана според проценка на ризик. Опасностите од надминување на максимално дозволеното ниво на неоргански контаминенти и азотни соединенија во храната за животни можат да потекнуваат од контаминираните суровини за храна за животни или контаминацијата во текот на производствениот процес.

(2) При земање примероци за испитување на арсен треба:

1) Бројот на примероци да биде поделен според раширеноста на оператори со храна за животни на територијата;

2) Местата за земање примероци да се:

(а) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори со храна за животни кои користат рибино брашно за производство на храна за свињи, храна за кокошки (несилки) и храна за аквакултура;

(б) фарми за свињи и живинарски фарми (кокошки несилки) каде се употребува рибино брашно и

(в) рибници.

(3) При земање примероци за испитување на кадмиум:

1) Примероците најдобро е да се земаат од:

(а) храна за животни за преживни животни (говеда, овци и кози);

(б) фуражна храна за преживни животни (говеда, овци и кози);

(в) силажа и

(г) адитиви кои содржат цинк и фосфати (DCP/MCP);

2) Бројот на примероци треба да биде поделен според бројот на животни на територијата и нивната категорија;

3) Местата за земање примероци треба да се:

(а) регистрирани и/или одобрени оператори за храна за животни каде што се произведува храна за преживни животни (говеда, овци и кози) и

(б) фарми за преживни животни (говеда, овци и кози).

(4) При земање примероци за испитување на жива:

1) Примероците најдобро е да се земаат од:
(а) крмна смеса наменета за аквакултура;
(б) храна за животни која содржи рибино брашно и
(в) суровини за храна за животни (рибино брашно);
2) Земањето на примероци од храна за аквакултура треба да се подели според бројот на објекти за аквакултура кои се наоѓаат на територијата. Примероците од храна за животни која содржи рибино брашно треба да се поделат според бројот на свињи и живина кои се наоѓаат на територијата која претставува место каде најверојатно може да се најде рибиното брашно;
3) Местата за земање примероци треба да се:
(а) регистрирани и/или одобрени оператори за храна за животни каде се користи рибино брашно за производство на храна за свињи и за кокошки несилки;
(б) регистрирани и/или одобрени оператори за храна за животни каде се користи рибино брашно за производство на храна за аквакултура;
(в) фарми за свињи каде се употребува рибино брашно или храна за животни која содржи рибино брашно;
(г) живинарски фарми каде се употребува рибино брашно или храна за животни која содржи рибино брашно и
(д) рибници.
(5) При земање примероци за испитување на олово:
1) Примероците најдобро е да се земаат од:
(а) силажа;
(б) фуражна храна;
(в) минерални премикси;
(г) дополнителна храна за животни и
(д) комплетна храна за преживни животни (говеда и овци) и за живина;
2) Местата за земање примероци треба да се:
(а) фарми за говеда каде се употребуваат силажа и фуражна храна;
(б) фарми за кокошки несилки и
(в) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни.
(6) Примероците за испитување на нитрити најдобро е да се земаат од:
1) суровини за храна за животни и
2) комплетна храна за животни.

Член 5

(1) Земање примероци заради утврдување на присуство на микотоксини во храната за животни се врши за да се утврди нивото на контаминација на храната за животни во однос на географската местоположба и типот на храната за животни.
(2) Мониторингот треба да се врши низ целиот ланец на производство, имајќи го во предвид различното развивање на токсините на нива и на местото на складирање.
(3) Главни цели на мониторингот се:
1) да се утврди усогласеност на храната за животни со законските барања за безбедност на храната за животни и
2) да се спроведат контроли низ целиот ланец на производство.
(4) Мониторингот ја опфаќа храната за исхрана на фармски одгледуваните животни.
(5) Примероците за испитување на микотоксини најдобро е да се земаат од:
1) суровини за храна за животни кои се складирани долго време (пченка и производи добиени од пченка, пченица, јачмен, сирак, други житарки, маслодајни растенија и маслодајни овошја и производи добиени од истите), кикирики и производи добиени од истите, сончогледово семе и производи добиени од истите, семе од памук и производи добиени од истите, соја (зрна) и производи добиени од истите. Најдобро е да се мострираат пратките кои долго се складирани;
2) крмни смеси за исхрана на млечни крави;
3) крмни смеси за исхрана на други млечни животни и
4) крмни смеси за исхрана на свињи.
(6) Земањето примероци треба да се врши на следните локации:
1) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни, со посебно внимание на фазите на складирање, транспорт и дистрибуција на храната за животни вклучени во бизнисот со храна за животни и
2) фарми.
(7) Примероците најдобро е да се земаат:
1) кога храната за животни е целосно мувлосана или доколку мувлата е содржана во една од најважните суровини за храна за животни кои се користат и
2) кога се забележани промени во производството или во голем процент во здравствениот статус на стадото без некои посебни причини.

Член 6

За испитување на органохлорни соединенија најдобро е да се земаат примероци од:
1) Следните суровини за храна за животни и крмни смеси за животни:
(а) рибино брашно;
(б) масти и масла од животинско потекло и
(в) храна за животни за кокошки несилки, аквакултура и млечни крави;
2) Следните места за земање примероци:
(а) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни каде се користи рибино брашно, масти и масла од животинско потекло;
(б) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни каде се произведува храна за исхрана на кокошки несилки, млечни крави и аквакултура;
(в) фарми за млечни крави или комбинирано производство (млеко и месо);
(г) живинарски фарми;
(д) рибници и
(ѓ) ветеринарно инспекциско место на граничен премин (увоз на храна за животни).

Член 7

(1) За одредување на присуството на диоксин (збир од полихлорирани дибензо-пара-диоксини (PCDDs) и полихлорирани дибензофурани (PCDFs), збир од диоксини и полихлорирани бифенили слични на диоксин (збир од полихлорирани дибензо-пара-диоксини (PCDDs), полихлорирани дибензофурани (PCDFs) и полихлорирани бифенили (PCBs) и полихлорирани бифенили кои не се слични на диоксин дадени во Прилог 1 од Правилникот за листа на непожелни супстанции во храната за животни и максимално дозволено ниво како и критичните точки за спроведување на истражување за идентификација на изворот и причините за пречекорување на максимално дозволеното ниво, одреден дел од примероците треба да се земат од ризичната група на суровини за храна за животни, особено од увезената, како што се мастите и маслата.
(2) Одреден дел од примероците треба да се земат од ризичната група на суровини за храна за животни, особено од увезената, како што се мастите и маслата.
(3) Примероците најдобро е да се земаат од:
1) суровини за храна за животни:
(а) производи од животинско потекло, вклучувајќи млеко во прав и производи од јајца;
(б) животински масти;
(в) рибино масло;
(г) рибино брашно;
(д) житни култури и производи добиени од житни култури;

(ѓ) маслодајни растенија и маслодајни овошја и производи добиени од истите и

(е) суровини за храна за животни од минерално потекло;

2) адитиви на храна за животни и премикси:

(а) елементи во траги;

(б) врзувачи и

(в) средства против згрутчување;

3) крмни смеси за исхрана на фармски одгледувани животни.

(4) Посебно внимание треба да се обрне на контролата на додатоците на храна за животни, со цел да се спречи диоксините да дојдат во крмните смеси. Според тоа 60% од примероците треба да се земат од ризичните групи на суровини за храна за животни (увезени масти и масла и производи добиени од нив), а 40% од крмните смеси за фармски одгледуваните животни.

(5) Примероците најдобро е да се земаат од:

1) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни:

(а) складирање на суровини за храна за животни;

(б) објекти за преработка на масти и масла во кои се произведува храна за животни (масти, масла и производи добиени од истите);

(в) објекти за сушење на храна за животни;

(г) објекти во кои се произведуваат адитиви и премикси и

(д) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни во кои се произведува храна за животни за ставање во промет, а кои користат ризични групи на суровини за храна за животни;

2) фармери и

3) ветеринарно инспекциско место на граничен премин (увоз на храна за животни).

Член 8

(1) Одобрените адитиви во нецелна храна за животни по неизбежно пренесување - Кокцидиостатиците треба правилно да се употребуваат во храната за животни за да се спречи антимикробната отпорност, присуството на резидуи во храната од животинско потекло и негативните ефекти врз здравјето на луѓето и животните.

(2) Земање примероци заради одредување на количеството на одреден кокцидиостатик во храната за животни се врши со цел да се утврди дали количеството на испитуваната супстанција одговара на количеството кое е означено на етикетата на храната за животни.

(3) Примероците треба да се земат од:

1) суровини за храна за животни;

2) крмни смеси и

3) премикси.

(4) Супстанциите кои треба да се проверат во примероците од храна за животни треба да се одберат од страна на официјалниот ветеринар, врз основа на:

1) активната супстанција/и која е означена на етикетата и

2) податоците за производство.

Член 9

(1) За да не дојде до појава на трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии кај преживните животни, исхраната на преживните животни не треба да се врши со храна за животни која содржи материјали од цицачи кои се забранети да се користат во исхраната на преживните животни.

(2) Примероците најдобро е да се земаат од:

1) крмни смеси за исхрана на преживни и непреживни животни кои содржат преработени протеини од животинско потекло,

2) рибино брашно и

3) преработени протеини од животинско потекло.

(3) Целни места за земање примероци, поради тоа што претставуваат критични точки за контаминација со забранети животински протеини, што вклучува активности со висок ризик, се:

1) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни, и тоа:

(а) објекти за производство на крмни смеси за исхрана на преживни и непреживни животни;

(б) видови на производство кои се најпогодни за контаминација (пр. производство на храна за животни за непреживни животни која содржи преработени протеини од животинско потекло како рибино брашно или животински масти);

(в) објекти за производство на храна за животни или суровини кои содржат голем процент на протеини и

(г) потенцијална неефикасност на системот за сопствена контрола на објектот, особено во однос на контролата на вкрстена контаминација и правилното мешање на состојките. Вниманието треба да се насочи и кон системот за складирање и транспорт на производите, претходно утврдените несообразности поради не следење на правилата за превенција на Спонгиоформни енцефалопатии кај говедата;

2) регистрирани и/или одобрени објекти и оператори за храна за животни:

(а) каде се складира голема количина на непакувана храна за животни и

(б) објекти во кои се складира храна за животни со висока содржина на протеини;

3) фарми:

(а) со повеќе од 100 грла;

(б) одгледување на преживни животни заедно со свињи или живина (ризик од вкрстена контаминација);

(в) купување на храна за животни во рефус;

(г) употреба на храна за животни со висока содржина на протеини;

(д) употреба на органски ѓубрива кои содржат преработени животински протеини и

(ѓ) потенцијална неефикасност на системот за сопствена контрола на објектот, особено во однос на контролата на вкрстена контаминација и правилното мешање на состојките и

4) пратки на храна за животни од увоз.

Член 10

За спроведување на оваа програма се грижи Агенцијата за храна и ветеринарство.

Член 11

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-12709/1-20 | Претседател на Владата |
| 16 јануари 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**Прилог**

**План за земање на примероци од храна за исхрана на животни**

| Параметри | Вид на храна за животни од која се земаат примероци за испитување | Број на примероци |
|---|---|---|
| **Микробиолошки опасности**<br><br>**1. Салмонели** | За испитување на Салмонели се земаат примероци од:<br>- Суровини на храна за животни и<br>- Крмни смеси. | 100 |
| **2. Сулфоредуктивни клостридии** | За испитување на Сулфоредуктивни клостридии се земаат примероци од:<br>- Суровини на храна за животни и<br>- Крмни смеси. | 20 |
| **Неоргански контаминенти и азотни соединенија** | За испитување на Арсен се земаат примероци од:<br>- Суровини на храна за животни;<br>- Адитиви на храната за животни кои припаѓаат на функционалната група на елементи во траги во крмни смеси;<br>- Дополнителна храна за животни и<br>- Комплетна храна за животни. | 10 |
| | За испитување на Кадмиум се земаат примероци од:<br>- Суровини за храна за животни од растително потекло;<br>- Суровини за храна за животни од животинско потекло;<br>- Суровини за храна за животни од минерално потекло;<br>- Адитиви на храната за животни кои припаѓаат на функционалната група на елементи во траги во крмни смеси;<br>- Адитиви на храната за животни кои припаѓаат на функционалната група на врзувачи и средства против згрутчување;<br>- Премикси;<br>- Дополнителна храна за животни и<br>- Комплетна храна за животни. | 10 |
| | За испитување на Жива се земаат примероци од:<br>- Суровини за храна за животни и<br>- Крмни смеси. | 10 |
| | За испитување на Олово се земаат примероци од:<br>- Суровини за храна за животни;<br>- Адитиви на храната за животни кои припаѓаат на функционалната група на елементи во траги во крмни смеси;<br>- Адитиви на храната за животни кои припаѓаат на функционалната група на врзувачи и средства против згрутчување;<br>- Премикси;<br>- Дополнителна храна за животни и<br>- Комплетна храна за животни. | 10 |
| | За испитување на Нитрити се земаат примероци од:<br>- Суровини за храна за животни и<br>- Комплетна храна за животни. | 10 |
| **Микотоксини** | За испитување на Афлатоксин B1 се земаат примероци од:<br>- Суровини за храна за животни;<br>- Дополнителна храна за животни и<br>- Комплетна храна за животни. | 80 |
| | За испитување на Зеаралеон се земаат примероци од:<br>- Суровини за храна за животни;<br>- Дополнителна храна за животни и<br>- Комплетна храна за животни. | 20 |
| | За испитување на Охратоксин А се земаат примероци од:<br>- Суровини за храна за животни;<br>- Дополнителна храна за животни;<br>- Комплетна храна за животни и<br>- Крмни смеси. | 20 |

| | | |
|---|---|---|
| **Органохлорни соединенија (со исклучок на диоксини и полихлорирани бифенили)** | За испитување на Органохлорни соединенија (со исклучок на диоксини и полихлорирани бифенили) се земаат примероци од:<br>- Суровини за храна за животни и<br>- Крмни смеси. | 20 |
| **Диоксин и полихлорирани бифенили PCBs** | За испитување на Диоксин и полихлорирани бифенили PCBs се земаат примероци од:<br>- Суровини за храна за животни од растително потекло;<br>- Суровини за храна за животни од минерално потекло;<br>- Суровини за храна за животни од животинско потекло;<br>- Адитиви за храна за животни: каолинитска глина, вермикулит. натролит-фонолит, синтетички калциум алуминат и клиноптилолит со седиментно потекло кои припаѓаат на функционални групи на врзувачи и средства против згрутчување;<br>- Адитиви на храната за животни кои припаѓаат на функционалната група на елементи во траги во крмни смеси;<br>- Премикси и<br>- Крмни смеси. | 15 |
| **Одобрени адитиви во нецелна храна за животни по неизбежно пренесување - Кокцидиостатици** | За испитување на Одобрени адитиви во нецелна храна за животни по неизбежно пренесување - Кокцидиостатици се земаат примероци од:<br>- Суровини за храна за животни;<br>- Крмни смеси и<br>- Премикси. | 30 |
| **Контаминација со забранети животински протеини** | За испитување на контаминација со забранети животински протеини за исхрана на преживни и непреживни животни се земаат примероци од крмни смеси за исхрана на преживни и непреживни животни кои содржат преработени протеини од животинско потекло, рибино брашно и преработени протеини од животинско потекло. | 20 |

**192.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА**

1. Средствата за реализација на оваа програма се обезбедени во раздел 12101, програма 3, подпрограма 30, категорија 42, ставка 425 Договорни услуги, утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година во износ од 46.250.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за следните активности:

| | Опис на активност | Вредност (денари) |
|---|---|---|
| 2.1 | Изработка на нов просторен план на Република Северна Македонија | 43.610.162,00 |
| 2.2 | Изработка на просторен план за националниот парк Пелистер – Предлог план | 439.838,00 |
| 2.3 | Изготвување на Годишен извештај за спроведување на Просторниот План на Република Македонија за 2020 година | 1.200.000,00 |

3. За начинот и динамиката на спроведување на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 44-12711/1-20
16 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**193.**

Согласно член 162 став (2) од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 27/14, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА ЗА 2021 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се утврдуваат активностите кои ќе се реализираат во 2021 година заради унапредување на заштитата на природата во Република Северна Македонија преку имплементација на целите определени во Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027).

II

Средствата од оваа програма со вкупен износ од 91.007.439 денари ќе се обезбедат од:

- Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во висина од 400.000 денари и

- Дел од средствата ќе се обезбедат од донаторски средства од тековни повеќегодишни проекти на Министерството за животна средина и просторно планирање во висина од 90.607.439 денари и тоа:

1. Проект ГЕФ/УНЕП „Постигнување на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето" во висина од 11.275.000 денари,

2. СДЦ „Програма за зачувување на природата на Македонија, излезна фаза“ во висина од 34.200.000 денари,

3. ЕУ ИПА II проект: „Унапредување на капацитети за Натура 2000 и Конвенција за меѓународна трговија со загрозени видови на дивата фауна и флора (ЦИТЕС)“ и Регулатива на Советот (ЕЗ) бр. 338/97 за заштита на видовите дива фауна и флора со регулирање на трговијата со нив, во висина од 43.902.439 денари,

4. ГИЗ Отворен регионален фонд за биодиверзитет во висина од 1.230.000 денари.

Средствата од ставот 1 на овој дел обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година ќе се реализираат врз основа на јавни набавки и конкурси за ангажирање на правни и физички лица кои ќе ги објавува и спроведе Министерството за животна средина и просторно планирање.

Другиот дел од средствата од ставот 1 од овој дел ќе се реализираат преку тековните повеќегодишни проекти на Министерството за животна средина и просторно планирање и тоа: проект ГЕФ/УНЕП „Постигнување на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето", проект: СДЦ „Програма за зачувување на природата на Македонија, излезна фаза“, ЕУ ИПА II проект: „Унапредување на капацитети за Натура 2000 и ЦИТЕС“ и ГИЗ Отворен регионален фонд за биодиверзитет.

III

Средствата од дел II од оваа програма ќе се распределат за следниве намени:

| АКТИВНОСТ | ОПИС НА АКТИВНОСТА/ | БУЏЕТ | СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТ |
|---|---|---|---|
| **1. ИЗРАБОТКА НА ЦРВЕНА ЛИСТА** | | | |
| 1.1 Изработка на Црвени Книги за херпетофауна (водоземци и влекачи) | Изработка на Црвени Книги за водоземци и влекачи. Црвените Книги ќе содржат податоци за сите 46 видови од херпетофауната со описи на видовите, нивната екологија, дистрибуција, конзерваторски статус на национално ниво и др. | Средствата се обезбедени од тековен ГЕФ/УНЕП проект: „Постигнување на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето“. | Национална цел 5, Активност 5.1.11 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| **2. ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРИРОДНО НАСЛЕДСТВО, ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА И ИЗРАБОТКА НА ПЛАНОВИ ЗА УПТРАВУВАЊЕ СО ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА** | | | |
| 2.1 Водење постапка за прогласување на Водно, Студенчишко Блато, Матка, Национален Парк Шар Планина, Национален Парк Маврово, Охридско Езеро и Малешевски Планини за заштитени подрачја | Согласно Закон за заштита на природата | / | Национална цел 2 Активност 2.3.9 цел 5, Активност 5.1.3 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| 2.2 Изработка на планови за управување со заштитени подрачја | Изработка на Нацрт планови за управување за Национален Парк Шар Планина, споменик на природа - Охридско Езеро и Заштитен предел-Осоговски Планини | Тековен ГЕФ/УНЕП проект: „Постигнување на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето“ и Тековен проект: „Програма за зачувување на природата на Македонија, излезна фаза“. | Национална цел 5, Активност 5.1.12 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| 2.3 Идентификација на шуми со високи природни вредности | Целта е заштита на биолошката разновидност во Северна Македонија преку идентификација на шуми со високи природни вредности и изработка на две упатства за управување со шумите за две избрани подрачја, во насока на одржување и унапредување на биолошката разновидност во истите. | Средствата се обезбедени од тековен ГЕФ/УНЕП проект: „Постигнување на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето“. | Национална цел 4, Активност 4.1.6 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| 2.4 Идентификација на два пилот коридори од предложената Национална еколошка мрежа (МАК-НЕН) за развој и тестирање на мерките специфични за локацијата со вклучени локални засегнати страни | Избор на 2 пилот коридори МАК-НЕН и анализа за зелена инфраструктура. | Средствата се обезбедени од тековен ГЕФ/УНЕП проект: „Постигнување на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето“. | Национална цел 1, од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| **3. ОБУКИ** | | | |
| 3.1 Обуки по различни области за Натура 2000 | Обука за социо-економски придобивки, управување со живеалишта и видови, и поврзаноста на Натура 2000 со шумарството, земјоделството, туризамот, управувањето со водите, здравството и др. | Средствата се обезбедени од тековен проект: „Програма за зачувување на природата на Македонија, излезна фаза“ и ЕУ ИПА II проект: „Унапредување на капацитети за Натура 2000 и ЦИТЕС“. | Национална цел 5, Активности 5.2.3, 5.2.4, 5.2.5, 5.2.6, и 5.2.7 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.2 Обуки за концептот на екосистемски услуги | Ќе бидат опфатени засегнатите страни за различни теми поврзани со екосистемски услуги како што се: вовед во екосистемски услуги и сродни концепти, мапирање и проценка на екосистемски услуги, интегрирана проценка на екосистемски услуги и монетрана проценка на екосистемски услуги. | Средства се обезбедени од тековен проект: „Програма за зачувување на природата на Македонија, излезна фаза“. | Активности 3.1, 3.2 и 3.3 од Национална стратегија за заштита на природата со Акционен План (2017-2027) |
| 3.3 Обуки по различни прашања за имплементција на Конвенција за меѓународна трговија со загрозени видови на дивата фауна и флора (ЦИТЕС) и Регулатива на Советот (ЕЗ) бр. 338/97 за заштита на видовите дива фауна и флора со регулирање на трговијата со нив | Ќе бидат опфатени различни засегнати страни (Царинска Управа, научни институции, инспекторати, полиција, ветеринарни служби, НВО-и и др.) | Средствата се обезбедени од ЕУ ИПА II проект: „Унапредување на капацитети за Натура 2000 и ЦИТЕС“. | Согласно ЦИТЕС и ЕУ законодавтсвото за ЦИТЕС |
| **4. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА НАТУРА 2000 ПОДРАЧЈА И УНАПРДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТОВО ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА МЕЃУНАРОДНА ТРГОВИЈА СО ЗГРОЗЕНИ ВИДОВИ НА ДИВА ФАУНА И ФЛОРА (ЦИТЕС) И РЕГУЛАТИВАТА НА СОВЕТОТ (ЕЗ) БР. 338/97 ЗА ЗАШТИТА НА ВИДОВИТЕ ДИВА ФАУНА И ФЛОРА СО РЕГУЛИРАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО НИВ** | | | |
| 4.1 Идентификација на потенцијални Натура 2000 подрачја на национално ниво | Изработка на инвентар на живеалишта, растенија, животни и птици од интерес за ЕУ на национално ниво. | Средствата се обезбедени од ЕУ ИПА II проект: „Унапредување на капацитети за Натура 2000 и ЦИТЕС“. | Национална цел 1, Активност 1.3.19 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| 4.2 Изработка на Стандардни формулари на податоци (СДФ) за потенцијални Натура 2000 подрачја на национално ниво | Изработка на Стандардни формулари за податоци (СДФ) за потенцијални Натура 2000 подрачја. | Средствата се обезбедени од ЕУ ИПА II проект: „Унапредување на капацитети за Натура 2000 и ЦИТЕС“. | Национална цел 1, Активност 1.3.20 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| 4.3 Изработка на нов Нацрт-закон за меѓународна трговија со загрозени видови на дивата фауна и флора (ЦИТЕС) и подзаконски акти | Согласно одредбите од Конвенција за меѓународна трговија со загрозени видови на дивата фауна и флора (ЦИТЕС)<br>Согласно одредбите на Регулатива на Советот (ЕЗ) бр. 338/97 за заштита на видовите дива фауна и флора со регулирање на трговијата со нив. | Средствата се обезбедени од ЕУ ИПА II проект: „Унапредување на капацитети за Натура 2000 и ЦИТЕС“. | ЕУ Регулатива за ЦИТЕС 338/98 |
| 4.4 Изработка на нов софтвер за електронско издавање на ЦИТЕС дозволи и сертификати во согласност со | Согласно Конвенција за меѓународна трговија со загрозени видови на дивата фауна и флора (ЦИТЕС)<br>Регулатива на Советот (ЕЗ) бр. 338/97 за заштита на видовите дива фауна и флора со регулирање на трговијата со нив. | Средствата се обезбедени од ЕУ ИПА II проект: „Унапредување на капацитети за Натура 2000 и ЦИТЕС“. | ЕУ Регулатива за ЦИТЕС 338/98 |
| **5. БАЗА НА ПОДАТОЦИ** | | | |
| 5.1 Ажурирање на веб страната за НАТУРА 2000 | Редовно ажурирање со податоци на веб страната како и социјалните мрежи за тековни активности за НАТУРА 2000 во Република Северна Македонија. | Средства се обезбедени од тековен проект: „Програма за зачувување на природата на Македонија, излезна фаза“. | Национална цел 6, Активност 6.1.22 Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.2 Развој на софтвер за собирање на податоци од треренски истражувања за биодиверзитет | Ќе се развие софверска апликација која ќе овозможи собирање на податоци за Национален информативен систем за природа. | Средства се обезбедени од ГИЗ Отворен регионален фонд за биодиверзитет. | Национална цел 2, Активност 2.3. 7 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| **6. ДРУГИ АКТИВНОСТИ** | | | |
| 6.1 Кампања за промоција на природни вредности | Национална кампања за промовирање на национални природни вредности на Република Северна Македонија. | Буџет на Република Северна Македонија | Промоција на Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |
| 6.2 Изработка на физибилити студија за отворање на центар за прва помош и згрижување на запленети и повредени диви животни | Изработка на Физибилити студијата за отворање на центар за прва помош и згрижување на запленети и повредени диви животни ќе биде основа за понатамошните активности за формирање на ваков Центар во државата. | Средства се обезбедени од тековен проект: „Програма за зачувување на природата на Македонија, излезна фаза“. | Активности 2.3.16 од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен план (2017-2027) |

IV

Начинот и динамиката на реализација на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање, за што ќе достави детален извештај до 31.1.2022 година за степенот на реализација до Владата на Република Северна Македонија.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 44-12712/1-20
16 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**194.**

Врз основа на член 218 став (1) од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИТЕ ЗА 2021 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се утврдуваат средствата за извршување на работите согласно член 212 од Законот за водите и тоа за: управување и развој на водните ресурси и надоместување на трошоците за работење на органите на државната управа и органите и организациите кои имаат соодветни надлежности во управувањето со води, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните хидромелиоративните системи и хидросистеми, одржување и заштита на природните езера, одржување на водотеци, изградба и одржување на објекти за регулација на водотеци, заштита од штетните дејства на водите вон населени места, подготовка на планови за одбрана од поплави и замрзнување, планови за заштита од ерозија и порои, подготовка на соодветни планови за заштита од други штетни дејствија на водите вон населените места, контрола на состојбите и собирање и обработка на податоците за резерви на вода и нивно рационално користење, хидрогеолошки и други истражувања, подготвување и организирање на спроведувањето на програмата за мерки за заштита на водите од загадување, преземање на мерки за извршување на определени работи за заштита од загадување, мониторинг и утврдување на состојбата со квалитетот и квантитетот на водите и мониторинг на безбедноста на водата за консумирање од страна на човекот, воспоставување и одржување на заштитни зони и изградба на одржување на објекти за заштита на водите од загадување.

II

Средствата за извршување на работите наведени во дел I на оваа програма, кои се утврдени во членовите 206, 213, 214 и 215 од Законот за водите ќе се остварат од следните извори:

| ИЗВОРНИ ПРИХОДИ | |
|---|---|
| 1. | Надоместок за користење на водите од: |
| 1.1 | Правни лица кои произведуваат електрична енергија од хидроелектрични централи за секој произведен киловат час - 1,0% од производната цена |
| 1.2 | Правни лица кои произведуваат електрична енергија од термоелектрични централи за секој произведен киловат час - 0,5% од производната цена |
| 1.3 | Правни лица кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем, за консумирање, за секој употребен или искористен метар кубен искористена вода-2% од утврдената цена од давателот на услугата |
| 1.4 | Правните и физички лица, кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем, за комерцијални цели (флаширање на вода) - 0,5% од продажната цена на производот |
| 1.5 | Правните и физички лица, кои користат вода за производство на храна, пијалоци и технолошки потреби- 2% од цената на метар кубен искористена вода во јавниот водоснабдителен систем |
| 1.6 | Правни и физички лица кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем на геотермални води-7 денари од утврдената цена за метар кубен искористена вода |
| 1.7 | Правните и физички лица, кои користат вода за одгледување на риби, во рибници и во кафези и водни птици- 3% од продажна цена на килограм риба, односно птици |
| 1.8 | Правни и физички лица кои користат вода за наводнување - 2% од утврдена цена на метар кубен за хектар земјиште |
| 1.9 | Правни и физички лица кои користат вода за одводнување -1% од утврдена цена на метар кубен од давателот на услугата |
| 1.10 | Правни и физички лица кои користат вода за миење и сепарирање на песок, чакал и камен - 2% од цената на метар кубен сепариран материјал |
| 2. | Надоместок за испуштање на води од: |
| 2.1 | Правни и физички лица кои испуштаат непречистени отпадни води и води со променливи својства и отпадни материи и супставнции во реципиентите, а немаат уреди за прочистување - 1% од утврдената цена за собирање и третман на отпадни води |
| 3. | Надоместок за вадење песок, чакал и камен од: |
| 3.1 | Правни и физички лица кои со дозвола вадат песок, камен и чакал од коритата и бреговите на водотеците, езерата, акумулациите, пороите и другите површински водни тела и површините кои во Катастарот на недвижности се заведени „под води“ - 7% од цената на метар кубен изваден песок, камен и чакал |
| 4. | Закупнина на државно земјиште дадено под закуп што во Катастарот на недвижности се води „под води“ |
| 5. | Средства од Буџетот на Република Северна Македонија (трансфер) |
| 6. | Буџетите на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје |
| 7. | Други приходи во согласност со закон |

III

Вкупно планираните средства во оваа програма ќе се распределуваат спрема одредените проценти по намени согласно член 212 став (6) од Законот за водите и тоа како следи:

| **Намена** | | **%** | **Планирани средства во (денари)** |
|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти | 43,9 | 30,000,000.00 |
| 2. | Регулација на водотеци заради заштита од штетно дејство на вода | 21,6 | 14,760,000.00 |
| 3. | Исплата на заостанати долгови по склучени договори од Програмата за управување со водите за 2020 година | 3,3 | 2,240,000.00 |
| 4. | Сервисирање и одржување на системот во Пречистителна станица за отпадни води во Јегуновце и редовно одржување на СКАДА системот и пумпна станица во депонијата | 3,5 | 2,400,000.00 |
| 5. | Набавка на хемикалии за технолошкиот процес во пречистителна станица за загадени води во атарот на с.Јегуновце и договорни услуги за спроведување на активности во Југохром, Јегуновце | 10,3 | 7,000,000.00 |
| 6 | Заштита од штетно дејство на водите, Уредување на порој во село Шипковица | 16,1 | 11,000,000.00 |
| 7. | Трошоци за спроведување на Програмата | 1,3 | 910,000.00 |
| | **ВКУПНО** | **100** | **68,310,000.00** |

IV

Средствата од дел III точка 1 од оваа програма ќе се користат врз основа на доставени барања за финансирања за "Изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти".

Барање може да поднесат единиците на локална самоуправа и јавните комунални претпријатија најдоцна до 15 февруари 2021 година.

Кон барањето треба да бидат доставени следните документи:

- Дозвола за користење на вода;
- Основен проект изработен од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа;
- Ревизија на проектот од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа;
- Решение за одобрен елаборат за заштита на животната средина или Студија за оценка на влијанието на животната средина и
- Документ за исправност на водата за пиење.

Средствата од дел III точка 2 од оваа програма ќе се користат врз основа на доставени барања за финансирања за „Регулација на водотеци заради заштита од штетно дејство на вода".

Барање може да поднесат единиците на локална самоуправа и водостопанствата надлежни за реализација на овие проекти, најдоцна до 15 февруари 2021 година.

Кон барањето треба да бидат доставени следните документи:

- Водостопанска согласност;
- Основен проект изработен од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа;
- Ревизија на проектот од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа и
- Решение за одобрен елаборат за заштита на животната средина или Студија за оценка на влијанието на животната средина.

V

Средствата од дел III точка 1 од оваа програма се распределуваат врз основа на следните критериуми:

А) Подрачје во кое се наоѓа системот
- Урбана средина - 5 бода
- Рурална средина - 10 бода

Б) Досегашен начин на водоснабдување на населението
- Од водоводна мрежа - 5 бода
- Од јавна чешма - 15 бода
- Од бунари - 10 бода
- Останато - 10 бода

В) Финансиско учество на локална самоуправа и јавните комунални претпријатија во изградбата на системот за водоснабдување.
- > 25% - 10 бода
- 25-50% - 20 бода.

Средствата од дел III точка 2 од оваа програма се распределуваат врз основа на следните критериуми:

А) Подрачје во кое се наоѓа водотекот
- Урбана средина - 5 бода
- Рурална средина - 10 бода

Б) Ризик од поплави
- Евидентирани поплави во последните три години - 20 бода
- Евидентирани поплави пред повеќе од три години - 15 бода

В) Финансиско учество при реализација на проектите за регулација
- > 25% - 10 бода
- 25-50% - 20 бода.

VI

Средствата од дел III точки 1, 2, 4, 5 и 6 од оваа програма ќе се користат врз основа на претходно склучен Договор за доделување на средства, спроведена постапка за јавни набавки и уредна исплатна документација.

VII

За реализација на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-12715/1-20 | Претседател на Владата |
| 16 јануари 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**195.**

Врз основа на член 29 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.307/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ ОХРИД И СТРУГА ЗА 2021 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се утврдува намената на буџетски средства утврдени на Раздел 121.01 на Министерството за животна средина и просторно планирање, потпрограма 2Е-Колекторски систем Охрид и Струга, за 2021 година.

II

Средствата за реализирање на оваа програма се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година од сметка 637-12, потпрограма 2Е, во износ од 35.000.000,00 денари.

Средствата од став 1 на овој дел ќе се реализираат како дотации до ЕЛС, односно враќање на средства на Општина Струга кои се давани како заем на МОЈП Проаква Струга за функционирење на колекторскиот систем Охрид - Струга.

III

Средствата од дел II став 1 на оваа програма ќе се користат врз основа на потпишан договор помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и Општина Струга.

IV

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12716/1-20 — 16 јануари 2021 година — Скопје

Претседател на Владата на Република Северна Македонија, **Зоран Заев,** с.р.

---

**196.**

Врз основа на член 57 став (3) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЈАВНО ЗДРАВСТВО ВО 2021 ГОДИНА

I

Средствата за ветеринарно јавно здравство во 2021 година се утврдуваат во износ од 26.000.000,00 денари и тоа од следниот извор:

| | |
|---|---|
| Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, Раздел 14005 – Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 464 | 26.000.000,00 денари |

II

Средствата за ветеринарно јавно здравство за 2021 година ќе бидат искористени за плаќање на заостанати обврски во износ од 1.000.000 денари направени по активности предвидени со Програмата за ветеринарно јавно здравство во 2020 година и средства во износ од 25.000.000,00 денари за тековни активности.

III

Активностите за ветеринарно јавно здравство во 2021 година ги опфаќаат следните ставки:

| | |
|---|---|
| 1. Мониторинг на присуство на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло | 16.100.000,00 денари |
| 2. Мониторингна исполнувањето на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло | 3.000.000,00 денари |
| 3. Мониторинг на критериумите за сурово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето | 1.300.000,00 денари |
| 4. Мониторингот на зоонози и причинители на зоонози и мониторинг на антимикробна отпорност | 600.000,00 денари |
| 5.Мониторинг на квалитет на храна од животинско потекло | 1.500.000,00 денари |
| 6. Мониторинг на безбедноста на храната за животни | 1.800.000,00 денари |
| 7.Мониторинг на безбедноста на нус производите од животинско потекло | 400.000,00 денари |
| 8. Активности на Националниот центар за информирање за ветеринарно-медицинските препарати | 300.000,00 денари |
| ВКУПНО | 25.000.000,00 денари |

IV

Средствата од дел III точка 1 на оваа програма во износ од 16.100.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на присуство на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло | 15.100.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на присуство на резидуи и недозволени супстанции кај производи од животинско потекло од увоз | 1.000.000,00 денари |

V

Средствата од дел III точка 2 на оваа програма во износ од 3.000.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на исполнување на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло | 2.300.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на исполнување на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло од увоз | 700.000,00 денари |

VI

Средствата од дел III точка 3 на оваа програма во износ од 1.300.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на критериумите за сурово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето | 1.300.000,00 денари |

VII

Средствата од дел III точка 4 на оваа програма во износ од 600.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторингот на зоонози и причинители на зоонози и мониторинг на антимикробна отпорност | 600.000,00 денари |

VIII

Средствата од дел III точка 5 на оваа програма во износ од 1.500.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на квалитет на храна од животинско потекло | 1.000.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на квалитет на храната од животинско потекло од увоз | 500.000,00 денари |

IX

Средствата од дел III точка 6 на оваа програма во износ од 1.800.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторинг на безбедноста на храната за животни и другите производи за исхрана на животните | 1.300.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на безбедноста на храната за животни и другите производи за исхрана на животните од увоз | 500.000,00 денари |

X

Средствата од дел III точка 7 на оваа програма во износ од 400.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - трошоци за мониторингна безбедноста на нуспроизводите од животинско потекло | 100.000,00 денари |
| - трошоци за мониторинг на безбедноста на нус производите од животинско потекло од увоз | 300.000,00 денари |

XI

Средствата од дел III точка 8 на оваа програма во износ од 300.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - спроведување на тековни активности на Националниот центар за информирање за ветеринарно-медицинските препарати | 100.000,00 денари |
| - промовирање на рационалната употреба на ветеринарно – медицинските препарати | 100.000,00 денари |
| - следење на несаканите дејства на употребата за ветеринарно – медицинските препарати | 100.000,00 денари |

XII

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат активностите за следење и откривање на присуството на резидуи во суровините и производите од животинско потекло.

XIII

За спроведувањето на оваа програма се грижи Агенцијата за храна и ветеринарство.

XIV

Оваа програма влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-12783/1 – 20
16 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**197.**

Врз основа на член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 307/20), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19, 244/19 и 275/19), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 27/20), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија" бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16, 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 235/19) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2021 ГОДИНА**

I

Средствата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година во вкупен износ од 3.723.103.000 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 307/20) раздел 140.04 програма 2 потпрограма 20 ставка 464 разни трансфери ќе се користат според следните мерки:

| Број на мерка | *Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства* | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Директни плаќања за растително производство | 2.000.000.000 |
| 2. | Директни плаќања за сточарско производство | 1.000.000.000 |
| | *Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството)* | |
| 3. | Помош во премии и осигурување | 70.000.000 |
| 4. | Помош за заштита на земјоделското земјиште | 1.000.000 |
| 5. | Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство | 10.000.000 |
| 6. | Помош во сточарскиот сектор | 12.000.000 |
| 7. | Финансиска поддршка за складирање на пченица од домашно производство од род 2021 година | 1.000.000 |
| 8. | Помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација | 200.000.000 |
| 9. | Материјални трошоци за спроведување на Програмата | 15.000.000 |
| 10. | Заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2012, 2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 година и заостанати обврски од Програмата за финансирање на активностите во тутунското производство за 2020 година | 414.103.000 |
| | Вкупно | 3.723.103.000 |

II

Средствата од дел I мерка 1 од оваа програма наменети за директни плаќања за растително производство во износ од 2.000.000.000 денари ќе се користат според следните подмерки:

| Број на подмерка | Име на подмерката |
|---|---|
| 1.1. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури освен за тутун |
| 1.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со големина од 5 до 50 хектари |
| 1.3. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со сончоглед |
| 1.4. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарско производство и цвеќе на отворено и во пластеници |
| 1.5. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.4. за производство под контролирани услови на домати, пиперки и краставици |
| 1.6. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.4. за градинарски култури предадени во преработувачки капацитети |
| 1.7. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки овошни насади |
| 1.8. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.7. за овошни култури предадени во преработувачки капацитет |
| 1.9. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади |
| 1.10. | Директни плаќања за произведен и продаден необработен тутун од реколта 2020 година |
| 1.11. | Директни плаќања за производство на домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација за житни, индустриски, фуражни и градинарски култури |
| 1.12. | Директни плаќања за производство на домашен лозов и овошен саден материјал |
| 1.13. | Директни плаќања за производство на сертифициран посадочен материјал за градинарски производи и цветни култури |
| 1.14. | Директни плаќања за производство на млади растенија од цвеќе во инвитро услови |
| 1.15. | Директни плаќања за производство на предосновен и основен семенски материјал за житни култури |
| 1.16. | Директни плаќања за мали земјоделски стопанства дефинирани според историски плаќања за претходните три години |

III

Средствата од дел I мерка 2 од оваа програма наменети за директни плаќања за сточарско производство во износ од 1.000.000.000 денари ќе се користат според следните подмерки:

| Број на подмерка | Име на подмерката |
|---|---|
| 2.1. | Директни плаќања за обележани грла говеда |
| 2.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.1. за основни стада за производство на говедско месо |
| 2.3. | Директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко |
| 2.4. | Директни плаќања за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет |
| 2.5. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.4. за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет |
| 2.6. | Директни плаќања за добиено теле по пат на В/О |
| 2.7. | Директни плаќања за обележани грла овци од сите категории |
| 2.8. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.7 за задржано женско јагне |
| 2.9. | Директни плаќања за обележани грла кози |
| 2.10. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.9 за задржано женско јаре |
| 2.11. | Директни плаќања за женски приплодни грла-маторици |
| 2.12 | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.11 за уматичено грло-маторица |
| 2.13. | Директни плаќања за одгледани и заклани гоеници во регистрирани кланични капацитети |
| 2.14. | Директни плаќања за одгледани и заклани бројлери во регистрирани кланични капацитети |
| 2.15. | Директни плаќања за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети |
| 2.16. | Директни плаќања за произведени еднодневни бројлерски пилиња и еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди |
| 2.17. | Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство |
| 2.18. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.17. за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици |
| 2.19. | Дополнителни директни плаќања за зголемен пријавен број на грла во основно стадо и пчелни семејства од бројот за кој е исплатена финансиска поддршка од претходната календарска година подмерките 2.1, 2.7 , 2.9, 2.11. и 2.17. |

IV

Средствата од дел I мерка 3 од оваа програма во износ од 70.000.000 денари за помош во премии и осигурување ќе се користат согласно член 98 од Законот за земјоделство и рурален развој со максимален износ на поддршка од 150.000 денари по земјоделско стопанство.

V

Средствата од дел I мерка 4 од оваа програма во износ од 1.000.000 денари ќе се користат за анализа на физичките и хемиските својства на почвата на земјоделски стопанства кои имаат извршени агрохемиски или педолошки анализи во 2021 година и тоа 70% од трошоците за анализа без данок на додадена вредност, но не повеќе од 9.000 денари по земјоделско стопанство.

VI

Средствата од дел I мерка 5 од оваа програма во износ од 10.000.000 денари за помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство ќе се користат согласно член 102 од Законот за земјоделство и рурален развој како дополнителна помош која се доделува на земјоделски стопанства корисници на директните плаќања.

Дополнителната помош се доделува на следните категории носители на земјоделски стопанства:

- дополнителна помош од 5% на правно лице регистрирано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства како земјоделско стопанство кое е основано од носителот или членот на семејно-земјоделско стопанство со целокупниот земјоделски имот на семејно-земјоделско стопанство освен објекти за домување или престојување на земјоделски производители;
- дополнителна помош од 10% на млад земјоделец носител на семејно-земјоделско стопанство;
- дополнителна помош од 10% за земјоделски задруги регистрирани во Регистарот на земјоделски задруги што се води во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно Законот за земјоделски задруги за остварено и продадено производство преку задругата и
- дополнителна помош од 20% на носител на семејно-земјоделско стопанство кој е регистриран вршител на земјоделска дејност согласно со Законот за вршење земјоделска дејност или е регистриран како индивидуален земјоделец согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Дополнителната помош се доделува на земјоделски стопанства корисници на директни плаќања кои имаат:

- од минимум 5 до максимум 50 ха пријавена површина од подмерката 1.1. од дел II на оваа програма со задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал,
- од минимум 1 до максимум 5 ха пријавена површина од подмерката 1.4. од дел II на оваа програма,
- од минимум 1 до максимум 5 ха пријавена површина од подмерката 1.7. од дел II на оваа програма,
- од минимум 1 до максимум 10 ха пријавена површина од подмерката 1.9. од дел II на оваа програма,
- од минимум 10 до максимум 50 грла говеда од подмерката 2.1. од дел III на оваа програма,
- од минимум 101 до максимум 500 грла овци од подмерката 2.7. од дел III на оваа програма,
- од минимум 50 до максимум 150 грла кози од подмерката 2.9. од дел III на оваа програма,
- од минимум 6 до максимум 50 грла-маторици од подмерката 2.11. од дел III на оваа програма и
- од минимум 50 до максимум 100 пчелни семејства од подмерката 2.17. од дел III на оваа програма.

VII

Дел од средствата од дел I мерка 6 од оваа програма во износ од 12.000.000 денари за помош во сточарскиот сектор се наменети за покривање на административни трошоци за воспоставување и одржување на матично книговодство и трошоци за испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во сточарството, согласно член 103 став (2) алинеи 1 и 2 од Законот за земјоделство и рурален развој, а средствата ќе се реализираат со јавен конкурс согласно член 60-б од Законот за сточарство кој го спроведува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

VIII

Средствата од дел I мерка 7 од оваа програма во износ од 1.000.000 денари се наменети за финансиска поддршка за складирање на пченица од домашно производство од род 2021 година.

Корисници на средствата од дел I мерка 7 од оваа програма се земјоделски стопанства евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства кои имаат пријавена површина со пченица согласно подмерката 1.1. од оваа програма и ја имаат предадено пченицата на складиштење кај складиштарите во период од 1 август до 1 септември 2021 година, со исклучок на земјоделските стопанства кои складираат за сопствени потреби.

IX

Средствата од дел I мерка 8 од оваа програма во износ од 200.000.000 денари ќе се користат согласно член 98-в од Законот за земјоделство и рурален развој за помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација за земјоделски стопанства.

Помошта од ставот 1 на овој член е во висина од 50% од трошоците на земјоделските стопанства за набавка на дизел гориво за земјоделска механизација, но не повеќе од 100.000 денари по земјоделско стопанство.

X

Средствата од дел I мерка 9 од оваа програма во износ од 15.000.000 денари ќе се користат од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за покривање на материјални трошоци за спроведување на оваа програма и тоа за: услуги за печатење на обрасци и информативни материјали и огласи потребни за спроведување на оваа програма, услуги за печатење и достава на известувања до барателите, услуги за проверка на трансакциски сметки на корисниците на оваа програма, набавка на гориво и патни трошоци за вршење на контролите на терен, како и трошоци поврзани со одржување на возилата, услуги за изработка, прилагодување и одржување на софтверски решенија за спроведување на оваа програма, услуги од надворешни експерти вклучително и ревизија на оваа програма, услуги за обезбедување на сателитски снимки наменети за контролите на терен, набавка на информатичка и техничка опрема наменета за спроведување на оваа програма вклучително и опрема потребна за спроведување на контролите на терен.

XI

Средствата од дел I мерка 10 од оваа програма во износ од 414.103.000 денари ќе се користат за исплата на финансиски средства за заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2012, 2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 година и заостанати обврски од Програмата за финансирање на активностите во тутунското производство за 2020 година.

XII

Корисници на директни плаќања од дел I мерки 1, 2, 3, 4 и 5 од оваа програма се земјоделски стопанства кои ги имаат намирено сите финансиски обврски согласно член 14-а од Законот за земјоделство и рурален развој.

Корисниците на директни плаќања од дел I мерка 2 од оваа програма се земјоделски стопанства кои имаат подмирени надоместоци и обврски кои произлегуваат од годишните наредби за здравствена заштита на животните и Законот за идентификација и регистрација на животните.

XIII

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерките 1 и 2 од оваа програма е утврден во член 4 од Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2021 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерката 3 од оваа програма е 31.8.2021 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерката 4 од оваа програма е 31.5.2021 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерката 5 од оваа програма е 31.5.2021 година, освен кога барањето се поднесува истовремено и за мерките 1.2., 1.7. и 1.9. за кои рокот е утврден во член 4 точки 2 и 3 од Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2021 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за мерката 7 од оваа програма е 15.9.2021 година.

XIV

Крајниот рок за почетокот на исплата на средствата по мерки и подмерки од оваа програма ќе се извршува според следниот распоред:

| Број на мерка | Број на подмерка | Почеток на исплата |
|---|---|---|
| 1. | 1.1., 1.2., 1.3., 1.16. | ноември 2021 |
| | 1.4., 1.5., 1.8. , 1.15. | февруари 2022 |
| | 1.6., 1.11., 1.12., 1.13., 1.14. | мај 2022 |
| | 1.7., 1.9., | ноември 2021 |
| | 1.10. | мај 2021 |
| 2. | 2.1., 2.2., 2.7., 2.8., 2.9., 2.10., | април 2022 |
| | 2.3. | јуни 2021 |
| | 2.4., 2.5., 2.6., 2.11., 2.12., 2.13., 2.19. | мај 2022 |
| | 2.17., 2.18., | март 2022 |
| | 2.14., 2.15., 2.16. | мај 2021 |
| 3. | / | март 2022 |
| 4. | / | март 2022 |
| 5. | / | јуни 2022 |
| 6. | / | декември 2021 |
| 7. | / | септември 2021 |
| 8. | | септември 2021 |
| 10. | / | јануари 2021 |

XV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“

Бр. 44-12496/1 – 20
16 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29, Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – м-р Татијана Лалчевска**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2021 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово.**
**ISSN 0354-1622**
**Цената на овој број е 190 денари.**